**Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје**

**Филозофски факултет - Институт за педагогија**

# Вреднување на програмските содржини по запознавање на природната и општествената средина во предучилишните установи

**-магистерски труд-**

**Ментор:**
**проф. Др. Никола Петров**

**Кандидат:**
**Виолета Саид**

**Скопје, 1996**

# Содржина


Вовед ........................................................ 7

**Дел I - Теоретска обработка на проблемот ................ 11**

1. Третман и поставеност на организираното институционално предучилишно воспитание и образование ........................................................ 12

2. Детето како партнер во воспитно - образовната дејност ........................................................ 18

2.1. Општествен аспект - заснованост ........................................................ 21

2.2. Педагошко - психолошка заснованост ........................................................ 23

2.3. Теоретско - педагошка заснованост ........................................................ 26

3. Запознавање на природната и општествената средина како воспитно - образовно подрачје ........................................................ 29

4. Извори за запознавање на природната и општествената средина ........................................................ 34

4.1. Природна и општествена средина ........................................................ 34

4.2. Работно - игровни средства ........................................................ 35

4.3. Наука ........................................................ 38

5. Програмска поставеност - структуираност на запознавање на природната и општествената средина ........................................................ 40

5.1. Видови програми за деца од предучилишна возраст 45

5.2. Причини за донесување на нови програмски основи 49

5.3. Курикулум - современи модели на програми и содржини ........................................................ 51

5.4. Отворен систем на воспитување - отвореноста на градинката услов за запознавање со природната и општествената средина ........................................ 55
5.5. Тематскиот курикулум - современа тенденција во планирањето на воспитно - образовната работа со децата ........................................ 58
6. Психо - педагошки основи на запознавање на природната и општествената средина ........................ 68
7. Анализа на програмските задачи, теми и содржини од воспитно - образовното подрачје ЗПОС ............ 72
7.1. Анализа на програмските основи од областа на оспитно - образовното подрачје ЗПОС .................. 75
7.2. Прва мала група ........................................ 79
7.3. Втора мала група ........................................ 82
7.4. Средна група ........................................ 86
7.5. Голема група ........................................ 90
8. Улогата на воспитувачот во реализацијата на конкретизацијата на воспитно - образовните содржини од воспитно - образовното подрачје ЗПОС ............ 94
9. Теоретски согледувања за проблемот на валоризација на програмските содржини по ЗПОС ...................... 103
**Дел II - Методологија на истражувањето** ........................ 110
1. Предмет на истражувањето ........................................ 111
2. Дефинирање на основните поими на предметот на истражување ........................................ 113
3. Цел на истражувањето ........................................ 116
4. Задачи на истражувањето ........................................ 117

5. Хипотези на истражувањето........................................ 119
6. Варијабли на истражувањето ........................................ 120
7. Примерок на истражувањето ........................................ 122
8. Методи, техники и инструменти на истражувањето........................................ 126

**Дел III - Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето** ........................................ 130

1. Потсетник за содржинската анализа на програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование ........................................ 131
2. Анализа на општите воспитно - образовни цели и задачи на програмата ........................................ 133
3. Анализа на програмските задачи и содржини кои се остваруваат преку слободните воспитно - образовни активности........................................ 137
4. Анализа на програмските задачи, теми и содржини кои се реализираат преку насочените активности од ЗПОС во прва мала, втора мала, средна и голема група........................................ 139
5. Улогата на воспитувачот при организирањето и реализирањето на насочените активности од воспитно - образовното подрачје ЗПОС ................. 140
6. Преглед на личната педагошка документација на воспитувачите (план и евиденција)........................... 142

6.1. Заклучок........................................ 150

7. Анализа и интерпретација на резултатите од систематското набљудување на воспитно - образовниот процес во предучилишните установи........................ 152

7.1. Заклучок........................................................................ 167

8. Анализа и интерпретација на резултатите од анкетирањето на воспитувачите................................ 169

9. Анализа на податоците добиени од интервју........... 188

9.1. Заклучок........................................................................ 194

**Дел IV - Заклучни согледувања и сугестии** ...................... 196

**Литература** ........................................................................ 201

**Прилози**.............................................................................. 214

*Можете да им ја дадете својата љубов,*
*но не и своите мисли,*
*зошто тие имаат сопствени мисли,*
*можете да ги одомите нивните тела,*
*но не и нивните души,*
*зошто нивните души престојуваат во домот на утрешнината,*
*која Вие не можете да ја посетите “дури ни во соништата”*
*можете да се стремите да бидете како нив,*
*но не настојувајте да ги направите слични на себе.*

***Калил Гибран***

# В о в е д

Светот околу нас секојдневно се менува по наша, нечија или ничија потреба и желба. Во менувањето учествуваме сите, сакајќи или не сакајќи, свесно или несвесно, осмислено или спонтано. Во секој случај менувањето е неминовен и задолжителен процес со двојно дејство. Светот влијае врз нас и ние врз него. Дел од овој свет е и предучилишното дете поврзано со видливи или невидливи нишки за средината што го опкружува и влијае врз него и неговата личност. Средината на предучилишното дете му овозможува најразновидни информации, сознанија, искуства, радост, задоволство, успех и неуспех. Средината што го опкружува предучилишното дете секогаш била важен фактор за неговиот раст и развој и во определени временски периоди имала примарно или секундарно значење. Во овој миг на живеење средината има примарно значење за животот, растот и развојот на предучилишното дете.

Во секој случај, предучилишното дете треба да биде опкружено со стимулативна, богата, хетерогена и интересна средина. Физичката и социјалната средина на предучилишното дете му овозможуваат услови за раст и развој, создавање слика за себе и светот што го опкружува, различни модели на однесување и можност за создавање свое мислење. Сиромашната средина или премногу богатата и стимулативна средина може да предизвикаат инхибиција или агресија кај определени деца.

Детето од своето раѓање и низ целиот свој живот ја запознава природата, предметите, луѓето и односите меѓу нив. Разбирањето и

усвојувањето на законите што владеат во природната и општествената средина е една од основните задачи на воспитно - образовниот процес воопшто. Тоа е тежок, трнлив и не така едноставен пат. Со неговото трасирање треба да се започне уште во предучилишниот период, кога предучилишното дете за првпат стапува во контакт со природата и со општеството. Предучилишниот период е време кога најчесто се мисли дека детето најмалку забележува и восприема "оти ништо не знае, дека сега може како сака, а подоцна сé ќе си дојде на свое место", всушност, тоа е секвенца од животот кога се поставуваат најцврстите темели на однесувањето на детето кон луѓето и природата што го опкружува.

Семејството е првата средина со која се среќава детето и во која ги стекнува првичните претстави, поими, знаења и искуства.

Во семејството тоа се прави спонтано и непланирано, додека во предучилишните установи стекнувањето на првите претстави, поими, знаења и искуства е планирано и организирано со определен интензитет, дозираност и обоеност.

Општествената и едукативната улога на предучилишната установа во Република Македонија се остварува преку секојдневното реализирање на Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование што е донесена од Републичкиот педагошки совет на седницата, одржана на 03.07.1982 година.

Периодот подолг од една деценија, деценија исполнета со бурни настани и промени во нашето општествено - политичко живеење, со нови сознанија и резултати од разни педагошки, психолошки, теоретски и емпириски истражувања и нови видувања за формирање креативна и творечка личност, укажува на потребата од создавање нова програма за предучилишно воспитание и образование. Во овој период ни се важни и неопходни сознанијата и информациите за тоа "што и какви ефекти има програмата, кај кои деца, и под кои услови тие ефекти се трајни. Изработката на нова предучилишна програма, а со тоа и структуирањето на нови програмски содржини е доста обемен и сложен процес, со што треба

да се позанимаваат повеќе луѓе - стручњаци, институции и установи од областа на предучилишното воспитание и образование.

Потребите и промените во општеството, недоволното искуство, неизградената теоретска основа и неразвиената научно - истражувачка работа беа доволна причина, предмет на истражувањето да биде “Вреднување на програмските содржини по запознавање на природната и општествената средина во предучилишните установи.”

За поуспешно теоретско согледување на проблемот најпрво се разгледува третманот и поставеноста на организираното институционално предучилишно воспитание и образование. Постоењето на предучилишните установи и Програмата не значат ништо без предучилишното дете, затоа во вториот дел ќе стане збор за детето како партнер во воспитно - образовната дејност.

Следува запознавањето со природната и општествената средина, како едно специфично и централно воспитно - образовно подрачје во воспитно образовната дејност со деца од предучилишна возраст.

Предмет на нашето истражување е воспитно-образовната област по запознавање на природната и општествената средина, па затоа е неопходно образложението за основните извори за согледување, запознавање и стекнување претстави, поими, знаења и искуства за природната и општествената средина.

Програмските основи на предучилишното воспитание и образование ги определуваат општите цели и задачи, а посебните цели и задачи на воспитанието и образованието се определуваат посебно за секое воспитно - образовно подрачје и за секоја воспитно возрасна група. Во овој дел ќе бидат разгледани целите и задачите од воспитно - образовното подрачје по запознавање на природната и општествената средина за сите деца поделени според возрасни групи.

За покомплексно согледување на проблемот ќе бидат изнесени психо - педагошките основи на планирањето, развивањето и конкретизирањето на програмските целини и содржини.

Во шестата точка ќе биде даден приказ за анализата на програмските задачи, теми и содржини од воспитно - образовното подрачје запознавање на природната и општествената средина, кои на секој степен од развојот на предучилишното дете се манифестираат на специфичен начин.

Тргнувајќи од сознанието дека улогата на воспитувачот е многу важна во процесот на реализација и конкретизација на воспитно - образовните содржини од воспитно - образовното подрачје запознавање со природната и општествена средина, ќе биде даден краток осврт на ликот на воспитувачот како партнер и насочувач во воспитно - образовниот процес. На крај ќе стане збор за примената, ефектите и искуството од Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование и тоа за воспитно - образовното подрачје запознавање на природната и општествената средина кај нас и во светот.

Во вториот дел од овој труд е даден приказ на методологијата на истражувањето со прикажување и објаснување на предметот, целите, задачите, хипотезите, варијаблите, примерокот на истражување, методите, техниките и инструментите користени при истражувањето.

Третиот - емпирискиот дел е анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето - анализа на резултатите од интервјуто, анализа на резултатите од прашалник - скалер, анализа на резултатите од систематското набљудување, анализа на педагошката и друга документација во предучилишните установи.

Во четвртиот дел се презентирани заклучните согледувања за валоризацијата на програмските содржини по запознавање на природната и општествената средина во предучилишните установи и генерален заклучок со некои предлози, насоки и сугестии за натамошни истражувања во однос на овој проблем.

На крајот од магистерскиот труд се содржани прилозите и списокот на користената литература.

# ДЕЛ I

# ТЕОРЕТСКА ОБРАБОТКА

# НА ПРОБЛЕМОТ

# 1. ТРЕТМАН И ПОСТАВЕНОСТ НА ОРГАНИЗИРАНОТО ИНСТИТУЦИОНАЛНО ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

Определени временски периоди се карактеризираат со определен однос и третман на предучилишното воспитание и образование. Во овој период слободно можам да кажам дека рејтингот на предучилишното воспитание и образование расте и тоа ќе го добие местото што го заслужува во единствениот систем на воспитание и образование, како и во општеството во целина, бидејќи со предучилишното воспитание и образование се поставуваат темелите на целата иднина на личноста, а и од квалитетот на предучилишното воспитание и образование зависи успешноста и дометот на идниот развој и учење на секоја личност.

Од ден на ден згрижувачката компонента го губи приматот, а воспитно- образовниот процес станува примарен и поважен, зашто детето може дабиде згрижено од секого, но предучилишната установа овозможува воспитно - образовен процес што го изведува соодветно стручно образовен кадар.

Организираното општествено институционално предучилишно воспитание и образование има општествен карактер по две основи.

Првиот фактор е семејството, што претставува основна клетка на општеството, а напредокот и опстанокот на секое општество зависи од грижата за развојот, учењето и воспитувањето на младите генерации т.е.

децата. Современото микро семејство сé помалку има време и можности за работа на развитокот и севкупниот потенцијал на детето, бидејќи "Воспитната улога на семејството, очигледно, зависи од низа фактори и разлики во содржината и стилот на подигањето и воспитувањето на децата како резултат на низа специфични услови." [1]

Затоа, како дополнување на семејното предучилишно воспитание и образование се јавуваат предучилишните установи, чие заедничко дејствување претставува општествено воспитување на предучилишните деца. Всушност општественото воспитание и образование на предучилишното дете претставува заемно дејствување на семејното предучилишно воспитание и образование и предучилишните установи со своите програмски основи за воспитание и образование на предучилишното дете. Според студијата на Хавелка "Породица, дете и дечји вртиќ" -"разлики постојат само во содржините, методите и степенот на организационите сложености во воспитната работа во детската градинка и семејството"[2].

Институционалното воспитание и образование на децата од предчилишна возраст, освен што се јавува како дополнување, во определени случаи се јавува и како замена за семејното воспитание и образование. Тоа овозможува и придонесува за изедначување на условите за развој на децата од различни семејни средини и обезбедува приближно изедначен старт за поаѓање во училиште. Исто така, институционалното предучилишно воспитание и образование овозможува извонредни услови за правилен и целосен психофизички развој на предучилишните деца, бидејќи станува збор за многу бурен биолошки развој и формативен процес.

Општествениот карактер на предучилишното воспитание и образование по втората основа е тоа што предучилишното воспитание и образование е првиот степен од системот на воспитание и образование и постои тесна поврзаност со основното воспитание и образование, но функциите

---

[1] Босилјка Ѓорѓевиќ, Савремена породица и њена васпитна улога, Просвета, Београд, 1985, стр. 61

[2] М-р. Душанка Лукиќ - Хавелка, "Породица, дете и дечји вртиќ", Дечје новине, Горњи Милановац 1985 год. стр. 14

на предучилишното воспитание и образование се многу покомплексни, бидејќи станува збор за повеќе сегменти од детскиот развој што се поврзуваат со низа други дејности од областа на културата, физичката култура, здравството и социјалата, притоа настојувајќи да се воспостави тесна соработка и координација.

Институционалното предучилишно воспитание и образование овозможува дружење, играње, учење, заедничко живеење, а сето тоа овозможува пријатни, а понекогаш и непријатни емоционални доживувања во процесот на адаптација и социјализација на детето.

Институционалното предучилишно воспитание и образование врши успешна подготовка на детето за поаѓање на училиште, што претставува значаен настан и голема пресвртница во животот на предучилишното дете. Под подготвеност за поаѓање во училиште се подразбира определена физичка и интелектуална зрелост и соодветно социјално - емоционално реагирање. Предучилишните институции со помош на систематска воспитно - образовна работа, придонесуваат детето физички и интелектуално добро да напредува, да стекне емоционална стабилност, да поседува чувство на одговорност и истрајност во работата и чувство на задоволство од успешно извршените обврски. Со еден збор кажано, организираното институционално предучилишно воспитание и образование врши солидна подготовка на предучилишното дете за натамошно школување и живеење.

Во предучилишните установи е потребна отвореност кон промените и редефинирање на целите и методите на воспитанието и образованието. Отвореноста може да биде просторна, временска, програмска и пред сé, отвореност во односите на воспитувачот и детето. Основната цел на "отвореното воспитание " е дефинирана "како поддржување на тоталниот развој на детето," а задачите се однесуваат на збогатување на сознанијата и стекнување на поимите, а "се нагласува негување на емоционалната сфера,

развитокот на физичките способности и разни облици на детското творечко изразување"[3]

Основа за секое учење е љубопитноста и внатрешната мотивација за сознанија што постојат кај секое дете. Курикулумот на програмата "отворено воспитание" содржи многу елементи од традиционалната програма. Содржините на програмата се интегрирани во целини според темите, а учењето се изведува по пат на откривање. Многу активности се одвиваат индивидуално или во помали групи. Не постои строго утврден распоред на активности според воспитно - образовни области. Работата се одвива во подолг временски период и постои симултано менување на активностите, а во изборот учествуваат и децата.[4]

Институционалното предучилишно воспитание и образование се изведува во предучилишните установи што се адаптирани ( не секогаш) според потребите и желбите на детето. Ентериерот и екстериерот ( не секогаш ) пригодно се уредени според возраста, интересите и потребите на предучилишното дете.

За подобро и порационално искористување на просторот во градинките проектантите, кои се занимаваат со проектирање на овие установи, би било пожелно и корисно да разговараат и да ги искористат согледувањата и укажувањата на вработените во предучилишните установи, со што ентериерот и екстериерот би биле попрактично и понаменски искористени. Наместо неискористените долги ходници и меѓу простори би можело да има "кино - простории" , "библиотека" , "мала работилница", "просторија за вршење разни експерименти", "ликовно ателје", "музичка просторија", "игрална со игротека", "просторија за престој на родители" и слично.

Тоа би биле простории што ќе овозможат поголема и поуспешна комуникација меѓу децата. Тие би стекнале повисоко ниво на осознавање и сознавање, би се добила поголема изразеност на детската креативност и

---

[3] Д-р. Емил Каменов, Експериментални програми за рано образовање, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд 1982 год. стр. 67

творечкиот потенцијал и можност предучилишното дете да се ослободи од анксиозноста, од внатрешните и надворешните конфликти и конфузии (лично согледување ).

Инвентарот во предучилишните установи е со соодветни димензии, но отсуствуваат веселите и разиграни бои, што придонесуваат и влијаат врз детското расположение и воопшто врз атмосферата во предучилишните установи. Во нив има многубројни и разновидни играчки, материјали за работа, спортски реквизити, катчиња за игра и разни работно - игровни средства изработени од самите воспитувачи.

Дворот на предучилишната установа е со зелени површини, во некои има песочник и разни реквизити за физички активности, а во поголем број на објекти нема, со што е ускратена една можност за игра, креативност и осознавање.

Општественото организирано институционално предучилишно воспитание и образование се остварува во предучилишните установи што се декларираат како работни организации за згрижување, воспитание и образование на предучилишните деца. Во истите се вработени повеќе профили, од кои воспитно - образовната работа ја врши квалификуван педагошки кадар со ВСП , ВШП и ССП. Вработените со ССП се малобројни, но во секој случај постои шаренило во однос на образованието на воспитувачите. За да се избегне шаренилото, да одиме во чекор со Европа и со светот и да се почитуваат научните сознанија веќе е подготвена теоретската основа и тоа со "Проекција за развојот, иновирањето и трансформирањето на системот на воспитание и образование во Република Македонија", како и со "Елаборат за едукација на воспитувачки кадри, наставници во предучилишните установи, основното образование - одделенска и предметна настава, средното образование и стручните соработници како служби во сите установи и потсистеми во РМ" подготвени од работни интердисциплинарни групи при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје - 1995 год. Со Елаборатот се предвидува подигање на

[4] Поопстојно за тоа види : Насоченото дело под број 3

степенот на образованието на воспитувачите од VI/1 на VII/1 со што ќе се избегне шаренилото во стручната подготовка на воспитувачите .

Ориентација во секојдневната работа на воспитувачите во предучилишните установи и насока за воспитно - образовната работа претставува "Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование", издадена од Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето - Скопје.

Оваа Програма е само основа "врз што треба да се подготви своја, според специфичните услови, потреби и можности во кои работи предучилишната установа"[5] Таа е ориентациона и доста флексибилна, остава простор за избор на теми и содржини, за измени и надополнувања, но времето, новите временски услови, новите стручно-научни сознанија се рефлектираат во сите сфери на живеењето, па затоа во текот на работата воспитувачите, педагозите и психолозите дојдоа до сознание дека нешто треба да се менува, корегира и во "Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилиш-ното воспитание и образование" или, пак, да биде заменета со нова програма или повеќе програми.

---

[5] "Програма за воспитно-образовна дејност во предучилишното воспитание и образование", Републички завод за унапредување на образованието и воспитувањето, Скопје, 1982 год., стр. 60

# 2. ДЕТЕТО КАКО ПАРТНЕР ВО ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

Предучилишната установа и Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование нема да имаат никакво значење и вредност без присуство на џагорот и смеата на предучилишното дете. Освен задолжителното присуство на детето, многу е важен неговиот третман и поставеност во процесот на воспитание и образование. Сé што се прави, се подготвува и се организира е за детето и затоа е многу битно да се утврди неговиот статус и улога. Улогата на детето во различни периоди од развитокот на предучилишната педагогија е различна, но новите научни сознанија за детските развојни потенцијали надоврзани на сознанијата на Ж. Пијаже, З. Фројд, Л, Виготски, К. Јанг и др. овозможуваат сé поголем придонес за третманот на предучилишното дете како учесник во сопствениот развој и како партнер - субјект во воспитно - образовниот процес.

Во Педагошката енциклопедија, во редакција на Д-р Н . Поткоњак и Д-р П. Шимлеша, под субјект се подразбира ".....единка која перцепира, чувствува, мисли, дејствува, личност која свесно ги искажува или објективизира своите особини низ сопствената дејност или практика....Воопштено може да се рече дека субјект е секој систем што е способен за саморегулација, т.е. кој низ интеракција со околината го осигурува своето одржување и функционирање, што своите егзистенцијални и развојни потреби ги објективизира низ својата практика".[6]

---

[6] Поткоњак, Д-р Н. и Шимлеша, Д-р П. "Педагошка енциклопедија 2", Београд, Завод за уџбенике и наставна средства; Школска књига, Загреб; Свјетлост, Завод за уџбенике и наставна средства, Сарајево; ООУР Издавање уџбеника и уџбеничке литературе, Титоград; Завод за издавање уџбеника, Нови Сад, 1989 год. Стр. 405

Субјектот содејствува и стапува во разновидни интеракциски односи со околината со што се укажува на неговата партнерска улога во животот и развојот во целост.

Во Современиот лексикон на странски зборови и изрази од Љубо Миќу-новиќ има кратко објаснување на поимот партнер ( англ. ) соученик во некоја игра, соиграч. [7] Ваквото објаснување се совпаѓа со партнерскиот однос на предучилишното дете во играта и во другите активности што се изведуваат во кругот на семејството и предучилишната установа. Поимите субјект и партнер се неделиви и се во тесна меѓусебна зависност. Што значи, да се биде субјект е исто што и да се биде партнер и обратно.

Предучилишното дете како субјект влијае:

1. Прво несвесно, а потоа свесно врз својот раст и развој;
2. Врз други субјекти -

а) најпрво во својот дом на своите родители, со што придонесува во менувањето на родителите како личности;

б) на децата и возрасните од својата непосредна околина со кои комуницира и

3. Врз себе индиректно или директно како посебен еко - систем.

Индиректното влијание се остварува преку односот на возрасните кон детето, а тоа влијае на неговиот однос кон возрасните, за повторно возрасните да влијаат врз детето. Така се создава круг во кој влијанијата и односите постојано се присутни и кругот никогаш не се затвора.

Директното влијание се состои од разни експериментирања што ги врши детето и со нив предизвикува промени на предметите и појавите околу него.

---

[7] Миќуновиќ Љубо, Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша книга, Скопје, 1990 год. Стр . 447

Предучилишното дете, како партнер - субјект, влијае врз непосредната околина, но и таа врши влијание врз него, при што се создаваат многубројни интеракциски односи што честопати го збунуваат и му создаваат дилеми, пречки и нејаснотии. Да се избегнат овие проблеми и да му се помогне на предучилишното дете неопходно е планско и организирано воспитно - образовно дејствување и насочување на детето. Во сегашниот начин на приоѓање и третман на детето имаме толкување дека тоа е партнер во процесот на воспитание и образование со тенденција за програмска концепција со која предучилишното дете ќе биде активен учесник во самиот процес на воспитание и образование.

Партнерството во воспитно - образовниот процес се остварува преку рамноправното учество на детето во реализацијата на сите воспитно - образовни аспекти, но, сепак, детето - партнер е само еден сегмент од воспитно - образовниот процес. Детето кога програмски е насочено и кога комуницира со околината, тоа го осознава светот околу себе и се развива како личност, како субјект кој врши влијание при насочувањето на целокупниот воспитно - образовен процес. Субјектот со својата индивидуалност дава можности за измени во програмата, за решавање на неговиот статус во процесот на воспитание и образование и за иницирање на прашањето за флексибилноста во постапките кон него. Ако се создадат можности и ако се исполнат претходно поставените барања, тогаш може да се развие творечка, креативна, хумана и слободна личност.

Да се согледа потребата од планско и организирано институционално воспитание и образование за растот и развојот на предучилишното дете треба да се овозможи правилен и организиран третман на детето.

Третманот на предучилишното дете е условен од следниве аспекти :

- Општествен аспект - (заснованост)
- Педагошко - психолошки аспект - (заснованост) и
- Теоретско - педагошки аспект - (заснованост)

## 2.1. Општествен аспект - заснованост

"Општеството е релативно стабилна целина, што значи дека тоа е во постојано движење, со поголеми или со помали промени меѓу елементите на неговата структура" [8], а воспитанието и образованието како значаен потсистем од глобалниот општествен систем, заземаат многу важно место во општеството. Целите и задачите на воспитанието и образованието се изведуваат од основните цели и вредности во општеството. Во нашето општество е застапена хуманистичката ориентација во воспитно - образовниот процес и тоа треба "да содржи 'ркулци - рационално јадро за промени на постојното кон поголема слобода на поединецот и заедницата во целина" [9], а овој период на транзиција кај нас токму тоа го овозможува. Индивидуата како член на соодветното општество има свое место, улога и задолженија во него. Врз секоја индивидуа во општеството влијаат повеќе фактори и механизми. За формирањето на една личност, покрај наследните особини, важно е и тоа во какво општество живее, што ѝ овозможува општеството и со какви активности се занимава индивидуата во тоа општество. Демократските и плуралистичките промени во земјата, промените и развојот во науката, техниката, технологијата и пазарната економија ќе постигнат најголеми резултати ако предизвикаат промени во културата на живеење, во третманот на личноста на детето, во надополнувањето на колективитетот и индивидуалитетот и ако доведат до создавање на демократско воспитно - образовен модел што ќе ги поддржува и ќе ги поттикнува индивидуалните и креативни потенцијали на личноста.

---

[8] Педагошка енциклопедија -1- во редакција на Д-р. Н. Потконјак и Д-р. П. Шимлеша, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд ; ИРО "Школска књига", Загреб ; СОУР "Свјетлост", ООУР "Завод за уџбенике и наставна средства, Сарајево ; Републички завод за унапређивање васпитања и образовања, ООУР издавање уџбеника и уџбеничке литературе, Титоград ; Завод за издавање уџбеника, Нови Сад 1989 год. Стр. 158

[9] исто стр. 159

Друга општествена зависност претставува и почитување на детската личност зацртана со " Конвенцијата за правата на детето ", чиј потписник е и нашата земја. Според :

- **<u>членот 12, став 1</u>** Државите потписнички ќе го обезбедат правото на детето кое е способно да формира свои сопствени погледи, слободно да ги изразува своите погледи во врска со сите прашања што се однесуваат на детето, а погледите ќе се ценат во согласност со возраста и зрелоста на детето.

- **<u>членот 13, став 1</u>** Детето ќе има право на слобода на изразување; правото ќе ја вклучува слободата да бара, да прима и да дава информации од сите видови без оглед на границите....

- **<u>членот 14, став 1</u>** Државите потписнички ќе го почитуваат правото на детето на слобода на мислите, свеста и вероисповеста.

- **<u>членот 16, став1</u>** Ниедно дете не може да биде изложено на произволно или незаконско мешање во неговата приватност, семејство, дом или преписка, ниту на незаконски напад на неговата чест и углед

- **<u>членот 29, став 1</u>** Државите потписнички се согласуваат образованието на детето да биде насочено кон:

  *а)* развојот на личноста на детето, талентот, менталитетот и физичките способности до нивните крајни можности [10] ...

Општествената заснованост ја сочинува семејството кое сé повеќе и повеќе се признава како примарно воспитно - образовна институција. Всушност, би требало да е така, но во време на политички превирања, трка за вработување и пари, доаѓа до препуштање на семејството само на себе, а децата доаѓаат во втор план. Родителите се презафатени сами со себе, им преостанува многу малку време за децата, за нивните потреби, барања,

---

[10] Конвенција за правата на детето. Југословенска комисија за соработка со УНИЦЕФ, СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование, ратификувана од страна на државите членки на ОН - 1989 год. 10, 11 и 19 стр.

интереси и желби. Динамиката на живеење, брзиот развој на науката, индустријата и техниката прават огромни чекори нанапред кои детето не може да ги следи. Детето е како во сендвич, станува нешто посебно, а не многу сфатено и прифатено, станува посебна општествена категорија со која може да манипулира и семејството и општеството. Во зависност од начинот на манипулирање со детето може да се формира личност која не е полезна ниту за себе ниту за човештвото. Затоа е потребен организиран, плански и институционален воспитно - образовен процес, во кој предучилишното дете ќе има соодветен раст, развој, насочување, слобода на мислата, похуман и пoслободен приод и доволен простор за креативност и индивидуализација.

## 2.2. Педагошко - психолошка заснованост

Овој вид заснованост се базира врз детските развојни потенцијали. Секое дете е посебна индивидуа со свој личен идентитет и со свои карактеристични белези. Белезите и индивидуалните разлики ги прават индивидуите различни едни од други. Индивидуалните разлики пак се условени од наследноста, средината и активностите на личноста. Ако се направи една хронолошка таблица - табела на научните сознанија за детските развојни потенцијали, на прво место ќе дојде мислењето дека детето е пасивно суштество кое не умее да размислува и не може да влијае врз предметите и настаните околу себе. Се сметало дека целокупниот развој на детето генетски е определен, а интелигенцијата е предодредена и фиксирана, се дури Маквикер не ја разобличил заблудата во однос на интелигенцијата, нејзиното функционирање и зависноста од средината ; Блум не ја дал својата интерпретација за нестабилноста на коефициентот на интелигенцијата во раната возраст и неговото значење за натамошниот развој и Брунер не го истакнал постоењето на интелигенцијата во најраната возраст и начинот на нејзиното искористување.

Според низа стручно - научни сознанија, интелектуалниот развој на човекот започнува уште пред неговото раѓање што значи дека постои тесна поврзаност меѓу биолошкиот развој на човекот и интелектуалната сфера. Оваа поврзаност, пак, бара соодветен третман при интеракциските односи на детето со околината. За вредноста на когнитивните потенцијали кај детето до седумгодишна возраст укажува и тоа дека “човековиот мозок до шестата година достигнува 90 % од тежината на возрасниот, што значи дека само 10 % од тежината добива во текот на следните години .....”[11], а, ако нема поттикнување и насочување од околината, “мозочните неурони, ако не се изградат во раното детство, ќе поминат низ нешто слично на мускулна атрофија и ќе се појави заостанување во развојот на целиот тој орган “, [12] а до колку има поттикнување и насочување од околината, се создава можност за формирање специјална рамнотежа меѓу телесните, менталните и социјалните влијанија во формативниот период.

Голем број истражувања укажуваат на зависноста на интелектуалниот развој од комуникацијата на детето со средината, од самата средина и од културата на самата средина. Пијаже, Брунер, Хант, Виготски, Монтесори, Подјаков, Запорожец, Леонтјев, Ељконин и др. го проучувале постоењето на мисловниот процес уште во најраниот период и неговата поврзаност со развојот на говорот. Ж. Пијаже, пак, дошол до сознание дека предучилишното дете е способно да размислува и да решава проблематични ситуации по пат на логичко размислување. Пијаже смета дека интелигенцијата и активноста се меѓусебно зависни и поврзани, а токму тоа укажува на потребата од планско и организирано воспитно - образовно дејствување врз предучилишното дете. Друго прашање, на кое Пијаже му обрнал внимание, е прашањето за улогата на средината врз интелектуалниот

---

[11] Митровиќ Д-р Даринка, Предшколска педагогија, Сарајево Завод за уџбенике, 1980 год. Стр. 14

[12] Каменов Д-р Емил, Ексоериментални програми за рано образовање, Завод за уџбенике и наставна средства,1982 год Стр. 14

развој. Според него, во средината на живеење и дејствување треба да се создаваат поволни услови за развој на интелигенцијата и когнитивните способности. Содржината на когнитивниот развој го прави, во прв ред, осознавањето на физичката средина каде што детето престојува и живее. Сознавањето треба да се одвива по непосреден пат, во средина што секогаш е привлечна и прифатлива, со доаѓање во допир со разни предмети и појави, со што на детето ќе му се овозможи да сознава, да ја задоволува својата љубопитност, да комуницира и да говори. Бидејќи средината е многу битна за овој труд, не смееме да ја изоставиме педагошката мисла на Л. Виготски за теоријата за стадиумите и нивната поврзаност со средината. "Приста-пувајќи кон проучување на секоја возраст, сметам дека, пред сè, треба да се запрашаме што ново се јавува на секоја возраст, односно што ново се создава во процесот на развојот на тој стадиум, а што не постоело на претходниот степен, бидејќи целиот процес на развој, се состои, како што се гледа, во прв ред, во тоа појавување на новото на секој степен од процесот. Новите елементи се јавуваат кон крајот на секоја возраст, како резултат на изминатиот развој во тој период ". [13] Па така развојот на способностите во секоја наредна фаза, според Виготски е резултат на развојот на претходната фаза.

Виготски дал голем придонес и при толкувањето на постоењето на индивидуалните разлики кај децата и нивната зависност од околината. За него е карактеристично истакнувањето на критичките точки во развојот на детето и потенцирањето на постоењето на временскиот период на нивното појавување. Систематизираните временски периоди зависат од детското индивидуално темпо при развитокот, а зависат и од социокултурната средина во која живее детето.

Сите овие сознанија укажуваат дека детето е посебна и специфична личност која припаѓа на средината во која живее и е дел од неа и затоа треба да добие соодветен и правилен третман во процесот на воспитание и

---

[13]Виготски, С. Лев, Развој, учење и игра ( избор трудови - книга втора ), Просветно дело, 1989 год. Стр. 100

образование согласно со детските развојни и индивидуални разлики и карактеристики.

## 2.3. Теоретско - педагошка заснованост

Општествено - економските и социјално-политичките промени во земјата, промените во семејството - микросемејство и потребите од формирање креативна и творечка личност се причини за вознемирување на духовите во однос на предучилишното воспитание и образование. Потребата од третман на детето како субјект наметнува барања за брзи, ефикасни и неодложни промени во педагошката теорија и практика. Неопходни се нови преиспитувања и валоризации на определени толкувања и погледи, како во педагошката теорија, така и во педагошката практика, важно е да се определи каков е односот на теоријата и практиката и како меѓусебно се надополнуваат. Потребно е преиспитување за тоа колку се почитуваат специфичностите на предучилишното дете, колку и како се почитува развојот на индивидуалноста, колку се почитува и се применува демократскиот и индивидуален приод кон предучилишното дете, што нуди и какви насоки дава предучилишната воспитно - образовна теорија за практична примена на дидактичко - методските барања, систематското структуирање на програмата и органзационата поставеност на воспитно - образовната работа со предучилишни деца.

Ако се проследи развојот на теоретската педагошка мисла, ќе се дојде до сознание дека во различни временски периоди личноста има третман и тоа во правец од индивидуалистичка кон социјална и колективистичка педагогија.

Доцното издвојување на предучилишната педагогија како самостојна наука не го намалува нејзиното значење, туку со право може да се каже дека тоа оди многу брзо напред и ги следи најновите курикуларно - развојни движења, притоа определувајќи се за третман на детето како партнер - субјект во процесот на воспитание и образование. Таа го застапува правилното толкување на човековата природа со индивидуализација и

демократизација на воспитно - образовните постапки. Новите истражувања и сознанија во предучилишната педагогија ќе ги надополнат празнините, ќе ги разјаснат нејаснотиите и дилемите во оваа област, со што педагошката наука ќе добие нови насоки, други димензии и поголема тежина, а футуролошката визија за иднината ќе вклучува во себе личности со сопствена самодоверба, динамика, флексибилност, интегритет, индивидуалност и демократичност. За да се потисне сето тоа треба да се најде нов приод, подобрени постапки и методи и насоченост на аспектите на развојот, бидејќи предучилишното дете не се подготвува за живот, тоа живее, твори и е во тесна соработка со средината и возрасните. За предучилишното дете нема вчера и утре, туку само денес, па затоа предучилишниот плански организиран воспитно - образовен процес треба да е отворен кон средината и животот воопшто.

"Институционализацијата на предучилишното воспитание го зголемува процесот на сегрегација на децата. Предучилишните установи, до колку се затворени кон општеството во име на професионализам, уште повеќе го издвојуваат воспитанието од животниот контекст, а децата ги затвораат во една колку и да е рафинирана, сепак, вештачка воспитна средина" [14], според видувањата на Александра Марјановиќ.

Отвореноста и демократијата одат заедно, ги исклучуваат крутоста, униформираноста и строгоста, ја наметнуваат потребата од флексибилност при изборот на содржините во планирањето на воспитно - образовната работа во согласност со детската возраст, потребите, барањата, интересите и желбите на децата, а сето тоа да се усогласи и да се изведе преку игра со што децата ќе ги стекнуваат основните сознанија.

Воспитно - образовната работа треба да овозможи развој на личноста, опфаќајќи ги сите аспекти и функции на развиток, притоа избегнувајќи ја сестраноста на знаењата, туку развитокот на функциите со кои тие знаења ќе се усвојуваат по потреба на предучилишното дете.

---

[14] Марјановиќ, Д-р Александра, "Дете - партнер у свету одрас-лих". Предшколско дете, Београд, бр. 1-4, 1987, 172 стр.

Педагошката теорија овозможува развиток на одделни специфични потенцијали кај предучилишното дете, при што е неопходна употреба на специфични воспитни постапки што ќе овозможат определена акцелерација и амплификација на соодветно поле. Ова, пак, од своја страна бара познавање на развојот и индивидуалните специфичности на децата од предучилишна возраст од страна на сите теоретичари и практичари на предучилишната педагогија, а истовремено потребно е и промена на ставот за можностите на децата од сите кои работат со нив и за нив.

Од досега изнесеното може да се заклучи дека педагошката практична мисла бара пообмислен и покомплексен приод што ќе даде подобри резултати и поголемо задоволство од работата со предучилишното дете и ќе овозможи детето да биде почитуван и рамноправен партнер и субјект во процесот на воспитно - образовната работа.

# 3. ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ПРИРОДНАТА И ОПШТЕСТВЕНАТА СРЕДИНА КАКО ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНО ПОДРАЧЈЕ

Во различни програми за предучилишно воспитание и образование запознавањето на природната и општествената средина, како воспитно-образовно подрачје, зазема различно место, најчесто измената се врши со физичкото воспитание. Без разлика кој го има приматот и на кого се надоврзуваат и се надополнуваат и другите воспитно-образовни подрачја, сé што се прави и сé што се случува се случува во природната и во општествената средина. Според Педагошката енциклопедија -2, "средина е сé што опкружува некој систем (најчесто: човекот или животното), што не му припаѓа, а коегзистира со него. Средината влијае врз состојбата на однесувањето на организмот (влијанието може да има привремени или трајни последици), а организмот со своето однесување, намерно или ненамерно, ја менува средината што го опкружува."[15]

Поради својата важност, средината била и ќе биде значаен предмет за разгледување во предучилишното воспитание и образование. Уште многу

---

[15] Педагошка енциклопедија -1- во редакција на Д-р. Н. Потконјак и Д-р. П. Шимлеша, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд ; ИРО "Школска књига", Загреб ; СОУР "Свјетлост", ООУР "Завод за уџбенике и наставна средства, Сарајево ; Републички завод за унапређивање васпитања и образовања, ООУР издавање уџбеника и уџбеничке литературе, Титоград ; Завод за издавање уџбеника, Нови Сад 1989 год. Стр. 384

одамна значајни идеи, мисли и погледи дале многу познати педагози класици како, што се:

1. Ф. РАБЛЕ (1494 - 1553) - смета дека детето треба да "ги посети" дрвјата и растенијата за да ја запознае околината.
2. Ј. А. КОМЕНСКИ (1592 - 1670) - мисли дека процесот осознавање започнува со набљудувањето и забележувањето во природата.
3. Ж. Ж. РУСО (1712 - 1778) "... ниту една друга книга, освен природата, ниту друго образование, освен фактите"
4. Ж. Х. ПЕСТАЛОЦИ (1744 - 1827) - има многу влијателен став за запознавање на околината и е поврзан со мислењето дека идејата доаѓа од предметот, а интелектот се достигнува преку осетот.
5. Ф. ФРЕБЕЛ (1782- 1852) - е голем љубител на природата. Децата во неговите градинки, поголемиот дел од времето за престој го минуваат во природа и на свеж воздух. Тој смета дека децата треба да се култивираат како растенијата и на децата им е неопходен контакт со природата, дури препорачува работа во градина за да можат да воспостават непосреден допир со природата, со најголемиот учител на луѓето.
6. К. Д. УШИНСКИ (1824 - 1870) - посебно го подвлекува огромното значење на природната и општествената средина - "природата е еден од најмоќните фактори во воспитувањето на човекот."
7. ДЈУИ (1859 - 1952) - како претставник на новата школа, нагласува дека на детето му е неопходно во процесот на воспитание и образование да има соработка со својата заедница.

Кај сите горенаведени педагози се забележува мислењето дека природната и општествената средина се многу важни и имаат голема улога во развојот и растот на предучилишното дете. Видувањата за природата се менуваат, природата се менува, а со тоа се менува и нашиот однос кон неа, затоа претставата за природната и општествената средина кај предучилишното дете треба да се создава со воочување, согледување, запоз-

навање и осознавање на истата во различни ситуации и во различни временски периоди.

"Запознавањето на природната и општествената средина се определува и сé дефинира како низа интеракции меѓу детето и сé пошироките и посложените аспекти на околината, врз основа на кои детето постепено ја изградува својата слика за светот и истовремено ги развива своите психички и физички функции". [16]

Запознавањето на природната и општествената средина е долготраен процес, започнува од самото раѓање и трае цел живот. Во тој процес човекот со своето постоење и со својата активност врши промени и ја менува природата и себеси, истовремено вршејќи промени и менувања на целокупното човештво. Со заемната интеракција и менувањата предучилишното дете ги развива своите психофизички функции и способности и посуштествено ги запознава природните и општествените појави и законитости што владеат во природата и во општеството. Надворешните влијанија на природата се поттикнувачки за внатрешната активност на децата и се резултат на интересите, потребите, желбите и природните законитости. Секое дете има свој индивидуален приод кон природната и општествената средина, па затоа ја сфаќа, ја доживува и ја интерпретира на својствен детски начин.

Спојот меѓу детето и околината има свој редослед. Детето најпрво ја прифаќа улогата на исполнувач, што му ја наметнува социјалната средина, потоа станува свесно за подредената општествена улога што ја има, за на крајот да учи според своја лична програма (што самото дете ја определува) со што учи и спознава спонтано.

Процесот на запознавање на природата и околината поаѓа од самото дете, но најчесто и самата средина придонесува за тоа. Влијанието на средината е многу значајно, секогаш видливо. Според Виготски, развојот на

---

[16]М. Пешиќ, Концепција и можности за реализација на програмите по ЗПО, Предшколско дете, бр. 1, 1981 год. Београд, стр. 18

говорот кај детето зависи од тоа дали се зборува во околината со богат или со сиромашен говор.

Развојот на говорот или развојот воопшто кај предучилишното дете може да биде различен и попречен поради социјална, културна или здравствена депривација. Да се избегне депривацијата, да се поттикне спонтаното сознавање неопходно е личната програма на детето да биде насочувана од страна на возрасните и воспитувачите. Тие треба кај предучилишното дете да ја искористат љубопитноста и пројавениот интерес и не треба да се чека некој соодветен момент или прилика. Детскиот интерес и љубопитност најпрво се насочени кон најблиските, кон членовите на семејството и домот, потоа детето го шири својот видокруг кон соседите и соседството, улицата, другарите, возрасните, кон предучилишната установа, делот од местото во кое живее, кон родното место и кон пошироката околина. Со запознавањето на околината детето спонтано и многу непосредно осознава, го збогатува своето искуство, стапува во разни односи и контакти, како со децата, така и со возрасните, доживува најчесто пријатни, а понекогаш и непријатни емоционални доживувања.

Процесот на сознавање и учење кај предучилишните деца за да биде полесен, поинтересен и пооргинален возрасните треба да покажат доволно слух, разбирање, доверба, трпение, време и љубов. Честите, понекогаш безбројни и досадни прашања треба внимателно да се сослушаат и да се дадат точни и навремени одговори, со што детето ќе се здобие со нови знаења и искуства и ќе го задоволи “природниот глад” за сознанија. Но, тоа не значи на детето да му се дозволи сè што сака да прави, а честото употребување “не фаќај, не играј; да не се извалкаш и да не се повредиш, може да биде причина детето да не се интересира за некои предмети и дејства.”[17] Дури и примената на забраната треба да биде осмислена и неповредлива, со што детето нема да се иритира, туку едноставно ќе сфати дека не треба така да прави или така да се однесува.

---

[17] 17) Д-р Никола Петров “Детето во природата и околината”, Детска радост, 1987 год. Стр. 34

Што значи, запознавањето со природната и со општествената средина, како воспитно-образовно подрачје, има голема улога и значење врз развојот и формирањето на детската личност, затоа треба да се има предвид развојот на детската личност со сите карактеристики, потребите на детската личност за сознавање и откривање на природните и општествените појави и причинско - последичните врски меѓу нив. Затоа се неопходни содржини за реализација и конкретизација што ќе одговараат на можностите, потребите и интересите, желбите, барањата, индивидуалните развојни карактеристики, ставовите и мислењата на децата, содржини што ќе ја покренат внатрешната и надворешната мотивација и ќе ја задоволат потребата од позитивна интеракција меѓу воспитувачот и детето.

# 4. ИЗВОРИ ЗА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ПРИРОДНАТА И ОПШТЕСТВЕНАТА СРЕДИНА

Сознанијата и различните податоци за запознавање на природната и општествената средина може да се најдат на повеќе места, што обично ги нарекуваме извори. Изворите служат за непосредно и посредно сознавање на природните и општествените појави и односи и нив најчесто ги делиме на три вида:

1. ПРИРОДНА И ОПШТЕСТВЕНА СРЕДИНА
2. РАБОТНО - ИГРОВНИ СРЕДСТВА
3. НАУКА

## 4.1.Природна и општествена средина

Во природата и во околината предучилишното дете забележува, набљудува и осознава најразновидни предмети, појави и настани што кај него предизвикуваат љубопитност и восхит што најчесто се изразени со слушање, допирање и разгледување на предметите, со гледање на појавите и следење или земање учество во настаните.

За предучилишното дете природата е извор на убавина, восхит, уживање, задоволство и извор на бои, мириси, форми и звуци. Шарениот и убав цвет може да биде причина за поставување безброј детски прашања “каде”, “како”, “зошто”, “кога”, “што” и други. Детската љубопитност нема крај, а “природниот глад” за сознанија може да ја задоволи само природата.

Природната средина е непосреден извор за запознавање на предметите, појавите и настаните, а општествената средина е извор за сфаќање на односите на луѓето, нивната работа, нивните потреби и општествените настани во кои учествуваат самите деца.

Со меѓусебната тесна испреплетеност и природата и општествената средина се непосреден и вистински извор за здобивање претстави, поими, знаења и искуства што му се неопходни на предучилишното дете за да го разбере светот и она што се случува околу него и пошироко.

## 4.2. Работно - игровни средства

Втор извор за запознавање на предучилишните деца со природната и општествената средина се работно - игровните средства што може да бидат најразлични и користени од страна на децата, родителите, воспитувачите, соработниците и др. Многу е важно поставувањето на триаголникот воспитувач (родител) - дете - работно - игровно средство.

Работно-игровните средства се посредници и поттикнувачи на разни видови психофизички активности кај детето. Начинот на кој ќе бидат употребени работно - игровните средства зависи од упатствата дадени од возрасните. Постојат наменски и ненаменски работно - игровни средства, нивната поделба е различна, но најчесто, според Анка Дошен - Добут и Милена Ролер -Халачев е следнава:

- дидактички материјали и играчки за запознавање на околината,
- визуелни средства,
- аудитивни средства и
- аудиовизуелни средства.

# Дидактички материјали и играчки за запознавање на околината

"Основна функција на дидактичките материјали и играчки во запознавање на околината е на децата да им се овозможи на еден привлечен, интересен и прифатлив начин да се збогатат со определен фонд на прет-стави, поими, знаења и искуства, за природната и општествената средина, како и да ги прошират стекнатите знаења и искуства и на тој начин да дојдат до нови сознанија, за предметите, појавите и процесите во општествената средина." [18]

Дидактичките материјали и играчки, според својата функција, намена и значење се поливалентни, а поливалентноста се огледа во тоа што едно исто работно - игровно средство придонесува за развојот на различни психофи-зички особености, способности, знаења и вештини. Квантумот од дидак-тички материјали и играчки не треба да биде гаранција за успешна воспитно - образовна работа. Во предучилишните установи најчесто во воспитно - образовната работа во запознавањето на околината се применуваат макети за објекти, животни, растенија и слично; дидактички играчки, домино, разновидни играчки од катчињата за игра и др.

# Визуелни средства

Во оваа група спаѓаат "сите средства што децата ги користат со помош на сетилото за вид, и тие во однос на димензиите можат да бидат дводимензионално и тродимензионално обликувани" [19], а во однос на дидак-тичката примена можат да бидат статични и динамични, па затоа се поделени на дводимензионални статични, дводимензионални динамични и

[18] Д-р Никола Петров, "Детето во природата и околината", Детска радост, Скопје, 1987год. Стр. 82

[19] Стандарди и нормативи за играчките, средствата и матери-јалите за воспитно - образовната работа со деца од предучлишна возраст, Републички завод за унапредување на образованието и воспи-тувањето, Скопје, 1986 год. Стр. 30

тродимензионално статични и тродимензионално динамични.

Основната функција на овие средства е што се користат за систематско набљудување на стварноста со сите нејзини особености и карактеристики што го опкружуваат детето. Во групата на визуелни средства спаѓаат : разновидни објекти и предмети земени од околината и природата, природното катче во кругот на предучилишната установа, календарот на природата, дидактичките слики, апликациите за пано, фланелографот и магнетографот, сликовниците, литературните дела и списанијата за деца од предучилишна возраст, поезијата и прозата за деца, приказните, сказните, басните, дијапозитивите и дијафилмовите, слајдовите, немиот филм, тематските илустрации и др.

## Аудитивни средства

"Овие средства придонесуваат со помош на сетилото за слух да ја осознаваат објективната стварност, да ги доживуваат музичките изведби и да обезбедуваат ориентација и комуникација во животот." [20]Аудитивните средства според својата намена може да бидат наменски и разновидни во тонски и звучни ефекти. Снимките на касети, магнетофонски ленти и грамофонски плочи со репродуктивен карактер на децата им ги доловуваат : шумовите, тоновите, звуците, бучавата, звучните сигнали ономатопејата, звучните природни појави, гласовите, говорот, драматизацијата, музиката, пеењето на птиците и др. Со овие средства во определени ситуации може да се поттикнат и да се стимулираат децата за да ги воочат природните и општествените појави и подобро да ја запознаат природната средина. За при-мена на аудитивните средства воспитувачот треба да е подготвен и умешен, а предучилишната установа да има доволен број на радиотехнички средства.

[20] исто стр. 30

## Аудио - визуелни средства

"Оваа група средства ги обединува сликите, зборовите и движењата и истовремено влијаат врз развојот на перцепциите за вид и слух кај детето" [21] Со овие средства се врши спој на звучната репродукција и сликовната проекција, со што предучилишното дете може да се запознае со настан или со појава што не е достапна за непосредно набљудување или што се случиле во минатото или ќе се случи во иднина.Важноста на овие средства се зголемува со тоа што овозможуваат проширување на детскиот видокруг од областа на природата, околината, традицијата, културата, техниката и науката. Филмовите, телевизиските емисии наменети за децата од предучилишна возраст, видео - рекордерите, видео - касетите и компјутерите спаѓаат во аудио - визуелни средства што треба да се користат во предучилишните установи и да им се достапни на децата.

## 4.3. Наука

Трет извор за осознавање на природната и општествената средина е науката." Таа е една од основните творечки дејности и извор на сознанија што ја развил и ја усовршил човекот." [22]

Науката поради својата сложеност и важност треба да се применува со сите нејзини сознанија, законитости, категории и со целокупното

---

[21]исто стр. 31

[22]Педагошка енциклопедија -1- во редакција на Д-р. Н. Потконјак и Д-р. П. Шимлеша, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд ; ИРО "Школска књига", Загреб ; СОУР "Свјетлост", ООУР "Завод за уџбенике и наставна средства, Сарајево ; Републички завод за унапреѓивање васпитања и образовања, ООУР издавање уџбеника и уџбеничке литературе, Титоград ; Завод за издавање уџбеника, Нови Сад 1989 год. Стр. 528

систематизирано знаење за појавите или аспектите на стварноста. За децата од предучилишна возраст науката е неопходна, но таа треба да биде приспособена на детската возраст, зашто определени сознанија и законитости не може да ги сфати и да ги разбере предучилишното дете. Сето тоа што го нуди науката мора да биде понудено и искажано на најдостапен и разбирлив начин, со содржини што одговараат на детската возраст, детските можности и интереси. "Вистинскиот пат на осознавање е во објективното претставување на стварноста без манипулација на науката." [23]

Изборот на содржини во ова воспитно - образовно подрачје е доста сложена и одговорна работа и треба да биде усогласен со програмските содржини. Избраните содржини треба да се групираат според теми што ќе се расчленуваат и ќе се конкретизираат преку дневните оперативни планови. При определувањето на содржините треба да се внимава на големите индивидуални разлики што постојат меѓу децата. Разликите се темелат врз психофизичката зрелост кај децата, врз нивните индивидуални можности, а зависат од различните поттикнувачи. Со правилниот избор на содржина од природната и општествената средина може силно да се влијае врз растот, развојот и формирањето на детската личност, врз стекнувањето и проширувањето на детското искуство и врз развивањето на неговите способности и можности.

Во секој случај, за кој и да е извор да станува збор сознанијата што ги овозможуваат за природната и општествената средина се автентични и ја отсликуваат вистинската стварност.

---

[23]Гогоска М-р Ленка, Фактори за успех во учењето, книга за наставници, родители, ученици, студенти, Скопје, 1993 стр. 5

# 5. ПРОГРАМСКА ПОСТАВЕНОСТ - СТРУКТУРИРАНОСТ НА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ПРИРОДНАТА И ОПШТЕСТВЕНАТА СРЕДИНА

Воспитно - образовната работа со деца во предучилишните установи навидум изгледа лесна и едноставна, бидејќи целата работа и учење имаат изглед на игра со белег на спонтаност, слободен избор, адаптирање на детската возраст и индивидуалните разлики. Сепак, во предучилишната установа нема ништо стихијно и импровизирано, туку зад целата работа стои добро осмислена организација, планирана систематска работа на воспитувачот во договор и соработка со предучилишниот педагог и психолог.

За правилно извршување на секојдневната работа, неопходно е постоење на програмски основи на воспитно - образовната работа. Елементите што ја сочинуваат структурата на програмските основи се :

1. Воспитно - образовните цели;
2. Активностите со што се реализираат воспитно - образовните
3. Програмските содржини на воспитно - образовната работа;
4. Модулите (во кои ќе бидат структуирани овие елементи).

Пред да поминеме на објаснување на елементите на структурата сметам дека треба да се објасни структура или структуираност на програмата. Различни автори имаат различни видувања за поимот структуираност, но најчесто структуираноста го означува степенот на

надворешната организираност и програмираност на детските активности. Стрктуираноста може да значи дека содржините и видовите на активности на децата и воспитувачите однапред се програмирани и временски испланирани. Вајт структурата ја дефинира како предвидливост на однесувањето на детето, воспитувачот или на двајцата.

1.Воспитно - образовните цели обично се дефинираат врз база на психолошките сознанија на развитокот на детето. Целите обично се дефинирани врз основа на постојниот вредносен систем и потребите на децата и општеството во кое живеат. Целите треба да ги опфатат особините и ставовите на личноста, способностите и вештините, знаењата и искуствата, што треба да ги стекнат и да ги развијат, и тоа во областа на телесниот, социо - емоционалниот и морален развој, а истовремено да се развива креативноста, иницијативноста и самостојноста кај предучилишното дете.

Воспитно - образовните цели се делат на :

- ОПШТИ И
- СПЕЦИФИЧНИ

Општите цели се однесуваат на личноста во целина и претходно споменатите аспекти на развојот, додека специфичните цели се издвојуваат од општите цели и се поврзуваат со активностите, а преку активностите се поврзуваат со содржините, што сите заедно ги формираат модулите.

Активностите со што се реализираат воспитно - образовните цели при конструирањето на системот на воспитно - образовните активности треба да појдат од начинот на кој децата ги изградуваат личните особини и ставови, од начинот на кој ги развиваат вештините и способностите, како ги стекнуваат знаењата и искуствата, при што треба да се има предвид зошто ќе служи активноста и освен развојното значење, какво е и нејзиното практично значење. Како целите, така и активностите во програмските

основи треба да бидат разработени до определен степен на општост, врз основа на повеќе критериуми.

Еден од основните критериуми за избор, структуирање и разработка на активностите треба да биде нивното поврзување со целите на воспитанието и образованието воопшто. На пример, за цели со кои сакаме да го зајакнеме телесниот развој, би било неопходно предвидување и планирање на моторички, перцептивни и здравствено - хигиенски активности.

Посебно внимание треба да се посвети на детската игра, како основна активност, со која децата се развиваат и учат во предучилишната возраст. Во Програмата стои: “Играта ги задоволува биолошките и психолошките потреби на детето и придонесува за неговиот физички, ментален, емотивен, социјален и морален развој.” [24] Што значи, играта може да биде присутна во секоја активност, со што ќе бидат применети сите видови игри - функционални игри, игри на улоги, игри со готови правила, конструктивни игри и игровни активности. Со примената на сите видови игри, играта ќе биде еден од основните начини за остварување на програмските цели и задачи, што произлегуваат од функцијата на предучилишното воспитание и образование.

Вториот критериум за систематизирање на активностите треба да биде согледувањето според социјалниот радиус на децата ( индивидуални, по парови и колективни ), според степенот на детската самостојност (самостојни активности по избор на децата, насочени и комбинирани ) и според тоа каде ќе се изведуваат (во семејство, во институција, во општествена средина, природа и др…..)

Почитувањето на критериумите ќе значи правилно определување на активностите со што ќе се остваруваат воспитно - образовните цели во

---

[24] Програма за воспитно-образовна дејност во предучилишното воспитание и образование, Републички завод за унапредување на образо-ванието и воспитанието, Скопје, 1982 год. Стр.88

предучилишното воспитание и образование, а со самото тоа и постигање на завидни педагошки резултати во работата со предучилишните деца.

Програмските содржини на воспитно - образовната работа - избирањето на програмските содржини за воспитно - образовната работа во предучилишното воспитание и образование е доста деликатна работа, особено што воспитно - образовните содржини треба да бидат подготвени на тој начин што ќе поаѓаат од начинот на кој луѓето го собираат, преработуваат, средуваат, толкуваат и го пренесуваат своето искуство, односно своето знаење и умеење и, притоа, имајќи предвид дека тоа има два меѓусебно поврзани и условени аспекта и тоа информативен и формативен. Содржините треба да имаат своја теоретска и практична компонента, временска и просторна димензија и треба да бидат според детските можности, да ги сфатат и да ги асимилираат, од една страна, и според општите филозофски проблеми, етичките поставки, нормите и правилата за однесување во општеството, естетските категории и видовите уметност, природните и општествените науки и информациските системи со што можат да се служат децата од друга страна.

- Модули за структуирање на програмските цели на активностите и содржините - едно од решенијата што најмногу би одговарало на сите барања за структуирање на програмските основи е структуирањето во облик на низа модули.

Всушност, што е модул ?

Според Емил Каменов, " модул е единица програма, што сама во себе ги содржи основните концепциски барања, а може да се комбинира и со други такви модули". [25]

Модулите може да бидат поголеми или помали единици, а во зависност од потребите, модулите може да бидат :

---

[25]Емил Каменов, Методички дани "90 зборник радова из васпитно - образовне праксе предшколских радника Р.Србије, Нова просвета, Београд, 1991 год. Стр. 237

а) модули на активности,

б) модули на содржини и

в) модули за посебни програми.

При изработката на модули неопходно е да се почитуваат следниве клучни барања :

1. При изработката на секој модул потребно е максимално да се почитуваат барањата што ги пропишува концепцијата за предучилишно воспитание и образование;

2. Секој облик на предучилишно воспитание и образование да се дефинира со минимална комбинација модули, со што ќе се дефинира основната функција на соодветниот облик на предучилишно воспитание и образование.

Од ова произлегува дека програмската структуираност е комплексна работа, па оттука и пројавеното големо внимание и интерес за воспитно образовните содржини од страна на стручно - научната јавност т.е. теоријата и практиката.

# 5.1. ВИДОВИ ПРОГРАМИ ЗА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

Разните приоди и тенденции овозможуваат и разлики во концепирањето и структуирањето на програмите и програмските основи кај децата од предучилишна возраст. За определување на концепциите на програмите важна улога одиграле бихевиористичкото и феноменолошкото сфаќање за човекот. Александра Марјановиќ современите воспитно - образовни програми ги дели на две големи групи :[26]

1. хуманистички програми и

2. функционални програми

Со хуманистичките програми се овозможува или се потпомага развитокот на целата личност " од внатре кон надвор"(J. Dewey), а тоа се постигнува со збогатување на средината и насочување на развитокот на индиректните методи, што се карактеристични за матурациско - социјализацискиот и когнитивно - развојниот приод.

Целта на функционалната програма е поголема во "развивање на одделни определени способности и умеења за кои се верува дека се непосредно применливи во школското учење или во идната професионална

[26]Види поопстојно во Д-р. Емил Каменов, "Експериментални програми за рано образовање", Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1982 год. и во Д-р. Емил Каменов "Предучилишна педагогија 1", Просветно дело, Скопје, 1988 год.

дејност", што се постигнува со примена на директни методи "зајакнување однадвор" (J. Dewey) по пат на инструкции .[27]

Ако се земат предвид приодите кон детето, разните трендови во многубројните идеи и нивните комбинации, како најсоодветен критериум за поделба на програмите е земен нивниот однос кон развојот на детето во целост со акцент на општиот развиток.

Кога станува збор за општиот развој на предучилишното дете, програмите се делат на три групи и тоа:

1. МАТУРАЦИСКО - СОЦИЈАЛИЗАЦИСКИ,

2. КОГНИТИВНО - АКАДЕМСКИ И

3. КОГНИТИВНО - РАЗВОЈНИ.

Матурациско - социјализациските и когнитивно - развојните програми се вбројуваат во категоријата на хуманистичко феноменолошки програми, додека когнитивно - академските припаѓаат во групата на функционалните бихевиористички програми. Секоја од овие програми има свои карактеристики.

1. МАТУРАЦИСКО - СОЦИЈАЛИЗАЦИСКИТЕ ПРОГРАМИ се минимално структуирани и "насочени кон детето", со тоа што главен акцент се става на нивната спонтаност, независност и иницијативност. На овие програми им се блиски програмите од типот "отворени школи" и "програми за збогатување" а и други програми што на игровните активности и на "природниот" социо - емоционален развиток им даваат приоритет над когнитивниот развиток и планираните образовни активности.

2. КОГНИТИВНО - АКАДЕМСКИТЕ ПРОГРАМИ обезбеду-ваат успех и го надополнуваат "културниот дефицит" со однапред предвиден план на лекциите. Целокупната иницијатива е во рацете на воспитувачот, а од детето се очекува послушност и адаптибилност. Овој вид програми

[27]Д-р. Емил Каменов, "Експериментални програми за рано образовање", Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1982 год. Стр. 37

најчесто се темели врз школската традиција и врз недостатоците утврдени во детскиот развој и учење, со цел за непосредно надополнување или нивно отстранување.

3. КОГНИТИВНО - РАЗВОЈНИТЕ ПРОГРАМИ се засноваат врз основа на психолошките теории, делумно се структуирани, а на воспитувачот му се објаснуваат когнитивно - развојните цели и му се даваат општи упатства за збогатување на средината, активностите и содржините што ќе бидат во согласност со конкретната ситуација и со децата. Текот на активностите најчесто е потпомогнат со самонасочената активност на децата.[28]

Овие програми имаат примена во предучилишните програми што се реализираат во институции. Во групата на институционални програми попознати се:

1. **HEAD START - PROGRAM** - најпознатa компензаторска програма;

2. **FOLLOW - THROUGH - PROGRAM** - програма за следење;

3. **AUTOTELIC RESPONSIVE ENVIRONMENT PROGRAM** - програма што по пат на дејствување на средината се прилагодува на детето;

4. **ENRICHMENT PROGRAM** - програма за збогатување;

5. **EARLY TRAINING PROJECT** - проект за рано вежбање;

6. **INDIVIDUAL TUTORIAL LANGUAGE PROGRAM** - поединечна "туторска" програма за развој на говорот;

7. **LANGUAGE INTERVENTION PROGRAM** - програма за интервенција во областа на говорот;

8. **YPSILANTI EARLY EDUCATION PROGRAM - K.KAMI** - ипсиланти - програма за рано образование;

9. **YPSILANTI PERRY PRESCHOOL PROJECT - D.VICART** - ипсиланти Пери предучилишен проект.

---

[28] поопстојно види : Д-р. Никола Петров, "Детето во природата и околината", Детска радост, Скопје, 1987 год.

Покрај оваа група програми постои и друга голема група програми со што се врши влијание врз детскиот развој и учење, а тоа се програмите што влијаат преку семејството и другите фактори на кои детето наидува во својата околина. Попознати програми од овој вид се следниве:

1. **BLOOMINGDALE FAMILY PROGRAM** - Блумингдејл - семејна програма;

2. **SUPPLEMENTARY KINDERGARTEN INTERVENTION PROGRAM** - дополнителна интервенционална програма на детската градинка;

3. **PARRENT INTERVENTION PROGRAM** - програма за родителска интервенција;

4. **HOME VISITING PROJECT** - проект за домашна посета;

5. **VERBAL INTERACTION PROJECT** - проект за вербална интер-акција;

6. **INFANT EDUCATION PROJECT** - проект за детско образование;

7. **YPSILANTI HOME VISITING PROJECT - D. VICART** и **D. Z. LEMBIJA** - проекти на домашни посети.

И едниот и другиот вид програми сакаат да му помогнат на предучилишното дете во неговиот развој и учење, а и на предучилишното воспитание и образование како дејност од посебен општествен интерес.[29]

---

[29]Никола Петров, "Детето во природата и околината", Детска радост, Скопје, 1987 год. Стр.40

# 5.2. ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НОВИ ПРОГРАМСКИ ОСНОВИ

Причините што доведуваат и придонесуваат за донесување нови програмски основи се од општествен и стручен карактер.

1. ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОСНОВИ И ПРОМЕНИ

Многубројните промени во општеството во целина, барањата Република Македонија да биде самостојна, демократска, суверена, развиена и современа држава како дел на Европа и светот, директно се одразуваат и врз самиот систем на воспитание и образование, односно и врз неговиот почетен систем - предучилишното воспитание и образование. Регулативата во оваа област за основа треба да ги има меѓународните стандарди и конвенции, а особено Конвенцијата за правата на детето од ОН.

Други општествени причини што одат во прилог за измена на програмските основи се и демографските промени настанати во Република Македонија, а тоа се промените во семејството и семејните односи, промени во процесот на работата и работното време и зголемената потреба општеството да преземе поголем број функции што досега ги вршеше семејството. Во најскоро време треба да се преиспита и начинот на финансирање на воспитно - образовната дејност, а со самото тоа да се преиспита и начинот на финансирање на предучилишното воспитание и образование, со создавање можности за развивање на приватната иницијатива и да се овозможи развивање на најсоодветни организациони форми на предучилишно воспитание и образование со можност да се задоволат потребите, интересите и можнос-тите на децата, родителите и општествената заедница.

# 2. СТРУЧНО - НАУЧНИТЕ СОЗНАНИЈА КАКО ПРИЧИНА

Истражувањата што се извршени во текот на последната деценија и резултатите добиени од тие истражувања, како кај нас, така и во светот, укажуваат на фактот дека е неопходно иновирање на постојните програмски основи во областа на предучилишното воспитание и образование и се забележани определени недостатоци во самиот документ според кој се одвива воспитно - образовната дејност, како, на пример, строга поделба на содржините според воспитно - образовни области и децата според возрасни групи, запоставување на низа содржини што имаат големо значење за развитокот на предучилишните деца, има изоставување на некои поглавја без кои, според најновите педагошки сфаќања, не би смеела да биде ниту една воспитно - образовна програма.

Неопходно е да се истакне дека стручните причини за донесување нови програмски основи, особено ги поткрепуваат добиените резултати од научните дисциплини што се занимаваат со развојот и учењето на предучилишните деца од различни аспекти: предучилишната педагогија, методиката на воспитно - образовната работа, развојната психологија, социологијата на образованието, антропологијата, медицината и другите научни дисциплини.

# 5.3 КУРИКУЛУМ - СОВРЕМЕНИ МОДЕЛИ НА ПРОГРАМИ И СОДРЖИНИ

Под КУРИКУЛУМ најчесто се подразбира низа од документи во кои се вградени модели на програми и содржини со определена комбинација формални и неформални искуства стекнати во воспитно - образовниот процес. Курикулумот, всушност, е развојна програма што по пат на нејзината реализација овозможува сопствен развој и промени. Моментално, како најактуелна и најинтересна развојна програма, може да се земе “Програмата за предучилишно воспитание” во Квебек - Канада.[30] Според оваа Програма секоја личност треба да се почитува без разлика на возраста. Постоењето на повеќе програми за предучилишно воспитание и образование укажува на недостатоците од постоење на апсолутизирано програмирање на воспитно - образовниот процес.

Развојната програма не ги определува конкретно содржините, им дава поголемо значење на принципите, целите и задачите во воспитно - образовниот процес и создава можности за развој на процесот на вреднување на програмата.

Во Европа е позната Компаративната студија за различните видови на курикулуми и нивните резултати подготвени од J. Zimmer (Цимер), кој смета дека и покрај релативното согласување околу општите цели на предучилишното воспитание и образование, постојат големи разлики меѓу програмите за рано образование во поглед на специфичностите на задачите,

---

[30] Програм предшколског васпитања (превод на програмата од Квебек - Канада),Институт за педагогију и андрагогију - филозофски факултет - Београд, библиотека “Педагошки приручници” 1993 год.

содржините и самиот едукативен процес. Тие зависат од тоа во каков меѓусебен однос се целите на програмата и критериумите за нејзиното проценување. Посебно се критикувани “функционалните” и “предметно - насочените приоди” со аргументација дека “психичките функции” претставуваат апстракција што нема директни врски со сложените околности какви што се ситуациите во реалниот живот.

Па затоа курикулумот, што има за цел само унапредување на определени категории, ризикува да биде извештачен. Имајќи ги предвид разните недостатоци на курикулумите и проблемите на кои се наидува при нивната разработка, Цимер го предлага формирањето на курикулум врз основа на следниве принципи:

1. Поврзување на курикулумот со реалните животни ситуации. Разните сознанија за растенијата и животните добиваат поголема смисла во курикулумот кога се поврзани со еколошкото и економското значење за луѓето, притоа, вклучувајќи го и самото дете. Една од импликациите на овој принцип е избегнувањето на традиционалното делење на природни и општествени науки.

2. Десколаризација при стекнување на искуство и десколари-зација на воспитно-образовниот процес. Курикулумот се состои од целини што се насочени од определени ситуации, и водени од животно реалните потреби и се адаптираат на конкретни околности и на индивидуалните можности на децата.

3. Применување на инструменталните вештини во социјалниот контекст. Со стекнувањето на вештините, знаењата и умеењата не може да се совладаат проблемите што се наоѓаат во реалниот живот, затоа треба кај предучилишното дете да се развива автономност и создавање слика за себе.

4. Соработка меѓу воспитувачите, родителите и научните работници во концепирањето, структуирањето, реализирањето и валоризи-рањето на ефектите од курикулумот. Соработката меѓу воспитувачот и родителите не смее да се сведе само на родителски состаноци, средби и повремени посети.

Родителите треба да бидат активни учесници во одредувањето на "целините" во кои треба да се вклучат и многу содржини за родителскиот дом - семејството. Потребна е соработка меѓу воспитувачот и научните соработници со цел полесно премостување на расчекорот меѓу теоријата и практиката.[31]

Во основата на курикулумот пожелно е ситуационото планирање, што го почитува детето како личност, неговите потреби, интереси и барања, возрасно - развојните карактеристики и индивидуалните способности, но не во смисла на педоцентризам. Предучилишното дете оваа основа го сведува на интеракција со околината и го почитува когнитивно - развојниот пристап. Според својата суштина основата на курикулумот е истовремено амплифи-каторска и акцелераторска.

Ако се почитуваат принципите и ако воспитувачот со струк-туирањето ги реши проблемите што се однесуваат на :

- Прашањето во кој обем треба да бидат структуирани материјалите, искуствата, активностите и учеството на секое дете во нив, притоа да му се помогне во подоброто снаоѓање и разбирање на околината;

- Прашањето за обемот во кој воспитувачот непосредно ќе дејствува помагајќи му на детето да стекне определени претстави, поими, знаења и способности во областа на вербалниот развој, визуелната и аудитивната перцепција и моторичката координација, тогаш воспитувачот во целост ја извршил својата задача на едукатор.

Во секој случај треба да се напомене дека "структуираноста" на Програмата повеќе му е потребна на воспитувачот отколку на детето, затоа што му помага на воспитувачот да ги реализира воспитно - образовните задачи во соодветните активности.

---

[31]поопстојно види во Д-р. Емил Каменов,"Експериментални програми за рано образованје", Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1982 год. стр. 141

Предучилишниот курикулум најчесто го прават воспитно - образовните области што се составен дел на програмата, додека рамката на курикулумот може да се опише како збир на меѓусебно поврзани воспитно - образовни подрачја. При изработка на курикулумот треба да се подготви експлицитен и имплицитен нацрт [32] кои ќе бидат основа на истиот.

Според Александра Марјановиќ, отворениот курикулум, заедно со тематскиот курикулум, се најдобрите курикулуми што можат да ја менуваат поставеноста на организирањето на воспитно - образовните цели и задачи во предучилишните програми, според потребите, барањата, интересите, желбите и можностите на предучилишните деца.

[32]Поопстојно види во Marsh J. Collin "Курикулум темелјни појмови" Едука, Загреб, 1994 год.

# 5.4. ОТВОРЕН СИСТЕМ НА ВОСПИТУВАЊЕ- ОТВОРЕНОСТА НА ГРАДИНКАТА УСЛОВ ЗА ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ПРИРОДНАТА И ОПШТЕСТВЕНАТА СРЕДИНА

Предучилишната установа нема да ја исполнува својата задача на организација за прифаќање, згрижување, воспитување и образование на деца ако постои само за себе, со своите недостатоци и проблеми. Концепцијата за "отворен систем на воспитание" улогата на градинка ја гледа од сосема поинаков агол отколку другите традиционални програми. Предучилишните установи се заедничко место за живеење на предучилишните деца, затоа треба да бидат отворени кон внатре и кон надвор. Отвореноста кон внатре подразбира сите врати на градинката да бидат отворени за децата, да можат слободно да одат од просторија во просторија, од група во група, од катче во катче, со што ќе се задоволат потребите од запознавање на ентериерот и екстериерот на предучилишната установа, запознавање и комуницирање со децата и возрасните, а со самото тоа предучилишното дете ќе се запознае себеси и ќе ја развие свеста за себе. Во предучилишната установа постои отвореност кон потесната (семејството) и пошироката општествена средина. Отвореноста подразбира живост, зголемена фреквенција на луѓе во градинката кои се заинтересирани за предучилишните деца и воопшто за оваа дејност, а со тоа децата "ќе имаат можност да видат различни модели на живеење, однесување, комуницирање и начини

на разрешување на основните животни проблеми" [33] За разлика од децата, возрасните, пак, кои ќе влезат во градинката имаат можност да го збогатат својот педагошки потенцијал и со своите способности и потенцијали можат да го изменат и да го збогатат своето искуство за работа со предучилишните деца.

За да се изгради мостот на доверба, заемно разбирање и комуницирање меѓу предучилишната установа и непосредната блиска околина, вработените во предучилишните установи ќе мораат да се потрудат да создадат пријатна психолошка и педагошка атмосфера со чувство дека сите се повикани за децата и за нивното добро. За да се постигне сето тоа потребно е да има соопштенија за сѐ што се случува во градинката, мора да има постојано фитбек информации, воспитувачот треба да овозможи интеракциски односи меѓу заинтересираните и секој потенцијал да го искористи бидејќи возрасните многу им значат на децата во градинката.

Пред да се реализира некоја соработка (прошетка до зоолошката градина) за тоа треба да се подготвени и двете страни и предучилишнта установа и зоолошката градина. Вратите на предучилишната установа треба секогаш и за секого да бидат отворени, посебно за родителите. Тие го оставаат најмилото во градинката и никој повеќе од нив не мисли за своите деца, затоа забраните од каков и да се вид немаат место во предучилишната установа, не забрани, туку заедничко договарање за доброто на децата кои се заеднички, како би рекле и НАШИ и ВАШИ. Во предучилишната установа потребна е отвореност кон промените и редефинирање на целите и методите на воспитанието и образованието. Отвореноста може да биде просторна, временска, програмска и, пред се, отвореност во односите воспитувач - дете. Основната цел на "отвореното воспитание" е дефинирана како "поддржување на тоталниот развој на детето", а задачите се однесуваат на збогатување на сознанијата и стекнување на поимите "се нагласува

[33] Татјана Павловски и сарадници, "Тематско планирање у дечјем вртиќу", Институт за педагогију и андрагогију, Филозофски факултет - Београд, 1992 год.

негување на емоционалната сфера, развиток на физичките способности и разни облици на детското творечко изразување"[34]

Основа за секое сознавање и учење е љубопитноста и внатрешната мотивација за сознанија што постојат кај секое дете. Курикулумот на програмата "отворено воспитание" содржи многу елементи од традиционалната програма. Содржините на програмата се интегрирани во целина според темите, а учењето се изведува по пат на откривање. Активностите се одвиваат индивидуално или во помали групи и не постои строго утврден распоред на активности според воспитно - образовни области. Воспитно - образовната работа се одвива во подолг временски период и постои симултано менување на активностите, а во изборот учествуваат и децата.

Децата теоретското мислење го градат врз основа на искуството што го стекнале со експериментирањето[35], прошетките, средбите и воопшто со комуницирање во природната и во општествената средина.

Отворениот систем на предучилишно воспитание и образование бара поголема флексибилност од предучилишната установа и вработените во неа, а тоа значи градинката да биде за децата и нивните потреби, а не за вработените и родителите. Кога се отворени вратите на предучилишната установа тогаш се поголеми можностите во неа да влезат нови идеи, нови видување и нови заеднички уживања.

---

[34]Др. Емил Каменов "Експериментални програми за рано образовање", Завод за уџбенике и наставна средства, Беград 1982 год. страна 67

[35]Др. Емил Каменов "Експериментални програми за рано образовање", Завод за уџбенике и наставна средства, Беград 1982 год.

# 5.5. ТЕМАТСКИОТ КУРИКУЛУМ - СОВРЕМЕНА ТЕНДЕНЦИЈА ВО ПЛАНИРАЊЕТО НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА СО ДЕЦАТА

Планирањето на воспитно - образовната работа во предучилишната установа е нужна, неопходна и задолжителна работа.Тоа подразбира постојано осовременување, примена на новите научни сознанија, одење во чекор со промените и со потребите на општеството, усогласување со психофизичкиот развој на детето и усовршување на системот на комуникација. Планирањето не е просто редење на тематски целини и содржини, тоа има подлабока смисла и значење и затоа се користи аналитичко - синтетичкиот пат на планирање. За да се исполни горенаведеното нужно е да се примени тематскиот курикулум, односно тематското планирање. Тоа е специфична концепција за воспитание и образование. "Тематското планирање на воспитно - образовната работа е вид на програма што најчесто ја нарекуваат интегрален, интердисциплинарен проблемски пристап." [36] На овој вид планирање крајна цел не му е знаењето да биде збир на информации, туку децата да стекнат претстави, поими, знаења и вештини сами да дојдат до информации и самостојно да изнајдат начин како да ги конструираат тие знаења, а сето тоа да се постигне преку интеракција со

[36] Татјана Павловски и сарадници, "Тематско планирање у дечјем вртићу", Институт за педагогију и андрагогију, Филозофски факултет - Београд, 1992 год. стр. 12

возрасните и работно - игровниот материјал што се наоѓа во предучилишната установа.

Во овој начин на планирање треба да земаат учество децата заедно со воспитувачите и со родителите, во зависност од нивните мотивации, потребите, интересите и можностите. Сите заедно, освен што планираат треба и да ги координираат и да ги реализираат активностите. Крајниот ефект од ова планирање би било развивање на индивидуалност, самостојност и автономност кај предучилишното дете.

Според тематскиот курикулум и неговата концепција предучилишната установа е место за живеење и партнерско дружење на децата и возрасните. Предучилишната установа е отворена кон внатрешната и кон надворешната средина, што значи дека не треба да постои просторна и функционална ограниченост.

Појдовни основи за тематското планирање на воспитно - образовната работа со децата од предучилишна возраст се следниве:

1. Општите педагошки и психлошки сознанија и хуманистичката торетска концепција;

2. Основите на програмата за воспитно - образовна дејност и

3. Општествено - економските можности и етнолошкото и социо - културното миље.

Главните елементи на овој начин на планирање што треба да ги има во основите на програмата за воспитно - образовна дејност со деца од предучилишна возраст се :

- Целите на воспитно - образовната работа;

- Потребите и интересите и

- “Животните теми”.

Според тематското планирање прва компонента на програмата би биле целите што може да бидат поделени на општи и поединечни. Општите или долгорочните цели се следниве:

а) Индивидуалност,

б) Самостојност,

в) Зачувување на детското здравје и поттикнување на телесниот развој,

г) Креативност,

д) Дружељубивост,

ѓ) Емоционална стабилност и развивање на свеста за себе и

е) Стекнување на знаење и умеење.

Поединечните или краткорочните цели се добиваат со анализа на непосредно пројавените потреби и интереси на децата, воспитувачите и родителите како основни чинители на предучилишната установа. Без разлика за кој вид цели станува збор, тие меѓу себе се комбинираат и се надополнуваат, едните не ги исклучуваат другите и што е најважно треба да се дефинираат од аспект на практиката, а не декларативно.

Втората компонента на тематското планирање се потребите и интересите. Тие потекнуваат од децата, воспитувачите и родителите. Не е најважно да се дознае што ги интересира децата, туку нивниот интерес треба да биде точка од која ќе се појде во планирањето. Детските интереси и прашања се варијабилни, често површни и краткотрајни, но може да бидат темелни и да траат подолго време. До колку интересот за нешто е постојан и трае подолго време, значи дека станува збор за некоја основна потреба. Потребата, всушност, ќе ја создаде идејата за определување соодветна тема. Пројавената потреба ја создава идејата, на која, ако се надоврзе педагошкото и психолошкото знаење и искуство ќе се дојде до”животната тема”. За да се определи дали потребата и пројавениот интерес довеле до создавање на вистинската “животна тема” ќе треба да се направи анализа на потребите искажани преку интересите и да се види каков квалитет имаат, дали се повторуваат и дали создаваат висок енергетски потенцијал.

Децата покажуваат лепеза на најразлични интереси па затоа програмските содржини во тематското планирање треба да се изберат од сите домени на стварноста - од науката, работата и производството, уметноста, спортот, сообраќајот, културата, обичаите и др. За да се надополни сликата за светот треба да се додадат и содржините што го одра-

зуваат светот на детето и општеството во кое живее, бидејќи секоја генерација на деца има свои видувања и интереси.

Третата компонента на која е засновано тематското планирање се "животните теми". Тие се дефинирани како "збир на долготрајни интереси за определена содржина, што се одраз на желбите или потребите за разрешување на основните животни и развојни проблеми, што, наедно, обезбедуваат високо мотивационо ниво". [37]

Темата, всушност, е групирање на сродни содржини на една заедничка мисловна целина. Темите може да произлезат на неколку начина:

- Со помош на родителите,
- Со помош на самите деца,
- Со користење на набљудувањата и забелешките на воспитувачот и
- Со анализа на пошироките општествени збиднувања.

На овој начин подготвените теми се многу разновидни, и тоа, како според својата општост, така и според својата природа.

Темите се делат на "постојани" и "непостојани" теми.

"Непостојаните" теми обично се избегнуваат од страна на децата, а и од страна на возрасните, но во секој случај воспитно - образовната работа со деца мора да ги вклучува и овие теми, бидејќи сакале или не и тие се дел од нашето живеење и битисување (секојдневие).

При изборот на темите треба да се почитуваат следниве правила:

- Воспитувачот поаѓа од интересите и потребите на децата, но и сам ги создава;
- Идејата за теми се добива од стварноста или од развојните задачи на соодветната возраст;
- Карактеристиките и специфичностите на возрасно - воспитната група;

---

[37] Татјана Павловски и сарадници, "Тематско планирање у дечјем вртићу", Институт за педагогију и андрагогију, Филозофски факултет - Београд, 1992 год. стр. 18

- Темите треба да се разновидни и на репрезентативен начин да ја претставуваат стварноста;
- Темите да се избираат со можност да зафатат повеќе од еден развоен аспект;
- Темата може да биде формулирана како наслов;
- Двете теми, претходната и следната мора на природен начин да се надоврзуваат т.е. да има природен влез и излез од тема во тема;
- Разградената тема на децата треба да им се понуди како можност и
- Темата може да се започне на најразлични начини.

Честопати актуелноста на некој настан, доживување или одраз на детскиот начин на живеење ги создава "актуелните" теми што обично се со краток век.

За реализација и конкретизација на тематските планирања потребно е да се исполнат следниве услови:

- Психолошки (демократско воспитание);
- Педагошки (отворен систем на воспитание) и
- Физички (еластична организација на живеење).

Психолошките услови ќе бидат исполнети, до колку во предучилишната установа има демократска атмосфера во однос на начинот на одлучување, комуницирање и заштита, ако има партнерски креативен и толерантен однос и одговорноста е поделена на сите. За да се задоволат психолошките услови предучилишната установа треба да е оргнизирана на соодветен начин кој ќе одговара на педагошките норми [38]

Ваквото тематско планирање бара и соодветно организирана средина за престој, игра и учење, со што треба да бидат задоволени и физичките услови. Просторијата за дневен престој е дел во кој се изведува воспитно - образовниот процес и влијае, како врз воспитувачите, така и врз децата. И

---

[38] Поопстојно види за тоа во овој труд во одделот "Отворен систем на воспитување" на стр. ???

едните и другите треба да се прилагодат на архитектурата на предучилишната установа, на целиот простор, на распоредот, положбата и бројот на вратите и прозорците, на висината на таванот и изолацијата на ѕидовите. Да се разбие едноличноста и монотонијата секој воспитувач "може да ги изрази своите особености со помош на распоредот и уредувањето на просторијата"[39] Просторијата за дневен престој со својот изглед и распоред треба да им овозможува на децата :

а) Да седат во занималната таму каде што најмногу им одговара;

б) Да седи до другарчето со кое е најблиско и има позитивен емоционален однос;

в) Да е функционална во однос на распоредот на масичките, столчињата и играчките;

г) Воспитувачот треба свесно да се служи со боите на ѕидовите, прозорците, вратите, завесите, мебелот и играчките и да ги користи нивните можности;

д) И на крај многу е битно каква е собната температура. Високата температура некои деца ги раздразнува, се потат и се чувствуваат непријатно, додека ниската температура, пак, развива потреба од поголема активност, агресивност и негативно однесување. Што значи, температурата во просторијата за дневен престој треба да е оптимална.

Установата треба да има просторија во која може да се експериментира и твори со различни материјали и да се игра. Соработката со родителите треба да е на завидно ниво, децата можат да позајмуваат играчки и да ги носат дома, а од дома да носат нивни веќе употребувани играчки и предмети. Децата треба да ги користат сите простории во градинката и да има хоризонтална проодност од просторија во просторија, групите може да бидат мешовити, но бројот на децата да не е поголем од 25. Во групата треба да има постојано присуство на родители, студенти, волонтери, баби или дедовци и покрај присуството на други лица во

---

[39] Marsh J. Collin "Курикулум темељни појмови" Едука, Загреб, 1994 год. стр. 31

предучилишната установа воспитувачот е тој кој ја има креативната, партнерската и посредничката улога. Со помош на децата и другите присутни во групата ја креира средината и е катализатор и еден вид посредник до сознанијата. Децата треба да ги научи на самостоен избор на работно - игровни средства и на истрајност во однос на определена задача. Воспитувачот треба да биде и добар психолог, да умее да ги проценува и да ги согледува проблемите и тоа како од социјален, така и од емоцинален и сознаен аспект. Воспитувачот во текот на воспитно - образовната работа треба да набљудува и да проценува, а на децата не треба да им држи предавања. Од методите за работа најмалку треба да ги користи вербалниот метод и методот на демонстрирање.

Соработката со родителите треба да потекне од градинката т.е. од воспитувачот, а кога родителите ќе се зближат и ќе стекнат доверба сами ќе преземаат определена иницијатива и соработка.

Во однос на планирањето воспитувачот прави макро и микро план. Во рамките на планирањето постојат неколку линии што се протегаат истовремено или сукцесивно. Една од линиите е тесно образовна, втората е глобалната линија на планирање, третата ги покрива можностите за соработка со родителите и четвртата е прагматичната линија. Процесот на планирање е цикличен, но воспитувачот секогаш треба да го има предвид макро и микро планот за да може воспитно - образовниот процес да се одвива систематски, континуирано и организирано. [40]

---

[40]За тематското планирање поопстојно види во :Татјана Павловски и сарадници, "Тематско планирање у дечјем вртиќу", Институт за педагогију и андрагогију, Филозофски факултет - Београд, 1992 год.

При подготовката на тематскиот курикулум се користи оваа шема:




Шемата не би била оригинална, ако за добивање нови теми воспитувачот почесто не ја користи интегралната техника “Бура во мозокот”, со што добива нови идеи што треба, да не ги памети, туку да ги запишува во нотес и да ги користи при планирањето. Планирањето и разработувањето на една тема би изгледало вака:




Темата "Пролет" е интересна и соодветна за сите возрасти на децата од предучилишна возраст. Реализацијата и конкретизацијата на оваа тема може да започне најразлично, во зависност од креативноста и идеите на воспитувачот. На пример, може да започне со куклена претстава "Добре дојде, пролет мила".

Во малата група може да се реализираат поттемите "Пролет во градот", "Пролет на село", "Природата се разбуди" и "На пазар". Со овие

поттеми трба да се збогатуваат детските сензорни искуства и да се воочуваат карактеристиките на пролетта.

Во средна група може да се додадат и поттемите "Пролетни свечености" и "Го уредуваме дворот". Со овие поттеми треба да се збогатува детското искуство и знаење, стекнување на определени работни навики и да се поттикнува детската креативност и творештво.

Во големата група помалку интересните поттеми може да се изоставaт, но треба да се стави акцент на убавината и радостите што ги носи пролетта, на стекнувањето работни навики и развивањето на натпреварувачкиот дух кај децата преку разни натпреварувачки игри. Колку време ќе трае реализирањето на оваа тема ќе зависи од возраста на децата и нивниот интерес.

Од досега изложеното може да се заклучи дека тематското планирање дава можност за спонтано и насочено вклучување на сите деца во воспитно - образовната работа, без разлика дали станува збор за повеќе или за помалку надарени деца. Со овој вид планирање на децата им се дава можност да воочуваат, откриваат, сознаваат, експериментираат и да стекнуваат определени претстави, поими и знаења, а со тоа да ги развиваат своите способности, умеења и вештини сврзани со детските потреби, барања, интереси и можности.

# 6. ПСИХО - ПЕДАГОШКИ ОСНОВИ НА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ПРИРОДНАТА И ОПШТЕСТВЕНАТА СРЕДИНА

Детето уште со раѓањето стапува во контакт со средината, од неа прима разни визуелни, акустички и тактилни дразби. Тоа подоцна прима определени податоци и искуства што ги обработува и доаѓа до првите сознанија. За детето сé е ново и чудно, затоа тоа се интересира, набљудува и се восхитува. Предметите од непосредната околина може да го предизвикаат детското љубопитство, па така обичното камче може да биде предмет на опсервација, тактилна манипулација и игра. Играњето и манипулирањето во различни ситуации ненаметливо и многу спонтано носат знаења и искуства за средината и светот што го опкружува детето.

Детето, не само што ја набљудува живата и неживата природа, ги набљудува и возрасните и тоа најпрво од потесната, а потоа и од пошироката средина. Заемното живеење е проследено со воспоставување најразлични интеракциски односи, и тоа на релацијата возрасен - дете, дете - дете и дете - возрасен, со што се овозможува детето да стекне определено социјално искуство.

Со растот и развојот на детето се зголемува и расте неговата љубопитност, а тоа, пак, од своја страна бара поголема активност, усвојување, разбирање и користење на говорот, развивање на процесот на внимание, помнење, мислење и стапување во разни интеракциски односи со возрасните и децата.

Со зголемената љубопитност се зголемува и бројот на прашањата што ги поставува детето, го интересираат посложените појави и нивните

причини, но честопати детето прави обиди само да дојде до одговор, притоа користејќи го искуството и сличностите. Честопати низ играта, имити-рањето и поддржувањето на возрасните, детето создава нови и оригинални ситуации што, ако внимателно се следат ќе се сфати желбата за сознание и активност кај предучилишното дете. Тоа е несамостојно и несигурно, затоа многу емотивно се врзува за возрасните од својата околина и од нив бара помош, поткрепа и заштита, а најмногу од сé сака да биде насочувано и сакано. Затоа во предучилишните установи, промената од група во група, од просторија во просторија, на воспитувач со воспитувач, често предизвикува немир, непријатност, а често и плач кај предучилишното дете. Воспитувачот со вешто насочување, трпеливо објаснување, со однос што создава доверба, го ослободува и го осамостојува детето и тоа стапува во најразлични интеракциски односи со своите врсници и со возрасните.

Воспитувачот сфаќа дека за детето предучилишната установа станала многу блиска - втор негов дом во случај кога детето наутро доаѓа весело и расположено, кога спомнувањето на мама и тато не предизвикува тага и плач и кога понекогаш наместо учителке ќе речат мамо, тато или тето, тогаш и социјализацијата го достигнала нивото што е потребно за оваа возраст. ( NOTA BENE - социјализацијата трае цел живот).

Разните педагошки и психолошки истражувања укажале како детето го сфаќа светот. Нереалното сфаќање на светот предизвикува и определени специфичности, а објективниот и субјективниот свет се испреплетува и нема граници. Светот и околината предучилишното дете ги доживува глобално и неиздиференцирано. Неживите предмети имаат особини на живи суштества, куклата и мечето ги храни, а мачето и кучето зборуваат. Предметите ги прифаќа такви како што изгледаат и полесно ги воочува надворешните и споредните особини, отколку внатрешните и главните особини.

Детското мислење е поврзано со конкретни ситуации, настани и доживувања. Перцептивните механизми се јаки и вршат силно влијание, затоа детето ги воочува причинско - последичните врски, но потешко ги сфаќа и ги разбира причините на појавите. Најчесто предучилишното дете

не прави разлика меѓу причината и последицата. На пример : “Лето е бидејќи сонцето посилно грее”, “Темно е бидејќи еноќ” и сл.

Животното искуство кај предучилишното дете е многу мало и многу од работите и нештата едноставно не ги разбира. Со помош на стекнатото искуство, со набљудување и игра детето сфаќа дека постои зависност меѓу временските промени и особините на определени појави, “Овој снег е сув и не се прават снежни топки”, и “Мразот и снегот се суви и не се прави снешко”, или “Денес е топло, може да правиме снежни топки и да ги редиме” [41]

Во зависност од возраста, што го условува збогатувањето со знаење и со искуство, сфаќањето на реалноста и последичноста се менува, а во тоа, секако, најмногу ќе му помогнат возрасните, бидејќи во детскиот развиток во првите фази на развој преовладуваат чисто биолошко - психолошките функции што подоцна постепено прераснуваат во социјални.

Односот на возрасните е многу важен и тој треба да е пријателски, конструктивен, соработнички и срдечен. Во овој период е потребно да се задоволува детскиот интерес, љубопитноста, да се одговара на поставените прашања бидејќи децата се емотивни суштества со просоцијални чувства и затоа е многу битно што ќе им кажеме, како тоа ќе го кажеме и како ќе ги употребиме средствата за комуникација - изгледот на нашето лице, погледот, молчењето, тонот на гласот и сл. Но, во секој случај потребно е почесто да се применува позитивното вербално комуницирање, отколку негативното вербално комуницирање, во кое секоја реченица започнува со “не” и со определена забрана. Поефектни ќе бидат укажувањата ако се примени прво лице еднина “Јас би си играла со Атила и не би сакала да се карам”, наместо второ лице еднина “Ти си лош, не си играш со Атила и со него се караш“. Во секој случај, возрасните треба многу да внимаваат во своето однесување кон децата од предучилишната возраст, бидејќи ненамерното или намерното

---

[41] С. А. Веретеникова “Упознавање предшколске деце са природом”, Завод за издавање уџбеника Социјалистичке Републике Србије, Београд, 1971 год. стр. 122

занемарување на детските интереси, барања, потреби и желби, доведува до деструктивно поведение кај предучилишното дете.

Секој миг од слободното време, секоја ситуација возрасните треба да ја искористат за разговор, игра, за поттикнување на љубопитноста и интересот на детето за светот, природата и околината. Со тоа ќе се изврши позитивно насочување и влијание на предучилишното дете и ќе му овозможиме правилно запознавање на природната и општествената средина.

Што значи може слободно да се каже дека запознавањето на природната и општествената средина дава широки можности за стекнување претстави, поими, знаења и искуства за природната и општесвената средина како воспитно - образовно подрачје, па затоа при планирањето, развивањето и конкретизирањето на програмските цели и задачи воспитувачите и педагошко - психолошките служби секогаш треба да ги имаат предвид психо - педагошките основи.

# 7. АНАЛИЗА НА ПРОГРАМСКИТЕ ЗАДАЧИ, ТЕМИ И СОДРЖИНИ ОД ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНОТО ПОДРАЧЈЕ ЗПОС

Нашата Програма за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование има хуманистичка концепција со што посебно се цени детето како вредност за себе т.е. детето е специфична индивидуа со специфични особености и карактеристики кое бара посебен приод и третман.

Не треба да се заборави и на акцелерацијата и амплификацијата во овој период бидејќи тие може да имаат многу позитивно, но понекогаш поради шематизмот и вкалапеноста и негативно влијание. Посебна современа тенденција треба да биде зголеменото влијание на доследното реализирање на ДЕКЛАРАЦИЈАТА на ООН за правата на детето од 1959 год., со што се бара правото на секое дете да живее во здрава средина, со сите потребни услови за нормален раст, развој и учење, и тоа без никаква дискриминација и декларативност.

Постојната Програма во себе ја содржи тенденцијата за обезбедување континуитет меѓу целите и задачите на воспитанието, поделеноста на воспитно - образовни подрачја ги преферира специфичните цели, задачи и содржини што му даваат карактеристики на секое воспитно - образовно подрачје и обезбедува континуитет на сите воспитно - образовни области.

Анализата на Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование ги опфаќа трите специфични форми за работа:

- СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ,
- НАСОЧЕНИ АКТИВНОСТИ И
- ЖИВОТНИ АКТИВНОСТИ.

Со програмските основи на предучилишното воспитание и образование се определуваат општите цели и задачи, како и посебните цели и задачи на воспитанието и образованието, посебно за секоја возрасна група и за секое воспитно - образовно подрачје”[42]

СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ се такви активности со што вршиме посредно воспитно-образовно влијание, насочување и следење, а насочените активности се за непосредно раководење, насочување и следење, додека другите активности се поврзани со секојдневниот живот ( примање, испраќање, лична хигиена, работни активности, исхрана, утринска гимнастика и активен одмор ).

Според А. Добуд - Дошен слободните активности “треба да бидат разновидни активности според слободен избор, потреба и определба на децата”.[43] Овие активности се изведуваат секојдневно и во Програмата се бара постоење катчиња за игра и игровен материјал. Слободните активности се изведуваат преку слободни игри (спонтани игри, творечки конструктивни игри, драматизации, имитативни игри, игри со правила, подвижни, дидактички игри) и прошетки, престој на чист воздух и работни активности.

Според Програмата “при остварувањето на слободните активности на децата треба да им се овозможи слобода во однос на изборот, содржините и средствата за активностите, слобода во формирањето и расформирањето на

---

[42]Никола Петров, “Детето во природата и околината”, Детска радост, Скопје, 1987 год, стр. 8

[43]Рудолф Згомбиќ,”Одгојно-образовни рад с децом у години прије поласка у основну школу,Школска књига, Загреб1982,стр. 82

социјалните групи и сл.[44] Слободните активности по правило се или претходница или продолжение на насочените активности, што, пак од своја страна се специфична форма за организирана воспитно - образовна дејност. Тие треба да придонесуваат за збогатување и зголему-вање на детското искуство, за систематизирање на детските знаења, умеења и навики. Преку нив децата се навикнуваат на организираност, заедничка активност и пројавување на детската индивидуа. Насочените активности се водени и се организирани од воспитувачот, кој треба да се придржува кон задачите и содржините определени со Програмата. Бројот на насочените активности зависи од возраста на децата и воспитно - образовното подрачје.

Без разлика кој вид форма за работа се применува играта има неоспорен примат во предучилишниот период, "Затоа активирањето на детето преку игра треба да биде фундамент во целокупната воспитно - образовна работа во предучилишните организации".[45]

Затоа, во овој период детето играјќи, работи и работејќи, игра. Па затоа, "играта претставува една од главните форми за формирање на младата личност, главно средство, пат и метод за развивање на детето".[46]

---

[44]Програма за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование, Републички завод за унапредување на вос. и обр.,Скопје 1982, стр. 80

[45]исто, стр. 83

[46]исто, стр.

## 7.1. АНАЛИЗА НА ПРОГРАМСКИТЕ ОСНОВИ ОД ОБЛАСТА НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНОТО ПОДРАЧЈЕ ЗПОС

За овој труд е интересна Програмата за воспитно-образовната работа од воспитно - образовната област по запознавање на природната и општест-вената средина застапен со посебни цели, задачи, тематски целини и содржини.

Програмските содржини од запознавање на природната и општес-твената средина за децата од предучилишната возраст се распоредени во четири тематски целини:

- Животот и работата во предучилишната организација;
- Животот и работата во родителскиот дом;
- Животот и работата на луѓето во местото на живеење и
- Детето и сообраќајот.

Наведените тематски целини се застапени во сите возрасни групи во процесот на воспитно - образовната работа. Всушност, на заедничкото програмско јадро за секоја возраст се додаваат нови содржини во концен-трични кругови и се остварува содржинско единство во подрачјето на запознавање на природната и општествената средина. Тоа подразбира повторување определени содржини, но не во смисла проста репродукција, туку концентрично проширување и продлабочување на содржините, со што се обезбедува перманентно напредување во развојот, учењето, усовршување на способностите, навиките, вештините, проширување и продлабочување на детското искуство.

"Запознавањето на природната и општествената средина е едно од специфичните и централните воспитно - образовни подрачја во воспитно - образовната работа со децата од предучилишна возраст, бидејќи на ова подрачје содржински и логички се надоврзуваат и се надополнуваат и другите воспитно - образовни подрачја." [47]

За значењето и потребата од непосредно запознавање на децата со природната и со општествената средина, свои идеи, мисли и погледи дале голем број педагози класици: Русо, Фребл, Коменски, Ушински, а со ова прашање се занимаваат и денес голем број современи педагози, теоретичари и практичари. "Запознавањето на природната и општествената средина се определува и се дефинира како низа интеракции меѓу детето и сé пошироките и посложени аспекти на околината, врз основа на што детето постепено ја изградува својата слика за светот и истовремено ги развива своите психички и физички функции". [48]

Запознавањето и осознавањето на природната и општествената средина е долг процес, што започнува од самото раѓање и трае речиси целиот живот. Оттука и важноста на ова воспитно подрачје и примарното место во Програмата во однос на другите воспитно - образовни подрачја. Запознавајќи ја природната и општествената средина, детето се запознава себе си и се создаваат услови да ги развие своите физички и психички потенцијали, да ги запознае и да ги сфати предметите околу себе, флората и фауната, човекот со сите негови карактеристики и можни односи, природните појави и географски поими, просторните и временските димензии, историските настани и личности, сообраќајот со сите правила и животот воопшто.

Запознавањето на природната и општествената средина има значајна улога врз развојот и врз формирањето на личноста на предучилишното

[47] Никола Петров, "Детето во природата и околината", Детска радост, Скопје, 1987 год. стр.12

[48]М. Пешиќ, "Концепција и можности на реализација на програмата по ЗПО", Предшколско дете, бр. 1, Београд, 1981 год. стр.18

дете, па затоа во програмските основи се структуираат и се програмираат содржини со што се поставуваат основите за правилен, научен поглед на светот. Затоа, Програмата за воспитно - образовната работа по ЗПОС започнува: "Целите на ова воспитно - образовно подрачје се да ја развиваат љубопитноста кај децата и да формираат елементарни сознанија за појавите и промените (предметите) во природната и во општествената средина, ги поттикнува да ги развиваат доживувањата и сфаќањата за односите и настаните во општествената средина и да им помогнат да се запознаат себеси и да го изградат сопствениот однос кон светот што ги опкружува". [49]

За да може да се оствари целта неопходно е исполнувањето на следниве задачи:

- Да ја поддржи и да ја развива детската љубопитност кон предметите и појавите;
- Да го помогне развојот на забележување на просторни и временски односи;
- Да го средува и да го проширува детското искуство за појавите и предметите;
- Да им помогне на децата да се вклучуваат и да се чувствуваат прифатени во групата, а, сепак да се зачува индивидуалноста;
- Да се поттикнува развојот на социјалните функции и изградување основа за развој на логичкото мислење;
- Да се задоволат основните потреби за сигурност и заштита и да се создадат основи за поаѓање во училишта;
- Да се поттикнува формирањето на културно - хигиенските и работните навики и развивањето на сфаќањата за потреба од чистота,

[49] "Програма за воспитно - образовната дејност во предшколското воспитание и образование", Републички завод за унапредување на образованиeто и воспитанието, Скопје, 1982 год., стр. 125

уредност, убава околина, облагородување и заштита на непосредната околина;

■ Да придонесува децата да се запознаваат со најважните настани, датуми и личности;

■ Да се подготват децата за безбедно движење, здобивање знаења и навики за правилно однесување и почитување на основните правила и знаци во сообраќајот.

Од изнесените цели и задачи, според специфичностите и карактеристиките на возраста, според конкретните услови и можности треба да се реализираат зацртаните оперативни задачи и содржини што во :

- Прва мала група
- Втора мала група
- Средна група
- Голема група се распоредени во четирите тематски целини.

За реализирање на задачите и содржините од областа на запознавање на природната и општествената средина за сите возрасни групи, според Програмата за воспитно - образовна дејност за деца од предучилишна возраст, се предвидува следниов обем насочени активности.

Седмичен и годишен план на насочените активности од воспитно - образовното подрачје запознавање на природната и општествената средина.

| Воспитно - образовно подрачје | Број на наставни активности според возраста на децата | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Прва мала група | | Втора мала група | | Средна група | | Голема група | |
| | Сед. | Год. | Сед. | Год. | Сед. | Год. | Сед. | Год. |
| ЗПОС | 1 | 34 | 1 | 35 | 1 | 36 | 2 | 76 |

# 7.2. ПРВА МАЛА ГРУПА

(од 2 до 3 години)

Во првата тематска целина *животот и работата во градинката,* според дадените оперативни задачи и содржини, станува збор за: запознавање на просториите во градинката и навикнување за непречено движење во просториите за дневен престој и во дворот на градинката, децата да воочат дека предметите и работно - игровните средства имаат свое место, да воспостават меѓусебни контакти со децата, да се запознаат со воспитувачката и нејзиниот стручен  соработник. Кај децата треба да се создаваат хигиенски навики, да се запознаат со најосновниот прибор за лична хигиена и приборот за јадење. Децата со помош на воспитувачот и набљудувањето треба да се запознаат со животинскиот и со растителниот свет. Во чест на определени празници, прослави и родендени децата од оваа група треба да земат учество и да ја почувствуваат пријатната и весела атмосфера.

Тематската целина *животот и работата во родителскиот дом* поврзани со развивање и негување љубов кон родителите и членовите на потесното и поширокото семејство, децата треба да ги знаат имињата и професиите на членовите на семејството, прославата на родендени и празници во семејството треба да придонесат за збогатување на социјално - емотивни доживувања на предучилишните деца, а сето тоа воспитувачот треба да го искористи за поттикнување и ослободување на децата за разговор во групата.

Преку реализацијата и конкретизацијата на задачите и содржините од третата тематска целина *животот и работата во местото* децата од прва мала група треба да се запознаат со најзабележливите објекти во

непосредната околина на градинката и со нивната намена. Од дома до градинката со помош на позабележливите објекти децата треба да го препознаваат патот, да се воведуваат во откривањето на најкарактеричните појави и промени во природата, во зависност од годишното време со тоа што ќе се организираат набљудувања на исто место во различни временски периоди. Да се запознаат децата со флората и фауната од непосредната околина и со работата и грижата на луѓето за нив.

Со содржините од четвртата тематска целина *дeтeто и сообраќајот* децата треба да се воведат во правилното движење по улицата и нејзино преминување со предупредување на можните опасности, децата треба да се запознаат со сообраќајот и со сообраќајните средства: автомобил, автобус, камион и други. На содржините од оваа целина треба да им се обрати посебно внимание, бидејќи децата, како учесници во сообраќајот, често се негова жртва. Бројот на децата - жртви во сообраќајот е алармантен и затоа децата уште од оваа возраст треба правилно да се подготвуваат за учество во него.[50]

## СОГЛЕДУВАЊА:

Од анализата на Програмата за воспитно - образовната дејност со децата од предучилишна возраст за воспитно - образовното подрачје ЗПОС во мала група може да се констатира дека програмските основи од оваа област даваат можности децата непосредно и изворно да ја запознаат природната и општествената средина, да се воведуваат во откривањето на најкарактеристичните појави и промени во природата, да воочуваат дека секој предмет има свое место и своја намена, создавање на хигиенски навики, збогатување на социо - емоционалните односи со децата и возрасните во групата и во родителскиот дом, да се запознаат со

[50] поопстојно види во "Програма за воспитно - образовната дејност во предшколското воспитание и образование", Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје, 1982 год., стр. 127 - 130

сообраќајот и сообраќајните средства и опасностите од нив и да се направат првите едукативни чекори за стекнување еколошка култура. Програмските основи даваат можност кај децата да се поттикнува љубопитноста и креативноста, да стекнуваат самодоверба, љубов и грижлив однос кон растенијата, животните, луѓето и нивните активности и да се развиваат манипулативните способности. Во тематската целина *животот и работата во градинката* со програмската содржина "Запознавање со градинката" оперативните задачи треба да овозможат запознавање "со просториите во градинката и предметите за секојдневна употреба постепено да се навикнуваат на слободно и правилно користење". [51] Сметам дека децата од оваа група треба да се запознаат со називот на градинката, да не се чека да пораснат и да бидат втора мала група за да го научат името на градинката во која престојуваат. Децата да бидат вклучени во подготовките и уредувањето на просториите, да бидат индиректно учесници во сите настани по повод некој празник, но директно да не учествуваат во приредбите. Според моето согледување стекнато од повеќегодишната работа во предучилишна установа со децата од прва мала група воспитувачот не треба стриктно да се придржува на оваа одредба, бидејќи ако некое дете пројави желба да учествува во приредбата треба да му се овозможи. Децата од оваа група можат заеднички или групно да се вклучат со некоја песна или игра, а во зависност од составот на децата во групата можат дури да изведат самостојна кратка приредба.

[51]исто стр.127

## 7.3. ВТОРА МАЛА ГРУПА

( од 3 до 4 години )

Содржините од тематската целина *животот и работата* во предучилишната организација на децата од оваа група им овозможува проширување на детските престави, поими и содржини за улогата и работата на воспитувачката и педагошко - медицинската сестра, развивање на чувството на приврзаност кон нив, да се развиваат социо - емоционалните односи меѓу децата и возрасните во групата, да се поддржува појавата на симпатија, дружељубивост, нежност, сочувство и приврзаност. Децата да се поттикнуваат на културно однесување со употреба на “убавите” зборови ( молам, благодарам, повелете и др.). Детето да се запознае со своето тело и неговите делови, да се формираат навики за лична хигиена и уредност. Децата да се воспитуваат да имаат грижлив однос кон животните и растенијата, а прославата на родендени и празнувањето на празниците кај децата да буди пријатни и радосни чувства, да земаат учество при подготовката и уредувањето на просториите во предучилишната установа.

Со тематската содржина *животот и работата во родителскиот дом* се настојува децата да ги воочат роднинските врски во родителскиот дом, во потесното и во поширокото семејство. Децата да ја знаат адресата и местото на живеење, да се запознаат со функционалноста на просториите и мебелот во домот, да се упатуваат да извршуваат едноставни задачи. Да се негуваат и да се развиваат навики за правилна исхрана, одржување на личната хигиена и уредноста во домот, да се запознаат со растенијата и со животните во домот. Да се негува приврзаност кон родителите и чувството на припадност

кон семејството, а прославата на семејните празници, славењето на родендени, правење посети и одење на прошетки во поблиската и во поширокатa природна и општествена средина, да биде причина за воспоставување поблиски социо - емоционални односи. Задачите од оваа целина треба да се реализираат во соработка со родителите.

Тематската целина *животот и работата во местото и поширокиот крај* има за цел создавање можности децата да се запознаат со непосредната околина преку воочување и запознавање со поважните природни и општествени појави и објектите во неа, со животот и со работата на луѓето во нив, да ги воочат најкарактеристичните белези на растенијата и животните и да се овозможи да ги разликуваат, според видливите особини, стекнување определени знаења за карактеристичните појави и промени во атмосферата, предизвикани од промената на годишните времиња, треба да им се овозможи актуелните општествени настани и празнувања да ги збогатуваат нивните емоции и доживувања.

Искуствата ќе бидат побогати и попродлабочени ако децата се вклучуваат во определена активност со што ќе се развие чувството на радост и сопствена афирмација.

Реализирањето на содржините од тематската целина *детето и сообраќајот* на децата од втора мала група ќе им овозможи проширување и збогатување на сознанијата за улицата, пешачкиот премин, семафорот, сообраќајните средства, човекот кој управува со нив и стекнување првични сознанија за сообраќајната култура, односно однесување во автомобил и оспособување за возење на трицикл.[52]

---

[52]исто стр.131 - 136

## *СОГЛЕДУВАЊА:*

Од анализата на програмските основи од воспитно - образовното подрачје ЗПОС може да констатираме дека на децата од оваа група им создава можности да се запознаат со непосредната околина и да ги воочат поважните природни и општествени појави и објекти, да ги прошират претставите, поимите и сознанијата за улогата и работата на возрасните и нивните активности, да се зацврстуваат и збогатуваат навиките за лична и општа хигиена и уредност, да стекнат поголеми знаења за поимот за себе, да го запознаат своето тело, но и да ги разликуваат и препознаваат растенијата и животните, развивањето на чувство на приврзаност и припадност при семејни прослави и важни настани, да се насочуваат во препознавање на позначајни објекти и ориентирање во простор, да се побудува детскиот интерес, да се подржува нивната љубопитност, да се продлабочува и збогатува нивното искуство, да се збогатуваат нивните доживувања, да се развива и подржува самостојноста, да се вклучуваат во извршување на едноставни задачи, да ги прошират и збогатат познавањата за сообраќајот, семафорот и создавање првични сознанија за сообраќајна и еколошка култура.

Во програмските содржини во тематската целина *живот и работата во местото и поширокиот крај* стои: "Запознавање со ликот и детството на Тито"[53] .Сметам дека оваа содржина не е актуелна и интересна од повеќе причини:

- имаме нова политичко - економска ситуација;
- нови видувања за општествена идеологија, односно имаме отстранување на идеолошките сфаќања и
- за децата од овие генерации ликот и делото на Тито се нешто страно и непознато.

---

[53] "Програма за воспитно - образовната дејност во предшколското воспитание и образование", Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје, 1982 год., стр. 135

Затоа сметам дека има потреба од отстранување на оваа содржина, бидејќи ликот и детството на Тито го изгубија и го немаат значењето кое го имаа.

Во тематската целина *дешешо и сообраќајош* стои содржина "Запознавање со трициклот"[54]. Со оперативна задача "да умеат да возат трицикл" [55]. Сметам дека оваа задача и содржина ретко или воопшто не се реализира, бидејќи трициклот како сообраќајно средство ретко која предучилишна установа го има, а и доколку го има тоа е за сите групи во градинката, затоа не е возможно со еден или два трицикла децата да се научат да возат.

Во целина гледано програмските основи и за оваа возраст овозможуваат претставно - појмовно богатење на децата за природната и општествената средина.

---

[54] исто стр. 137

[55] исто, стр. 136

## 7.4. СРЕДНА ГРУПА

( од 4 до 5 години )

Во првата тематска целина *животот и работата во градинката,* според дадените оперативни задачи и содржини, станува збор за: проширување на детското искуство за работата на воспитувачот и другите возрасни во групата, запознавање на децата со децата од другите возрасни групи и развивање на другарството, навикнување и негување на хигиената и осамостојување во правилното користење на прибори и средства за лична хигиена и нивно одржување, запознавање со причините за разни заболувања и повреди, запознавање со деловите на телото, со мебелот во работната организација, негување и развицање грижлив однос кон растенијата и животните и земање активно учество во одбележувањето на разни празници и прослави, како во предучилишната установа, така и надвор од неа.

Со втората тематска целина *животот и работата во родителскиот дом* се настојува децата да ги воочат роднинските врски, како во потесното, така и во поширокото семејство. Децата да ја знаат адресата и местото на живеење, просториите, мебелот и нивната функција, развивање навики за одржување хигиена и правилна исхрана во домот, љубов и грижлив однос кон растенијата и животните во домот, одбележување прослави и празници и изведување излети и прошетки.

Преку тематските содржини за *животот и работата во местото на живеење и во поширокиот крај*, најпрво се предвидува децата да се запознаат и да се оспособат за ориентација во просторот, да ги воочуваат разликите и сличностите меѓу објектите, да се насочуваат за правилно сфаќање на работата и корисата од неа и запознавање со некои професии, да се негуваат интересите за привлечноста и убавините на природата и

откривање на промените во текот на четирите годишни времиња, како и нивните карактеристики и определување на некои географски појави.

Ориентационите програмски содржини од тематската целина за воведување на *детето во сообраќајот* и сообраќајните правила и прописи, неопходно е кај децата да се развиваат способностите за побезбедно движење и поминување на улиците и патот во придружба на возрасните, да се оспособат да ги препознаваат и да ги почитуваат основните сообраќајни знаци, да се запознаат со улогата на сообраќајниот милиционер, возачот и некои сообраќајни средства, да ги воведуваат во усвојувањето на правилно и културно однесување во возилата на јавниот сообраќај и правилно да ги користат детските возила.[56]

## *СОГЛЕДУВАЊА:*

При анализата на програмските основи од воспитно - образовното подрачје запознавање со природната и општествената средина согледавме дека децата имаат можности да располагаат со поголеми познавања од непосредната околина и животот на возрасните, да бидат насочени да ги забележуваат и именуваат временските и просторните односи и некои дејствија, да забележат и сфатат дека секоја просторија има своја намена, да се вклучуваат во некои активности според нивните интереси, потреби и можности, да користат разновидни предмети, а притоа да се насочуваат да ги забележуваат нивните својства, да ги откриваат можностите за употреба на предметите според нивната основна намена, да откриваат сопствени и оригинални решенија преку практично проверување. Во оваа група се прошируваат сознанијата за социо - емоционалните односи во потесното и поширокото семејство, го прошируваат своето искуство со тоа што се запознаваат со работата на своите родители, нивното работно место и работната организација во која работат. Семејните прослави и празници за децата од оваа возраст треба да бидат можност за вклучување во подготовките со извршување на некои полесни задачи.

Прошетките, излетите и летувањата со возрасните на децата им овозможуваат да ги прошират своите знаења, за развивање љубов и грижлив - заштитнички однос кон природата и нејзините убавини, растенијата и животните како прв чекор во применувањето на еколошка едукација на децата од оваа возраст. Програмските основи овозможуваат развивање на способности за воочување на годишните времиња и некои географски појави, да ги воочуваат разликите и сличностите меѓу предметите, растенијата, животните и луѓето, да се насочуваат нештата да ги согледуваат по одреден ред, да ги споредуваат, разликуваат, а понекогаш и сами да заклучуваат врз основа на сопственото искуство, да се вклучуваат во елементарни работни активности, да се формираат навики дацата да се занимаваат со нешто корисно и интересно, да стекнуваат самодоверба и определени сознанија при следење на определени појави или процеси.

Во тематската целина *животот и работата во градинката* како оперативна задача стои "да се поттикнува љубопитноста на децата за функциите на поедини органи на телото и да се задоволува љубопитноста за разликите меѓу половите"[57], а во progrмските содржини под точка три е наведено "запознавање и именување на делови на телото (глава, труп, крајници и очи, уши, нос, јазик, заби, коса, кожа и др.)"[58] Наведените содржини не можат да ја задоволат љубопитноста за разликите меѓу половите, а кај децата од оваа возраст постојат безброј прашања на оваа тема, затоа сметам дека е неопходно дополнување со нови содржини.

На истата страна во Програмата поставена е оперативна задача "да се негуваат позитивни чувства и радосни доживувања преку прославување на празници и да се формираат елементарни сознанија за значењето на поедини празници и да се запознаваат со ликот на Тито"[59] Сметам дека

[56]исто стр. 137 - 143

[57] исто стр. 138

[58] исто стр. 138

[59] исто стр. 138

треба да се отфрли делот “да се запознаваат со ликот на Тито” заради идеолошката обоеност.

Во програмските содржини од истата тематска целина под број пет стои “празници и прослави” и се набројуваат празниците што треба да се одбележат. Сметам дека е потребно бришење на 29 ти Ноември, 22 ри Декември и Денот на младоста и усогласување со празниците што се слават во Република Македонија согласно уставот и законот за празници.

Во тематската целина *животот и работата во местото и поширокиот крај* под точка три “општествените празници и настани”- “вклучување во определени детски манифестации - дефиле, цртање на асфалт, весел детски семафор, изложби на ликовни творби, пречек на Штафетата на младоста и др.”[60]. Согласно измените на прославите и празниците сметам дека има потреба од измена и усогласување со изведувањето на сегашните детски манифестации.

Во програмските содржини од тематската целина *детето и сообраќајот* стои “да умеат правилно да ги користат детските возила”. [61] Сметам дека реализирањето на оваа оперативна задача и содржина не се остварува, бидејќи во предучилишните установи нема или многу ретко има детски возила.[62] Со изнесените забелешки не се намалуваат можностите на програмските основи за претставно - појмовно богатање на децата од оваа возраст за природната и општествената средина.

[60] исто стр. 141

[61] исто стр. 143

[62] поопстојно види во овој труд на стр. 87

# 7.5. ГОЛЕМА ГРУПА

( од 5 до 7 години )

Во првата тематска целина *животот и работата во градин-ката,* според дадените оперативни задачи и содржини, станува збор за: покрај утврдувањето, проширувањето и продлабочувањето на веќе стекнатите претстави, поими и знаења, се предвидува и запознавање со работата на лицата кои повремено доаѓаат во градинката; запознавање со средствата, апаратите и машините со кои непосредно работат возрасните, негување на хуманите односи; негување и стекнување навики за активен одмор; негување, чување и заштита на природната и општествената средина; активно вклучување на децата во организирањето и во одбележувањето на прославите, празниците и разните детски манифестации.

Со втората тематска целина *животот и работата во родителскиот дом* се настојува децата да ги знаат основните податоци за себе, за родителите и за другите членови во семејството; да се воспитуваат и да се развиваат хуманите односи. Навикнување на совесно извршување на работните задачи и задолженија во родителскиот дом и надвор од него, земање учество при одбележување на семејните прослави, посети, прошетки, излети и екскурзии.

Преку тематските содржини за *животот и работата во местото на живеење и во поширокиот крај*, најпрво се предвидува децата да се запознаат со карактеристиките на местото во кое живеат и другите места од пошироката околина; запознавање со појавите и промените во природата, со тоа што децата се насочуваат во откривањето на елементарните природни појави и законитости; збогатување на детското искуство за

флората и фауната, корист од нив и создавање навики за заштита на природната животна средина и учество на децата во организирањето на приредби по повод општествени празници и прослави.

Ориентационите програмски содржини во основите на *сообраќајот и сообраќајното воспитување* предвидуваат проширување на претставите, поимите и искуствата за деловите на улицата, за правилно преминување на улицата, културно однесување во јавниот сообраќај, возење на тротинет, пони велосипед, санка, проширување на знаењата и искуствата за звучните и светлосните сигнали на сообраќајните средства; видови сообраќајни средства и нивните карактеристики, со работата на луѓето кои управуваат со сообраќајните средства.[63]

## *СОГЛЕДУВАЊА:*

Од анализата на Програмата за воспитно - образовна дејност од областа на запознавање на природната и општествената средина може да се каже дека е овозможено децата да стекнуваат определени претстави, поими и знаења, непосредно воочување и осознавање на природната и општествената средина, откривање на особеностите и причинско - последичните врски и односи, средување, збогатување и продлабочување на непосредното перцептивно и социјално искуство, да се поттикнува детската иницијативност, љубопитност и креативност, да се развиваат манипулативните и истражувачките способности, смислата за комбинирање, фантазија, симболичките функции, да ја осознаваат основната намена на предметите, нештата да ги согледуваат по определен ред, да споредуваат и разликуваат, а понекогаш и сами да заклучуваат врз основа на сопственото искуство, да стекнуваат самодоверба и самостојност, развивање на љубов кон растенијата, животните, луѓето и нивните активности, едукација на децата од оваа возраст за зачувување на природната и општествена средина преку соодветни еко - содржини, да се насочуваат практично да извршуваат задачи според нивните можности и способности, да стекнуваат навики и

---

[63] исто стр. 144 - 153

вештини за одржување на личната и општата хигиена и уредност, да се формираат работни навики, позитивен и правилен однос кон работата, да се формираат навики децата да се занимаваат со нешто интересно и корисно (албуми, хербариуми, инсектариуми и др.), да се воедуваат и запознаваат со историското минато и нашата традиција и обичаи, да земат активно учество при прославите, да вршат идентификација и имитација на луѓето со кој стапуваат во директен или индиректен однос, да се запознаваат со животот и работата на луѓето од другите земји, да осознаат како луѓето си помагаат во несреќа и при елементарни непогоди, да се воведуваат во сообраќајот и сообраќајната култура.

Во тематската целина *животот и работата во градинката* во делот оперативни задачи стои: "да се негува љубов кон ликот и делото на Тито"[64] и во делот значајни историски настани и општествени празници стои: "Денот на Републиката - 29 ти Ноември, Денот на армијата 22 ри Декември, 25 ти мај Ден на младоста)[65].

Во тематската целина *животот и работата во местото и поширокиот крај* во програмската содржина " места во поширокиот крај и другите републики и покраините што децата ги познаваат или ги посетуваат"[66] сметам дека треба да дојде до промена, бидејќи има измени од географски карактер и распаѓање на СФРЈ, а со тоа другите републики и покраини не спаѓаат територијално во нашата земја.

Во тематската целина *детето и сообраќајот* постои содржина "сообраќајот во местото и поширокиот крај"- запознавање и правилно возе-ње со детски возила, тротинет, пони велосипед и санка, за ставот и мислење-то погледнете.[67]

---

[64] исто, стр. 145

[65] објаснувањето е исто како и за средна група на стр. 91

[66] "Програма за воспитно - образовната дејност во предшколското воспитание и образование", Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје, 1982 год., стр. 150

[67] за ставот и мислењето погледнете во овој труд на стр. 91

На крајот за поголемо воочување и согледување направив една мала компарација во однос на возраста на децата и можностите што ги даваат тематските целини и содржини:

*Прва мала група* - Запознавање и воочување на природната и општествената средина и воведување во сообраќајната култура;

*Втора мала група* - Запознавање, воочување, проширување, препознавање и збогатување на сознанијата за природната и општествената средина и за сообраќајната култура;

*Средна група* - Запознавање, воочување, проширување, оспособување, согледување на заемните односи и врски во природната и општествената средина и воведување во сообраќајната култура;

*Голема група* - Запознавање, воочување, проширување, утврд-ување, навикнување, насочување, збогатување на детското искуство, создавање навики и вештини, воведување во сообраќајната култура, оспо-собување за секојдневното живеење, за поголема лична безбедност како пешак и учесник во сообраќајот.

Од анализата на Програмата и согледувањата може да се констатира дека програмските основи од ЗПОС даваат големи можности за непосредно и изворно запознавање на природните и општествените појави и промени, развиток на сите аспекти на детскиот развој (сензорен, моторен, социо - емоционален, волев, интелектуален и др.) и примена на играта, игровните активности, прошетките, излетите, прославите, празниците, слободните и насочени активности и усогласеност со возраста и индивидуалните разлики и карактеристики третирајќи го предучилишното дете како партнер - субјект кој стапува во интеракциски односи со другите субјекти учесници во воспитно - образовниот процес.

# 8. УЛОГАТА НА ВОСПИТУВАЧОТ ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА И КОНКРЕТИЗАЦИЈАТА НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИТЕ СОДРЖИНИ ОД ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНОТО ПОДРАЧЈЕ ЗПОС

Воспитувач, убава и навидум лесна и едноставна професија, а, всушност, многу комплексна и одговорна работа. Да бидеш добар воспитувач тоа значи да си добар наратор, правичен судија, добар артист, човек кој умее да пружа прва помош, добар советодавец и со еден збор кажано конгломерат од професии собрани во една личност. Со право рекол Вебер "за воспитувач човек треба да биде роден, исто како и за уметник" или " pedagogus nascitur, non fit" (воспитувачи се раѓаат, а не се создаваат).

Воспитувачот е главен носител на воспитно - образовната работа и координатор во групата во предучилишната установа. Насока и основа на неговата работа е Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование. Воспитувачот е тој кој треба да учествува во планирањето на годишниот и месечниот план за работа и самостојно да подготвува дневна подготовка за работа, со тоа што пронаоѓа и предвидува стимулативни и интересни теми и содржини, што ќе треба да им ги понуди на децата, а притоа ќе треба да најде и соодветен начин за нивна презентација и реализација. Без разлика каде и со што ќе ја реализира насочената активност од запознавање на природната и општествена средина, неопходна е претходна осмисленост и подготовка на воспитувачот во која ќе го вклучи сето свое знаење, умеење, вештина и креативност, испреплетени со присуството на желба и љубов кон децата. Со насочените активности од запознавање на природната и општествената средина воспитувачот треба да се стреми за развивање на способностите,

умеењата, вештините и креативноста кај децата. Со помош на насочените активности на предучилишното дете треба да му се овозможи забележување, набљуду-вање, експериментирање, откривање, правилно разбирање на природата и општеството и стекнување елементарни знаења за истите.

Воспитно - образовната работа од областа на ова воспитно - образовно подрачје се темели врз содржини од природната и општествената средина. Воспитувачот треба да го процени количеството на детското искуство, според возрасните групи, што е многу различно и треба да внимава на големите индивидуални разлики што постојат меѓу децата. Тој треба да знае дека разликите се темелат врз психофизичката зрелост на децата, на нивните индивидуални можности што зависат од различните поттикнувања и мотивирања. Мотивацијата е сé она што доведува до активност, што ја насочува активноста и што ѝ го определува интензитетот и времетраењето. Мотивите настануваат од потреба и од поттикнување, додека мотивацијата може да биде внатрешна и надворешна. [68]

Поттикнувањето, мотивирањето и правилниот избор на содржини од запознавање на природната и општествената средина влијаат врз формирањето на целокупната детска личност. Воспитувачот треба да ги насочува децата на набљудување и покажување на најбитните елементи на предметите и појавите од природната и општествената средина сé со цел да не бидат извор на пасивно осознавање, туку активно осознавање на природната и општествената средина, при што доаѓа до развивање на интелектуалните функции и детското творештво.

Понекогаш добро испланираната и подготвена активност од воспитно - образовната област на запознавање на природната и општествената средна

---

[68]Поопстојно види во "Домовински одгој и настава" група автори,Радови института за педагогијска истраживања Филозофског факултета свеучилишта у Загребу, Школска књига, Загреб 1988 год. стр. 152

дава многу успешни или помалку успешни резултати во зависност од тоа кој тип воспитувач ја реализирал.[69]

Секако, најголема можност да постигне успех има демократскиот тип воспитувач со изразена креативност во својата работа. Овој тип воспитувач овозможува поставување прашања, допирање, фаќање, земање, вртење и разгледување на предметите. Воспитувачот сето тоа го дозволува само затоа што сака детето повеќе да дознае и да ја задоволи својата љубопитност, бидејќи детето треба да дознае каков е предметот по боја, форма, големина, од што е направен, зошто служи и што би можело да се направи од него и со него. Воспитувачот треба да ги насочува децата да ги следат и појавите во природата "погледнете, нешто многу интересно се појави на небото", (станува збор за виножито), "вечер со мама и со тато погледнете го небото, разговарајте со нив, а утре заедно ќе разговараме за тоа кој што видел, што забележал и што запаметил од заедничкото гледање на небото".

Демократскиот воспитувач создава љубопитна и креативна личност, личност која сака да открива и да експериментира. Детето може да открие дека плутата плива, а парчето железо потонува, на тој начин што и двата предмета ќе ги стави во вода. Вештиот воспитувач со помош на манипулацијата со предметите му овозможил на детето да ги открива својствата на предметите. Според Хант "се чини дека раното искуство уште повеќе е важно за набљудување, осознавање и за развојот на интелектуалните функции".[70]

Децата кои во групата имаат демократски тип воспитувач се разликуваат од другите деца. Тие се слободни, отворени, самостојни, комуникативни и суптилни, често на нивните лица се гледа насмевка, вчудовиденост или изненаденост. Во групата не изостанува ниту шегата, а

---

[69] Д-р. Емил Каменов, "Методика васпитно - образовног рада са предшколском децом",Завод за уџбенике и наставна средства, Београд 1983 год. стр.114

[70] Мукерџи Роуз, "Корени перманентног образовања налазе се у раном детињству" Предшколско дете бр. 4 Београд,1971 год. стр. 402

активитетот, подвижноста и чувствителноста се одликите на примарната стратегија на интелектуалниот развој.

За разлика од овој тип воспитувач, авторитарниот воспитувач при изведувањето на насочените активности од областа на запознавањето на природната и општествената средина е крут, строг и дециден во своите барања, најчесто го користи вербалното подучување, што најчесто се сведува на учење зборови. Своите воспитаници ги прави невротични, анксиозни, послушни, а често повеќето од нив се агресивни, а агресивноста се објаснува како реакција на фрустрацијата.

Затоа прашањето кој треба и кој може да биде воспитувач има своја тежина, "треба да се обрне внимание на способностите на кандидатот за работа со мали деца, како во поглед на физичките, така и во поглед на интелектуалните и емоционалните својства неопходни за извршување на таква работа".[71]

До колку воспитувачот сака да биде успешен, мора да поседува и некои посебни особини, како што се:

- Љубов кон позивот и децата;
- Музички, говорни, ликовни и интелектуални способности;
- Креативност и фантазија и
- Емоционална стабилност, комуниктивност, хуманост и животен оптимизам.

Без разлика за каков тип на воспитувач станува збор, тој треба да ги знае и да се придржува кон дидактичките начела за поуспешна реализација на темите, содржините и насочените активности од запознавање на природната и општествената средина. Дидактичките основи се релевантни и се следниве:

1. Суптилните закони на воспитанието и образованието да се искажуваат како причинско - последична поврзаност во стекнувањето на

знаењата, развивањето на многубројните способности, изградувањето на доверба, определувањето на односите и поведението;

2. Знаењето, способностите, уверувањата и др. не можат еднос-тавно да се пренесат на децата. Тие се стекнуваат и се усвојуваат преку богати и разновидни активности, како што се сензорните, практичните, изразните и мисловните;

3. За психолошкото доживување на активностите многу е битно дали тие се интересни или досадни, разбирливи или неразбирливи, привлеч-ни или одбивни;

4. Активностите може и негативно да се доживуваат ако во нив навлегува монотонијата, но затоа вештиот воспитувач веднаш ќе ги примени законитостите на активност;

5. Активностите ќе добијат во интензитет на доживување ако има пригодни и актуелни случки - априлијадата - ден на шеги и маски, доаѓањето на Дедо мраз и Нова година и др.;

6. Интензитетот на доживување ќе биде уште посилен, до колку има соодветна и повремена шеговитост и анегдотичност "денес за ручек имаме грав со патики потпечени во рерна" или "знаете тоа го кажа Трајче од Коњари". Шеговитата фабула полесно се памети, а преку неа полесно се памети и соодветната активност;

7. Како одредница и показател дали активноста е сфатена потребно е повремено да се примени и некоја дидактичка игра, бидејќи играта е посебно атрибутирана. Таа е забавна, весела, радосна, интересна, привлечна и фасцинантна;

8. Од разновидните способности што се стекнуваат со вежбање треба да се преферираат потребите, интересите, можностите и љубопит-носта кај децата.

---

[71]Поопстојно види во "Перспектива образовања васпитача", зборник радова са саветовања одржаног поводом 40 година образовања васпитача, Нови Сад, 10 - 11 јун, 1993 год. стр. 35

9. Кај предучилишните деца треба да се развива смислата за колекционирање и елаборирање разни материјали (правење албуми од сликички, албум на заеднички фотографии, хербариум, инсектариум и сл.)

Со почитувањето на овие дидактички основи при реализирањето на темите, содржините и насочените активности од запознавање на природната и општествената средина престојот на децата во предучлишната установа ќе биде интересен и убав, а работата за воспитувачот лесна и успешна.Воспитувачот заради себе, својата надградба и одењето во чекор со времето и науката треба некои од своите навики, ставови, мислења за разни стручни и општи прашања да ги менува и да биде информиран за новините и за стручните сознанија во предучилишната психологија, предучилишната педагогија и предучилишната методика. Потребно е своето животно, педагошко и човечко искуство да го пренесува на децата, притоа, користејќи го нивниот јазик и нивниот начин на комуницирање. Природната развојна средина е најдобар учител на предучилишното дете, а воспитувачот е тој кој треба многу често да ја користи. Неопходно е воспитувачот да го користи методот на систематско набљудување заради унапредување на сопствената воспитно - образовна работа.

Најважен и најефикасен начин на самостојно и сопствено доизградување и усовршување е дружењето со книгата, читањето и следењето на стручно - научни трудови, следењето објавени критики, објавени текстови во педагошки списанија и во другите весници, следењето семинари, научните собири, советувањата и др. Без постојано следење на горенаведеното нема успешна работа ниту во една струка, а посебно во воспитанието и во образованието.

Добриот воспитувач, поткован со теоретски знаења, поткрепен со богато практично искуство, ќе биде мајстор за воспитно - образовната работа во својата група. Воспитувачот во групата треба да создаде работна и пријатна атмосфера, што овозможува отворен и искрен разговор, каде што информациите течат во двата правца и се создава адекватна социјално - емоционална клима. Воспитувачот е тој кој прв приоѓа и нуди помош со цел детето поуспешно да се развива, тоа се однесува на интензитетот на

неговите активности како индивидуа и како социјално суштество или пошироко сфатено максимално развивање на детските способности. Во групата мора да се развива културата на говорот, културата на слушањето, културата на однесувањето и сообраќајна и еколошката култура. Тактот и мерката во однесувањето од секогаш биле карактеристики на добар воспитувач.

Воспитувачот во текот на насочените активности по запознавање на природната и општествената средина треба да го користи учењето според модел, што е еден од најмоќните механизми, ако е во расчекор тоа што воспитувачот го препорачува и го советува или го наметнува на детето, со тоа што тој сам не го прави, детето ќе го усвои она што го гледа дека го прави воспитувачот, а не што рекол што треба да се прави (не ја газете трвата, а самиот оди по неа, не го кинете цвеќето, а самиот без прашање бере цвеќе од соседниот двор или од паркот). Децата вербално ќе се согласат со укажувањето на воспитувачот, но пак ќе ја газат тревата и ќе го кинат цвеќето. Понекогаш децата од оваа возраст се деструктивни: кинат, гмечат, кршат и го уништуваат цвеќето. До ова доаѓа бидејќи животното искуство кај децата е многу мало и многу од нештата едноставно не ги разбираат. Затоа децата најчесто преку експлорација почнуваат да ја откриваат природата. Најобичната прошетка може да биде повод за собирање на траен и нетраен природен материјал што ќе биде искористен во текот на слободните, насочените активности и во игрите.

Освен што е многу важен односот на воспитувачот во процесот на реализација и конкретизација на темите, воспитно - образовните содржини, многу е важно во текот на насочените активности по запознавање на природната и општествената средина какви работно - игровни средства употребува и на кој начин ги употребува, бидејќи тие имаат фукционална, формативна и сознајна вредност. Многу е важна активноста на воспитувачот, но не смее да се изостави и важноста на активноста на децата, притоа не заборавајќи дека мотивите и целите им се различни. Затоа при проценувањето и вреднувањето на воспитно - образовните постапки, применетите содржини, методи и принципи не смееме да даваме оценка само според она

што воспитувачот го направил, туку и според активноста на децата во текот на реализирањето и конкретизирањето на воспитно - образовната работа од областа на запознавање на природната и општествената средина. Воспитувачот во секој момент мора да ја покажува својата емоционална поддршка кон секое дете и најненаметливо, многу спонтано и индивидуално да му приоѓа. Во секој момент од воспитувачот се бара флексибилност, флуидност и оригиналност, што не значи дека воспитувачот не треба да има постојан увид во резултатите што ги постигнува и последиците на своето влијание врз децата за да може да внесува корекции и навремени подготовки во својата работа.

Воспитувачот треба да применува разни форми на воспитно - образовна работа со децата од предучилишна возраст за да ги запознае со природната и со општествената средина. Најчесто ги применува: играта, игровните активности, слободните и насочените активности, прошетките, излетите и екскурзиите. Секоја форма на воспитно - образовна работа воспитувачот треба да ја искористи за поспонтано и поедноставно приближување на природната и општествената средина кон предучилишното дете, бидејќи отсуството или сиромаштвото на сензорното искуство доведува до трајни и тешки оштетувања во развојот на менталните функции. Што значи дека сензорното искуство има многу поголема улога од моторичкото искуство, затоа е неопходно детето да биде опкружено со богати и разновидни сензорни поттикнувачи што ќе ги најде во здравата и богата средина.

Секоја форма на воспитно - образовна работа воспитувачот треба да ја искористи за водење корисни разговори и изведување на практични активности за уредување и заштита на природната и општествената средина,за развивање на свеста , за единството на средината во која живееме, за интервенцијата на човекот во таа средина, во позитивна, а со дел и во негативна смисла (деградирањето на природните вредности и губењето на еколошката рамнотежа).

Воспитувачот треба на децата почесто да им укажува дека тие сами не живеат на Земјата, туку дека пред нив живееле други луѓе, а и по нив дека

треба да живеат пак други луѓе, затоа треба да се зачува природата од загадување и уништување.

Секој воспитувач може да биде задоволен од својата воспитно - образовна работа ако успеал предучилишното дете да го оспособи:

- полесно да се прилагодува во разни животни ситуации;
- да ги осознава поимите сврзани за природната и општествената средина;
- да го разбира значењето на поимите и термините сврзани со природната и општествената средина;
- да размислува за предметите и појавите сврзани со природната и опшествената средина;
- за правилна употреба на сетилата со што ќе ја восприема природната и општествената средина;
- да ја увиде каузалноста т.е. да ги увиде причините и последиците во природната и општествената средина;
- за детско творештво и креативност чија основа и појдовна точка би биле природната и општествената средина;

Од горе изнесеното произлегува дека воспитувачот треба да го подготви предучилишното дете за живот во средината во која живее и да го оспособи да умее да се вклопи во вредностите на таа средина, при тоа стекнувајќи соодветни претстави и поими за природната и општествената средина.

# 9. ТЕОРЕТСКИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА ПРОБЛЕМОТ НА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМСКИТЕ СОДРЖИНИ ПО ЗПОС

Човекот е суштество кое со говорот, свеста и работата се одликува од другиот жив свет. За него е карактеристично изработеното да го проценува и вреднува. Според Мирјана Пешиќ " вреднувањето е чин на препишување вредности на нешто на што е насочена нашата сознајна активност, врз база на однапред определени критериуми".[72]

Постојат три елементи на вреднување и тоа :

1. избор на критериум
2. начинот на кој ќе се испитува вреднуваната појава и
3. чинот на определување на вредноста.

Ако се почитуваат овие три елементи ќе се добие резултатот на вреднувањето. Најчесто резултатите на вреднувањето даваат можност за одлучување, што е основна причина за вршење на евалуацијата.

Предмет на евалуација можат да бидат особините или постапките на некои луѓе, разни процеси или аспекти на некоја програма, разновидни производи и институции. Предмет на валоризација во овој труд ќе биде постојната "Програма за воспитно - образовна дејност за предучилишно воспитание и образование.При употребата на било која програма постојат три степени: првиот е период на опсервација, вториот на реализација и

[72] Мирјана Пешиќ, "Вредновање предшколских васпитних програма", Завод за уџбенике и наставна средства, Београд 1987 год. стр. 7

третиот на евалуација. Евалуацијата е поврзана со двата претходни периода. Кога станува збор за евалуација веднаш се наметнуваат прашањата:

- Што се евалуира? - програмата.
- Зошто се евалуира? - за промени, измени и дополнувања.
- Како, со што и кога? - овие прашања упатуваат на примената на инструменти и
- Кој евалуира? - би требало сите кои се вклучени во праксата со предучилишните деца и притоа да се користат многуте теоретски согледувања со што евалуацијата ќе придонесе нов квалитет и нови сознанија за апликација.

При валоризацијата на програмата најпрво треба да имаме предвид што ефект се постигнал со програмата во однос на начелните видувања, бидејќи постојат повеќе видови на програми. [73]

Валоризацијата е составен елемент на планирањето и реализирањето на воспитно - образовната програма. Како предмет на валоризацијата освен програмата се опфаќаат и луѓето кои работат во предучилишната установа и самата предучилишна установа.

Во зависност од тоа дали се мери образовниот резултат, односно ефектите од примената на еден програм или пак систематски се следат активностите на воспитувачот и децата и нивната интеракција и се доведуваат во врска со теоретските рамки и цели на програмата, карактеристиките на децата и образовните резултати, станува збор за *сумативна* и *формативна* евалуација. Првата разлика меѓу нив е одредбата што се следи, а втората разлика се гледа во времето кога тие се вршат. Сумативната евалуација се врши на крајот од примената на експерименталната програма и создава можности за донесување на заклучоци и одлуки за тоа дали таа програма да се примени и теоретски да се упати за примена во пракса, додека формативната евалуација тече паралелно со примената на програмата и нејзина основна цел е да се

[73] Поопстојно види во овој труд “Видови програми” на стр. 41

обезбеди фидбек информација што ќе послужи за постојано ревидирање и усовршување на програмата.

*ФОРМАТИВНАТА ЕВАЛУАЦИЈА* кога е врзана за програмските основи овозможува резултати што ќе бидат многу корисни за усовршување, изменување и дополнување на програмата. Формативната евалуација има еден недостаток, а тоа е што не може врз основа на добиените резултати да се изврши пошироко споредување помеѓу програмите, ниту пак може пошироко да се заклучува за успешноста на предучилишното воспитание и образование.

*СУМАТИВНАТА ЕВАЛУАЦИЈА* вообичаено има облик на експеримент со паралелни групи, во случај кога со експерименталната програма се прави компарација со “традиционалната” програма или пак се врши компарација меѓу две експериментални програми. За разлика од формативната евалуација, сумативната евалуација има повеќе слаби страни: најпрво, групите деца се одбираат од различни популации или пак можат да бидат несоодветни примероци од иста популација, може да постојат фактори кои можат битно да влијаат врз успехот на програмата или да постојат неконтролирани фактори во кои обично спаѓаат променливото однесување на воспитувачот или севкупната социо - емоционална клима во воспитно - образовната институција. Примената на претходната програма во однос на експерименталната програма која ќе се примени може да биде причина за грешка, бидејќи програмата може да ги направи децата повеќе или помалку восприемливи за експерименталната програма што следи. Некои од овие грешки можат да се избегнат, а за некои истражувачот мора да биде свесен и да ги има во предвид.

Новина во правењето обиди да се избегнат грешките направени со стандардните постапки е “акционото истражување”. Со него истражувачот не се задоволува со проучувањето на влијанието на срединските фактори врз образованието на детето, туку тој внесува и определени промени во срединските фактори и го мери ефектот од промените. Еднаш внесените промени во процесот на истражување го обврзува истражувачот да оди до крај со тие промени, а за да не ја намали веродостојноста и убедливоста на

резултатите и заклучоците истражувачот во текот на истражувањето иако сфатил кои промени извршиле одлучувачко влијание врз резултатите не смее и не треба да ги отфрли.

Предучилишната педагогија е релативно млада наука и затоа има потреби од изведување на поголем број евалуциони истражувања, што не значи дека не постојат теоретски убедувања и емпириски сознанија за врската и односот на детето со надворешниот свет и за неговото влијание врз когнитивниот, интелектуалниот, моторичкиот и социо - емоционалниот развој. Поголем број педагози, како што се Монтесори, Фребел, Пијаже, Виготски, Хант, Марјановиќ и др. дошле до сознание дека секоја индивидуа во согласност со своите потенцијали и карактеристики сама го определува својот развоен пат со помош на интеракција со околината.

Екологијата како помлада научна дисциплина ни дава свој теоретско - емпириски научен придонес во запознавањето, проширувањето и збогатувањето на предучилишното дете како еко - систем кој во интеракција со другите еко - системи овозможува сопствен и туѓ развој и создавање на први чекори за еколошка едукација и култура.

Брзата акцелерација во научно - техничкиот и општествено - технолошки развој предизвикале голем пресврт во приодот кон предучилишното воспитание и образование, особено тоа е нагласено во периодот на шеесетите години. Во својата студија “Експериментални програми за рано образованје”, Београд, 1982 год. Др. Емил Каменов дава многу сликовит осврт на експанзијата во предучилишниот воспитно - образовен систем во Америка и некои земји од Западна Европа.

Потребата од намалување на влијанието на културната, социјалната и здравствената депривација предизвикани од средината и условите за живот, доведуваат до појава на експерименталните компензациски програми.Со овие програми се настојува да му се помогне на предучилишното дете тоа што му го оневозможува депривираната средина (посредно или непосредно неповолно влијае на детскиот развој при тоа одразувајќи се на неговиот интелектуален, говорен развиток, успехот во училиштето, а покасно и на

статусот што ќе го заземе во општеството), да му го овозможи некоја од компензациските програми за предучилишните деца.

Своите сознанија за предучилишнита установа и животот во неа А. Марјановиќ го изнесува во своето предавање со наслов “Дечји вртиќ као отворен систем” отпечатено во “Предшколско дете” бр. 1-4 Београд, 1987 год. каде изнесува : “Мислам дека педагошката програма , доколку сака да биде ефикасна, треба да тргнува од тоа како детето го гледа светот, во најширока смисла на тие зборови.”[74]

Во книгата “Савремена породица, и њена васпитна улога”, Београд 1985 год. Босиљка Ѓорѓевиќ дава свои видувања за истражувањето во кое ја објаснува потребата од соработка на семејството со предучилишната устано-ва како две средини каде предучилишното дете ја запознава природната и општествената средина.

М-р. Љубица Марјановиќ во “Психолошките карактеристики на сознајниот развој во воспитните програми за предучилишни деца”[75] пишува дека квалитативната анализа на програмските основи од една страна и анализата на конкретната работа од друга страна укажуваат на несогласност што е резултат на несоодветна реализација, што се рефлектира и на воспитно - образовното подрачје на ЗПОС.

Мирјана Пешиќ во книгата “Вредновање прешколских васпитних програма”, Београд, 1987 год. дава огромен материјал за евалуационите истражувања во доменот на предучилишната воспитно - образовна програма во Србија. За попластично да го изнесе и да се разбере односот меѓу моделот и актуелниот воспитно - образовен процес го наведува новиот конструкт според PARLET и HAMILTON “воспитно -образовна средина“ или “ милјеа во кои се одвива учењето” односно “Воспитно - образовна средина претставува една мрежа или збир на културни, социјални,

[74] “Дечји вртиќ као отворен систем” ,“Предшколско дете” бр. 1-4 Београд, 1987 год.

[75] М-р. Љубица Марјановиќ “Психолошките карактеристики на сознајниот развој во воспитните програми за предучилишни деца”

институционални и психолошки варијабли што се комбинираат на сложен начин".[76]

Во Словенија Лудвик Хорват во "Психолошка анализа на воспитните програми во работата со предучилишните деца"доаѓа до исто сознание како Ж. Пијаже и неговите соработници дека постои различно темпо во развојот на когнитивните процеси и дека институционалното предучилишно воспитание има исто влијание како и потесната семејна средина, но останува отворено прашањето дали институционалниот облик на предучилишно воспитание и образование може да го компензира недостатокот од воспитно поттикнување во семејната средина. Со дополнителни евалуациони истражувања во Словенија е изготвена нова предучилишна програма со нова концепција. Покрај степенот на барањата, основните податоци, прирачникот за насочување во Програмата за учење, кадарот за остварување на Програмата постојат и научни рамки по определени области и тоа за:

1. Психологија
2. Музика со инструменти
3. Ликовна култура
4. Играта и педагошкото влијание
5. Хигиена на домаќинството
6.Педагогија

За разлика од Словенија кај нас се подготвува новата Програма со тоа што во 1988 год. е спроведено начелно евалуационо истражување "Валоризација на Програмата за воспитно - образовна дејност за децата од предучилишна возраст" спроведено од Педагошкиот завод на Македонија, а проектот е на Проф. Д-р Никола Петров. Целта на ова исражување беше да се утврди соодветноста и применливоста на Програмата за воспитно - образовна дејност и обезбедување на информации кои ќе послужат за нејзино усовршување. Евалуацијата покажа дека има потреба од промена, инови-

[76] Мирјана Пешиќ "Вредновање прешколских васпитних програма", Београд, 1987

рање и надополнување на Програмата. За воспитно - образовното подрачје ЗПОС се дојде до согледувања дека има потреба од промени, надополнувања и внесување на нови теми и содржини. Во прилог на изнесеното се и согледувањата од валоризацијата извршена во средна и голема група од областа на ЗПОС во предучилишната установа “Росица” од воспитувач - педагог Саид Виолета. Дел од истражувањето е публикувано во “Просветно дело” бр. 4 , 1991 год. со наслов “Вреднување на воспитно - образовната работа во предучилишните установи”. За уште подобро согледување на потребите и барањата за новиот концепт на Програмата за предучилишно воспитание и образование од октомври 1993 год. започна експериментално применување на тематското планирање во определен број на предучилишни установи во организација на Педагошкиот завод на Македонија. Од резултатите кои се очекуваат ќе треба да се концепира нова програмско - курикуларна содржина за работата на организираното институционално предучилишно воспитно - образовно дејствување.

# ДЕЛ II

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на ова истражување е " Вреднување на програмските содржини по запознавање на природната и општествената средина во предучилишните установи".

Претпоставките што примарно влегуваат во предметот на истражување се следниве :

1. Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование од 1982 год., како единствен и официјален документ што ја условува организацијата на секојдневниот живот, работа и игра во предучилишните установи ;

2. Воспитувачите и децата како непосредни учесници во воспитно - образовниот процес ;

3. Воспитно - образовниот процес во предучилишните установи што се реализира конкретно низ слободните, насочените и насочено - игровните активности од областа на запознавање на природната и општествената средина во мала, средна и голема група.

Денес не можеме во никој случај да бидеме задоволни само со сознанијата и информациите дека Програмата за предучилишно воспитание и образование има влијание врз учењето, растот и развојот на предучилишното дете, туку во овој период важни се и неопходни сознанијата и информациите за тоа "што и какви ефекти има Програмата, кај кои деца и под кои услови тие ефекти се трајни ", па оттука произлезе Програмата за воспитно - образовна дејност т.е. програмските содржини од воспитно - образовното подрачје запознавање на природната и општествената средина во мала, средна и голема група да бидат предмет на ова истражување. Во

Програмата детално се дадени основните карактеристики на физичкиот и психичкиот раст и развој на децата од предучилишна возраст, од што секогаш треба да се поаѓа при реализацијата и конкретизацијата на воспитните и образовните цели, задачи и содржини.

# 2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Основни поими на предметот на истражување се :

- ВАЛОРИЗАЦИЈА ,[77]
- ЕВАЛУАЦИЈА , [78]
- КУРИКУЛУМ ,
- ВОСПИТУВАЧИ И
- ПРЕДУЧИЛИШНА УСТАНОВА.

- Валоризација - доаѓа од латинскиот збор valor - вредност, во овој контекст има значење на вреднување на Програмата за предучилишно воспитание и образование.

-Евалуација - доаѓа од францускиот збор evaluation - определување вредност, попрецизно може да се определи како ментална активност, за испитување и споредување на еден феномен со некој експлицитен или имплицитен критериум.

-Курикулум - најчесто е дефиниран како планирање, изработка, реализирање и вреднување на програмата според која се изведува воспитно -

---

[77] Вујаклија Милан, " Лексикон страних речи и израза", во редакција на Д-р. Светомир Ристиќ и Д-р. Радомир Алексиќ, Просвета, Београд, 1972 год. стр. 142,

[78] Педагошка енциклопедија 1 и 2 во редакција на Д-р. Н. Потконјак и Д-р. П. Шимлеша, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд ; ИРО "Школска књига", Загреб ; СОУР "Свјетлост", ООУР "Завод за уџбенике и наставна средства, Сарајево ; Републички завод за унапреѓивање васпитања и образовања, ООУР издавање уџбеника и уџбеничке литературе, Титоград; Завод за издавање уџбеника, Нови Сад 1989 год. Стр. 192 и стр. 247

образовната дејност во соодветно воспитно - образовно подрачје т.е. модел на програми [79]

- Воспитувачи - воспитно - образовен кадар со соодветна стручна подготовка, главен носител на образовниот процес во предучилишните установи. Воспитувачот е тој кој може да укаже како, на кој начин и во која мера Програмата за воспитно образовна дејност во предучилишното воспитание и образование се реализира и одговара на практичните потреби на децата во предучилишните установи, бидејќи воспитно - образовната програма е апстракција, чија воспитна и научно - истражувачка улога воспитувачот ја проверува во текот на воспитно - образовната работа со предучилишните деца.

Предучилишна установа - кај нас се подразбира организација за прифаќање, згрижување, воспитание и образование на децата од предучилишна возраст, во која се остварува дејност од посебен општествен интерес.[80]

"Тие можат да имаат разновидна и еластична организација и да опфаќаат деца во целодневен, полудневен, продолжен или двосменски престој " [81]

Предучилишната установа на децата од предучилишна возраст треба да им обезбеди "здраво и среќно детство и оптимален физички,

---

[79] поопстојно види во насловот "Курикулум - современа тенденција" стр.???? од овој труд и Марсх Ј. Цолин "Курикулум темелјни појмови", Едука, Загреб 1994 год. стр. 147

[80] поопстојно види Педагошка енциклопедија 2 во редакција на Д-р. Н. Потконјак и Д-р. П. Шимлеша, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд ; ИРО "Школска књига", Загреб ; СОУР "Свјетлост", ООУР "Завод за уџбенике и наставна средства, Сарајево ; Републички завод за унапреѓивање васпитања и образовања, ООУР издавање уџбеника и уџбеничке литературе, Титоград ; Завод за издавање уџбеника, Нови Сад 1989 год. Стр. 238

[81] Програма за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје, 1982 год. стр.65

емоционален, социјален и интелектуален развиток за натамошно непречено развивање ,напредување, воспитание и образование “.[82]

[82] исто стр. 6

# 3. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Цел на истражувањето е да се согледаат можностите за поттикнување, будење, насочување и развивање на љубопитноста и интересот на предучилишното дете за природната и општествената средина, како основа за осознавање и разбирање на стварноста,за збогатување на социо - емоционалниот живот, за богатење на искуството, умеењата и навиките, за извршување на задачите што му ги наметнува средината, за менување на својот однос кон средината и кон самиот себе и за формирање адаптибилна, флексибилна, самостојна и креативна личност.

# 4. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Вака дефинираната цел на истражувањето се конкретизира преку следниве задачи :

1. Осознавање и збогатување со претстави, поими и знаења за природната и општествената средина согласно со биолошките и развојно - психолошките особености на предучилишните деца, што ги бара еден насочен едукативен и интеракциски процес.

2. Да се изврши избор на програмските содржини и тематски целини со што ќе се овозможи иновирање, изменување и дополнување на Програмата за воспитно - образовна дејност за предучилишно воспитание и образование. Со претпоставка дека нашата Програма е ориентациона, а секоја предучилишна установа подготвува своја интерна програма од страна на воспитувачите и психо-педагошката служба, а воспитувачот има слобода да изврши измени и дополнувања заради актуелност на определена појава или заради задоволување на барањата, потребите,интересот и љубопитноста на децата од воспитната група.

3. Да се сознаат начините и постапките на планирање со поставеност на програмските основи.

4. Да се испита колку се поттикнуваат и се насочуваат индивидуалните интереси кај предучилишните деца.

5. Да се испитаат ставовите, мислењата и судовите на воспитувачите за примената на формите на работа при реализација и конкретизација на воспитно - образовните содржини.

Реализирањето на овие пет задачи на истражувањето би требало да доведе до податоци со што ќе се овозможи откривање и на низа други законитости, односи и врски меѓу категориите што се испитуваат.

# 5. ХИПОТЕЗИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предметот, целта и задачите на истражувањето беа основи за поставување на следниве хипотези :

ГЛАВНА ХИПОТЕЗА

Организацијата, начинот на планирањето и реализирањето на воспитно - образовните активности има влијание врз раното насочување и запознавање на децата од предучилишна возраст со појавите и со промените во природната и општествената средина.

ПОМОШНИ ХИПОТЕЗИ

1. Претпоставувам дека ориентациониот карактер на Програмата овозможува слободен избор на програмски содржини што доведуваат до иновирање, измени и дополнувања на програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование.

2. Претпоставувам дека планирањето се врши во согласност со барањата на програмските основи.

3. Претпоставувам дека воспитувачите ги поттикнуваат и ги насочуваат индивидуалните интереси кај децата.

4. Претпоставувам дека воспитувачите ги применуваат сите форми на работа при реализацијата и конкретизацијата на воспитно - образовните содржини.

# 6. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Од поставеноста на хипотезите во истражувањето се јавуваат повеќе варијабли.

Како НЕЗАВИСНИ ВАРИЈАБЛИ се јавуваат следниве:

1. Програмата за воспитно - образовната дејност во предучилишното воспитание и образование со програмските содржини;

2. Педагошката документација и

3. Материјалните услови и работно - игровните средства за рабо-та со предучилишните деца( зависат од умешноста и креативноста на воспитувачот).

4. Карактеристиките на воспитувачите се:

- Стручна подготовка на воспитувачите;

- Работен стаж на воспитувачите и

- Тип на воспитувач ( демократски, авторитарен, анархичен )

1. Социо - економскиот статус ( СЕС ), се определува врз база на образовната категорија на двата родитела на предучилишното дете.

ЗАВИСНИТЕ ВАРИЈАБЛИ се изразуваат преку:

1. Активностите и однесувањето на предучилишните деца на набљудуваните активности;

2. Активностите и однесувањето на воспитувачите во предучилишните установи што влијаат во будењето на интересот и љубопитноста кај предучилишните деца за природната и општествената средина како основа за разбирање и осознавање на стварноста;

3. Како и добиените ставови и мислења на воспитувачите.

Определувањето на НЕЗАВИСНИТЕ И ЗАВИСНИТЕ ВАРИЈАБЛИ е само начелно. Во зависност од условите и ситуацијата што ја испитуваме може да дојде до меѓусебно условување и испреплетување на различни начини, па наведените варијабли може да се јават како зависни и независни.

# 7. ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Ова истражување вклучи повеќе видови примероци :

- Примерок на предучилишни установи;
- Примерок на воспитно - образовни групи и
- Примерок на воспитувачи.

*Примерокот на предучилишни установи* за систематското набљудување на воспитно - образовните активности е намерен и ги опфаќа градинките : Р. О. "Росица", Р. О."Кочо Рацин", Р. О. " Мајски цвет". Примерокот е намерен бидејќи сите три работни организации подолг период прават обиди за тематско планирање во рамките на постојната Програма што е поделена на воспитно - образовни подрачја.

Табелата бр. 1 дава преглед на примерокот за систематско набљудување на името на предучилишните установи, местото каде што се наоѓаат, општината и воспитно - образовните групи во кои е извршено систематското набљудување.

ТАБЕЛА бр. 1 : Преглед на примерокот за систематско набљудување

| ред. Бр. | Предучилишна установа | Место | Општина | Воспитно - образовни групи |
|---|---|---|---|---|
| 1 | "РОСИЦА" | Скопје | Карпош | 23 |
| 2 | "КОЧО РАЦИН" | Скопје | Центар | 25 |
| 3 | "МАЈСКИ ЦВЕТ" | Скопје | Карпош | 24 |
| Вк. | 3 | 1 | 2 | 72 |

*Примерок на восӣиӣно - образовни ӷруӣи* - Набљудувањето е спроведено во мала, средна и голема група, што значи за примерок беа земени деца на предучилишна возраст од три до седум години. Со опфаќањето на децата од трите воспитно - возрасни групи, сакавме да направиме компарација во однос на проширувањето и продлабочувањето на детските знаења и можностите за поттикнување и будење на интересот и љубопитноста кај предучилишните деца за природната и општествената средина како основа за разбирање и осознавање на стварноста. Писменото снимање го вршеше истражувачот со помош на студентите од четврта година на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет - Скопје во текот на мај 1996 година. Во текот на истражувањето соработував со педагозите од трите предучилишни установи и психологот во предучилишната установа "Росица", бидејќи во другите две предучилишни установи нема психолози. Тие со своите мислења, ставови и согледувања многу придонесоа за овој труд.

Беа набљудувани по 20 слободни и 20 насочени активности од обласга на запознавање на природната и општествената средина. Примерокот содржи 60 временски единици. Според програмата за воспитно образовна работа, слободните и насочените активности се реализираат во утринските часови, во определени временски интервали. Набљудувањето во целост е со просечно времетраење од 15 до 35 минути во зависност од воспитно - возрасната група (мала, средна, голема).

Примерокот на воспитувачи за анкетирање и интервјуирање е намерен и го сочинуваат воспитувачите од трите предучилишни установи од Скопје, а тоа е 19.9 % од популацијата воспитувачи во предучилишните установи во Скопје и околи-ната Структурата на примерокот воспитувачи е прикажан на три табели.

Во табелата бр. 2 е прикажана структурата на примерокот воспитувачи.

ТАБЕЛА бр. 2 : Структура на примерокот за анкетирање

| Ред. бр. | Предучилишна установа | Место | Општина | Воспитувачи |
|---|---|---|---|---|
| 1 | “РОСИЦА” | Скопје | Карпош | 23 |
| 2 | “КОЧО РАЦИН” | Скопје | Центар | 25 |
| 3 | “МАЈСКИ ЦВЕТ” | Скопје | Карпош | 24 |
| Вк. | 3 | 1 | 2 | 72 |

ТАБЕЛА бр. 3 : Структура на примерокот во однос на степенот на образованието на воспитувачите

| Ред. бр. | Предучилишна установа | Степен на образование | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ССП | | ВШП | | ВСП | |
| | | бр. | % | бр. | % | бр. | % |
| 1 | “РОСИЦА” | 2 | 8.7 | 14 | 60.8 | 7 | 30.5 |
| 2 | “КОЧО РАЦИН” | 2 | 8 | 17 | 68 | 6 | 24 |
| 3 | “МАЈСКИ ЦВЕТ” | 3 | 12.5 | 18 | 75 | 3 | 12.5 |
| Вк. | 3 | 7 | 9.7 | 49 | 68 | 16 | 22.3 |

Во табелата бр. 3 е дадена структурата на примерокот во однос на степенот на образованито на воспитувачите. Табелата покажува дека се опфатени сите категории на популацијата воспитувачи. Воспитувачите со ССП ги има во мал процент (9,7 %) , бидејќи тоа е популација од која повеќе од воспитувачите се заминати во пензија, дури може и да се анулира,

бидејќи тоа се воспитувачи со стаж над 25 години и се вклучени во популацијата на воспитувачи со виша стручна подготовка.

Во табелата бр. 4 е дадена структурата на примерокот во однос на работниот стаж.

| Ред. Бр. | Предучилишна установа | Работен стаж | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | До 10 години | | Од 10 - 20 години | | Над 20 години | |
| | | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |
| 1 | “РОСИЦА” | 1 | 4.5 | 12 | 52 | 10 | 43.5 |
| 2 | “КОЧО РАЦИН” | 5 | 20 | 9 | 36 | 11 | 44 |
| 3 | “МАЈСКИ ЦВЕТ” | 2 | 8.4 | 6 | 25 | 16 | 66.6 |
| Вк. | | 8 | 11 | 26 | 36 | 38 | 53 |

Според табелата бр. 4 најмногу од воспитувачите се со над 20 години стаж, а најмалку се со до 10 години работен стаж, што значи станува збор за популација на воспитувачи со големо работно искуство.

# 8. МЕТОДИ, ТЕХНИКИ И ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Според карактерот на истражувањето, поставената цел, задачите и хипотезите во ова истражување се користеа методи, техники и инструменти со што ќе се овозможи добивање релевантни податоци за поставениот проблем.

1. **МЕТОД НА ИСТРАЖУВАЊЕ**

■ ДЕСКРИПТИВЕН, со цел да се овозможи анализирање, опишување и образложување на проблемот

2. **ИСТРАЖУВАЧКИ ТЕХНИКИ**

■ ИНТЕРВЈУИРАЊЕ ;

■ АНКЕТИРАЊЕ;

■ СКАЛИРАЊЕ;

■ СИСТЕМАТСКО НАБЉУДУВАЊЕ;

■ АНАЛИЗА НА ПЕДАГОШКАТА И ДРУГА ДОКУМЕНТАЦИЈА.

3. **ИНСТРУМЕНТИ**

■ ПОТСЕТНИК ЗА СОДРЖИНСКАТА АНАЛИЗА НА ПРОГРАМАТА за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование;

■ АНКЕТЕН ЛИСТ - СКАЛЕР наменет за воспитувачите од предучилишните установи;

■ ПРОТОКОЛ НА ИНТЕРВЈУ наменет за воспитувачите од предучилишните установи;

■ ПРОТОКОЛ 1 ЗА ПИСМЕНО СНИМАЊЕ НА СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ;

■ ПРОТОКОЛ 2 ЗА ПИСМЕНО СНИМАЊЕ НА НАСОЧЕНИТЕ АКТИВНОСТИ;

■ ПОТСЕТНИК ЗА ПОДАТОЦИ ОД ПЕДАГОШКАТА И ДРУГАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА.

Анализата на педагошката документација е насочена кон:

•Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование;

• Детското педагошко досие;

•Пријавните листови и

•Личната педагошка документација на воспитно - образовниот кадар во предучилишните установи.

Програмата за воспитно - образовната дејност денес во предучилишното воспитание и образование е во употреба од 1982 година и претставува главна и основна ориентација за воспитно - образовната работа на воспитно - образовниот кадар во предучилишната установа. Со содржинската анализа на Програмата се добиени податоци за карактеристиките на Програмата, нејзината структурална поставеност, застапеноста на воспитно - образовнте цели, задачи и содржини, програмските барања во однос на воспитно - образовното подрачје за запознавање на природната и општествената средина, увид во материјалните услови и работно - игровните средства и местото и улогата на воспитувачот при организирањето и реализирањето на програмските задачи и содржини од воспитно - образовното подрачје на запознавање на проиродната и општествената средина.

Од детското педагошко досие и пријавните листови ќе се добијат податоци за детето и неговите родители, односно ќе се утврди социо - економскиот статус на родителите.

Од личната педагошка документација на воспитувачот ќе се добие преглед и анализа на сите видови планирања - годишно, месечно и дневно, евидентирање на неговата воспитно - образовна работа и реализација на истата. За таа цел е конструиран потсетник за содржинската анализа на програмата прилог бр. 1 .

Со помош на систематското набљудување на слободните активности и насочените активности од запознавање на природната и општествената средина добивме податоци за тоа чија е иницијативата, кој го прави изборот на активностите во групата, кој ги избира работно - игровните средства, каде се реализираат активностите, колку е времетраењето на активностите, кои форми и методи на работа се применуваат, дали се реализираат активностите според предвидениот план и каков е односот меѓу воспитувачот и детето. За таа цел се изработени :

- Протокол 1 за писмено снимање на слободните активности и
- Протокол 2 за писмено снимање на насочените активности.

( Прилог 2 и 3 )

Со помош на техниката - анкетирање добивме податоци за мислењата, ставовите и согледувањата на воспитувачите во однос на тоа каков интерес децата покажуваат за воспитно - образовните содржини од обласа на запознавање на природната и општествената средина; какви ефекти се постигнуваат при реализирањето на оперативните задачи и програмските содржини и колку тие придонесуваат за развитокот на креативноста кај децата; кој треба да учествува во подготвувањето на програмата во делот од запознавање на природната и општествената средина; колку задачите и содржините од обласа на запознавање на природната и општествената средина може да бидат основа за први еколошки сознанија и еколошка култура; дали подрачјето на ЗПОС е основа за програмата и колку е важен бројот на децата за организирање на воспитно - образовната работа во групата.

Инструментот што беше користен при оваа техника е анкетен лист - СКАЛЕР што содржи прашања од различен тип, со повеќе алтернативи и скали на проценки, со што се мереше интензитетот на ставовите на

воспитувачите и нивните согледувања во однос на поставениот проблем
( Прилог 4 )

Со помош на техниката - интервјуирање се добија податоци и мислења со што поуспешно ќе се реализираат целите, задачите и содржините од воспитно - образовното подрачје за запознавање на природната и општествената средина и решавање на одделни потешкотии во врска со овој проблем.Станува збор за неврзано, директно и индивидуално интервју.
(Прилог 5 )

# ДЕЛ III

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. ПОТСЕТНИК ЗА СОДРЖИНСКАТА АНАЛИЗА НА ПРОГРАМАТА ЗА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ВО ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

Основен и официјален документ по кој сеуште се реализира воспитно - образовната работа во предучилишните установи во Република Македонија е Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование донесена 1982 год. од страна на Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието. Со ова истражување преку квалитативна анализа на програмските основи на Програмата требаше да се утврди местото на ЗПОС, какви се програмските барања и дали четирите тематски целини ги задоволуваат потребите, барањата, интересите и желбите на предучилишните деца. Анализата се вршеше со помош на специјално конструиран потсетник за содржинската анализа (види прилог1).

Програмата според која се работи во предучилишните установи по својата определба е хуманистичка, а по своите можности флексибилна и ориентациона. За програмската основа се земени стручно - научните сознанија за предучилишното дете и за неговиот севкупен развој. Времето и сите настани ја надминаа нејзината основна цел, но мора да се има предвид кога е подготвувана, во какво општество и со каква идеологија за живот. Изразите сестрано, социјалистичка, здружен труд, ликот и делото на Тито веќе не се актуелни, туку ни се страни и затоа се чувствува потреба да се надмине сето тоа, Програмата да се корегира, дополни, иновира или во

целост да се измени со можност концепирање Програма со повеќе можни алтернативи или повеќе програми.

# 2. АНАЛИЗА НА ОПШТИТЕ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ПРОГРАМАТА

Основен белег на структуираноста на Програмата е нејзината ориентираност "на најмладата генерација да ѝ обезбеди услови за здраво, радосно и среќно детство, за оптимален физички, интелектуален, емоционален, социјален и морален развој и нејзино натамошно успешно воспитание и образование".[83]

Ваквата ориентација е во согласност со општата цел на воспитанието и образованието кај нас. Всушност, сакаме формирање слободна, творечка и креативна личност во согласност со нормите и со сознанијата за предучилишниот период, како формативен и најбурен период во развојот на детето, како период каде што се создаваат основите за развојот на идниот човек и се формираат основните црти и квалитети на човекот. Прогресивните и хуманистички тенденции за оптималниот развој на личноста, кај нас многу јасно се зацртани во општите воспитно - образовни цели на Програмата. Воспитните цели на Програмата натаму се заокружуваат и се специфицираат во рамките на оддслни области на развојот на предучилишното дете: физички и сензомоторен, емоционален и волев, социјално - морален и интелектуален развој, а задачите, пак, претставуваат конкретизација на

---

[83]"Програма за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование", Републички завод за унапредување на воспитанието и образованието, Скопје 1982, стр. 6

целите во одделните подрачја на воспитно - образовната работа, односно за соодветна возраст - група.

Реализацијата на општата воспитно - образовна цел, слободна, креативна личност, според Програмата, треба да се обезбеди преку остварување специфични задачи за поттикнување на физичкиот и сензомоторниот, емоционалниот и волев и социјално - моралниот развој на децата.

а) Физичко - сензомоторниот развој треба да обезбедува поволни услови за зачувување на здравјето на детето, нормалното растење, дете кое ќе владее со својата моторика, развивање на сензорната осетливост, задоволување на потребите за движење и игра, развивање способност за правилна ориентација во просторот и негување и развивање на културно - хигиенските навики.

б) Емоционално - волевиот развој треба да овозможи формирање на задоволно и радосно дете, здобивање со извесна самостојност, а истовремено да остане приврзано кон родителите и воспитувачот, да се зачува детската непосредност и искреност, да се формира иницијативно дете, кое ќе може да решава определени проблеми.

в) Социјално - моралниот развој треба да придонесе секое дете да се чувствува радосно и задоволно, непречено да се вклучува во игри и разни активности, да се негува и чувството на припадност и гордост, да го проширува и да го средува своето социјално искуство, да ги осознае и да ги почитува основните норми на однесување, да влијае врз развојот на самостојноста, сигурноста, самодовербата, самоиницијативноста, другарството, пријателството, помошта, солидарноста, патриотизмот и да се формираат елементарни работни навики.

г) Интелектуалниот развој треба да ја поддржува и да ја облаго-родува природната љубопитност, да ги насочува психо - физичките можнос-ти за сознавање, да охрабрува во потфатите, да ги развива и да ги облаго-родува перцептивните, имагинативните и сознајните способности, да ги постави основите на елементарното математичко - логичко размислување и заклу-

чување, да ги развива и да ги облагородува комуникативните способности и да го воведе детето во начините за освојување на знаењата и да ги развива способностите за сознавање и учење.

Престојот на децата во предучилишните установи е исполнет со работни активности, учење и игра. Разновидните активности треба да им овозможат полесна адаптација и социјализација, интензивен растеж, сетилност, динамичност, емоционалност, пластичност, развивање на мислењето, помнењето, фантазијата и стекнување на сигурност и самодоверба, сé со цел да ги задоволи потребите и психо - физичките можности на предучилишното дете. За да се постигне сето тоа неопходно е да се изработи распоред на денот, со што ќе се воспостави определен ритам на детските активности и правилно ќе се организира воспитно - образовната работа. При определување на дневниот распоред треба да се земат предвид сезонските, адаптационите и дневните периоди, условите во кои работи работната организација, работно - игровните средства, потребите и желбите на детето и семејството. За полесно определување на дневниот распоред секој воспитувач се придржува кон Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование, што е ориентациона и дозволува поголема слобода и флексибилност во изборот на теми, поттеми, содржини, методи, принципи и работно - игровни средства.

Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование во потесна смисла се состои од шест воспитно - образовни подрачја и тоа:

1. Запознавање со природната и со општествената средина,
2. Култура на говорот,
3. Воведување во математиката,
4. Физичко и здравствено воспитание,
5. Ликовно воспитание и
6. Музичко воспитание.

Секое воспитно - образовно подрачје има свои цели и задачи што се реализираат преку определени содржини и активности, што по својот обем и времетраењето се тесно сврзани со потребите, интересите, можностите, конкретните услови и возраста на децата.

Од горе изнесеното произлегува дека поголем дел од задачите во рамките на секоја поединечна област претставуваат солидна основа за смислено, насочено и организирано воспитание и образование и може да се очекува дека кај детето до одреден степен ќе се развива правилен развој, креативност и творештво, но истовремено се наметнува сознанието дека задачите од скоро сите поединечни области се прилично декларативно дадени, а можностите за создавање и формирање на слободна креативна личност се дискутабилни.

# 3. АНАЛИЗА НА ПРОГРАМСКИТЕ ЗАДАЧИ И СОДРЖИНИ КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ ПРЕКУ СЛОБОДНИТЕ ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ

Од анализата на резултатите може да се каже дека престојот на децата во предучилишната установа е организиран со повеќе активности во текот на денот. Детските активности се изведуваат преку слободните активности, насочените активности и игровните активности по слободен избор на децата. Според Програмата е одредено колку време припаѓа на слободните активности и тоа изразено во минути според воспитните групи. Во сите групи на слободните активности е определено времето од 360 минути, со тоа што на слободните игри (се мисли на сите видови игри) доаѓа во мала група 120 минути, во средна група 130 минути и во голема група 140 минути. Преостанатата минутажа во мала група од 240 минути, во средна 230 минути и во голема 220 минути е определена за прошетки, слободни игри, престој на воздух и работни активности. Определувањето на минути не остава простор и можност децата покажаната љубопитност и творештво да ги довршат до крај. Според мое видување во предучилишните установи во последно време нема строга временска определба меѓу слободните и насочените активности, а уште помалку во самите слободни активности. Тоа не значи дека не се почитува Програмата, но во предучилишните установи се дојде до сознание дека интересот, барањата и потребата на децата треба да биде на прво место во однос на почитувањето на минутажата. Во Програмата нема посебен дел во кој се определува начинот

на организирање и изведување на слободните активности. Според барањето на Програмата слободните активности треба на секое дете да му овозможат слободна игра, слободно изразување, творење, креирање, фантазирање и да воспоставува најразлични односи и видови на дружење со гругите деца во заедничките активности, а сепак при тоа да има свој индивидуален начин на приод при искажувањето на сопствените способности и можности. Слободните активности најчесто се изведуваат во просторијата за дневен престој во катчињата за игра, во сала, на тераса , во дворот или во непосредната околина (парк, детски игралишта, место за излет и др.).Според резултатите и Програмата се бара децата да можат слободно да ги избираат содржините и средствата, а уште поголема слобода да имаат во формирањето и расформирањето на социјалните групи. Во зависност од возраста на децата, од нивната иницијативност и интерес воспитувачот треба да биде партнер, иницијатор, соиграч и усмерувач. Самиот воспитувач мора да има мерка во однесувањето во текот на слободните активности зошто во спротивно тие престануваат да бидат слободни. Голем успех за секој воспитувач е ако успее спонтано и без да ја прекине слободната активност да ја претвори во насочена активност и обратно.

Пример, после летување може некое дете да донесе школка, разни интересни камчиња или морска ѕвезда обично ги покажува на ,децата и воспитувачот, а тоа кај децата може да се создаде интерес за разговор, потоа може дс се роди идеја да се мијат донесените материјали, ако не се измијат убаво само со водата, може да се рибаат со четка или да се примени некоја друга експлоративна дејност. Поттикнувањето може да дојде од страна на воспитувачот или децата, без разлика од кого е тоа треба да се поддржи и да се настојува до крај да се искористат сите можности, со тоа што слободната активност може да се претвори во насочена активност “Растворливост на материите”, “Што сé може да се прави со водата” и сл.

Во секој случај Програмата дава можности за изведба на слободни активности, а тоа е можност за воспитувачот подетално да го запознае секое дете од својата воспитна група, да ја знае неговата сила, интерес, способност, креативност и можност за понатамошен развој.

# 4. АНАЛИЗА НА ПРОГРАМСКИТЕ ЗАДАЧИ , ТЕМИ И СОДРЖИНИ КОИ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ПРЕКУ НАСОЧЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ЗПОС ВО ПРВА МАЛА, ВТОРА МАЛА, СРЕДНА И ГОЛЕМА ГРУПА

Од природата на проблемот, анализата на програмските задачи, теми и содржини кои се реализираат преку насочените активности од ЗПОС во прва мала, втора мала, средна и голема група е извршена во првиот дел од овој труд под истиот наслов на стр. 75, што покажа дека валоризацијата е нужна, неопходна за согледување и утврдување на вредностите, позитивностите и врз таа основа отстранување на негативностите и недостатоците.

# 5. УЛОГАТА НА ВОСПИТУВАЧОТ ПРИ ОРГАНИЗИРАЊЕТО И РЕАЛИЗИРАЊЕТО НА НАСОЧЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНОТО ПОДРАЧЈЕ ЗПОС

Ако се анализираат задачите, темите, содржините и објаснувањата од воспитно - образовната област по ЗПОС воспитувачот треба во сите воспитни групи да:

- развива и збогатува контактите со децата,
- поттикнува и ги ослободува децата за разговор за нивните игри и доживувања во родителскиот дом, како и за прославите и домашните свечености,
- остварува поставените барања низ разговори, со употреба на макети, сликовници и пригодни литературни творби,
- помогне на децата да ги систематизираат, дополнуваат и корегираат искуствата и во тој правец да се организираат набљудувањата, посетите, излетите, игрите и слично.
- поттикнува децата самите да си ги избираат индивидуалните и заедничките игри,
- воведува децата во правилно движење и премин преку улица,
- насочува кон првична еколошка едукација и стекнување на првични сознанија за еколошка култура,

• воведува во откривачките и истражувачките активности и експериментирањето.

“Важно е воспитувачот да ги почитува интересите и потребите за непречена игра на децата”[84] и секогаш да го има во вид детското однесување, а конфликтните ситуации да ги решава праведно и со прифатливо решение и за двете страни.

Треба децата да ги поттикнува на заеднички игри во парови или помали групи, но треба да ја почитува потребата на детето, повремено да се издвои од групата и да биде осамено. Секој обид на детето да покаже иницијативност и креативност воспитувачот треба да го подржува и поттикнува.

Објаснувањата после секоја тематска целина се кратки дидактичко-методски упатства за реализација на содржините и тие имаат претежно ориентационен карактер. Секој воспитувач овие упатства треба да ги има во предвид само како насоки и како помош, а во никој случај не како шема и рецепт. Што значи во реализирањето и конкретизирањето на насочените активности воспитувачот во текот на активностите треба да раководи со сите деца од групата, а истовремено да ги развива индивидуалните особини на децата, да ги поттикнува на активност и да ги стимулира нивните социјално - емоционални доживувања.

Со анализата на Програмата се потврдува дека воспитувачот има примарна улога во реализирањето на насочените активности од ЗПОС и има улога на поттикнувач, насочувач, советувач, организатор, реализатор, инструктор и учесник - партнер во сите активности во групата со децата.

[84] Програма, стр. 132

# 6. ПРЕГЛЕД НА ЛИЧНАТА ПЕДАГОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА ВОСПИТУВАЧИТЕ (ПЛАН И ЕВИДЕНЦИЈА)

За тоа кој колку работи и што постигнува во работата мора да постои некој документ. За воспитно - образовната работа на воспитувачите во предучилишните установи тоа се тетратките за годишно, месечно и дневно планирање, дневникот за работа и детското досие. Природата на проблемот не бараше целосно и опстојно вршење на увид во оваа документација , туку само она што е сврзано со вреднувањето на програмските содржини од воспитно - образовното подрачје на ЗПОС. Документацијата, како и просторијата за дневен престој, се огледало на воспитувачот и неговата работа, па затоа можам да кажам дека поголем број од воспитувачите имаат уредна документација.

ГОДИШНИОТ ПЛАН е глобален и е основа и ориентир за воспитно - образовната работа на воспитувачот во текот на целата година. Во однос на воспитно - образовното подрачје ЗПОС во годишниот план се дадени теми, поттеми, општите цели, задачи и содржини, а сите се во согласност со Програмата за воспитно - образовната дејност во предучилишното воспитание и образование, што значи се почитува фондот на насочените активности од воспитно - образовната област ЗПОС и нивното времетраење заведено во дневникот за работа. Определениот фонд на активности по ЗПОС и ограничувањето на времето за реализирање на насочените активности од ЗПОС воспитувачот го става во подредена ситуација, а тоа значи да не може да го задоволи детскиот интерес, љубопитност, потреби и желби сврзани за некој предмет, појави, суштество, определена животна ситуација или настан.

Определениот временски рок значи депривација за определени сознанија за природната и општествената средина.

Програмските содржини, задачи и четирите тематски целини на воспитно - образовното подрачје на ЗПОС се повторуваат во глобала кај сите воспитувачи во согласност со Програмата, но во овие три предучилишни установи при програмирањето биле земени во предвид непосредната околина и материјалните можности на предучилишните установи, во смисла реализирањето на насочените активности од ЗПОС да биде во блискиот парк, полјанката пред градинката, во близина на реката Вардар, во Природно - научниот музеј, во Зоолошката градина и сл. Ваквиот начин на планирање сеуште не создава можности за почитување на индивидуалноста и акцелерацијата кај децата. На неколку места има измени на програмските содржини бидејќи воспитувачите заедно со стручната служба дошле до сознание дека одредени настани има потреба да се внесат во годишното планирање (Априлијада - ден на маски и шеги, Ден на екологијата и сл.).

При анализата на годишното планирање во почетокот на учебната година нема изготвено техника или инструменти со кои ќе се изврши вреднување на воспитно - образовната работа со евидентирање.

Со анализата на годишните планови на воспитно - образовната работа на воспитувачот може да се заклучи дека планирањето на програмските содржини од воспитно - образовното подрачје ЗПОС се врши со определен фонд на активности и со одредена минутажа. Со програмските содржини се дава можност за колективно воспитување, без поголема можност за индивидуализација и акцелерација. За една програмска содржина не постојат повеќе алтернативи и не постои ниту техника, ниту инструмент за вреднување, со што ја потврдуваме нашата хипотеза дека планирањето се врши во согласност со барањата на програмските основи од постоечката Програма. Развојно е што секоја предучилишна установа планирањето на програмските содржини го усогласува со можностите што ги нуди непосредната околина и материјалните можности на предучилишната установа, а тоа оди во прилог на поставената хипотеза дека ориентациониот карактер на Програмата овозможува слободен избор на програмски содржини што дове-

дуваат до иновирање, измени и дополнувања на Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование.

Од горе изнесеното логички следува дека има потреба од менување и на Програмата и на самиот процес на планирање.

МЕСЕЧНИ ПЛАНОВИ - при прегледот на овие планови се доаѓа до заклучок дека планирањето е временско, а тоа значи дека планирањето се одвива по месеци и редоследно по годишни времиња. Всушност, станува збор за секојдневните содржини распоредени по денови за соодветниот месец. По увидот во сите три предучилишни установи месечните како и годишниот план се разликуваат, а сепак се придржуваат на Програмата. Во прилог на тоа ги издвојуваме месечните планови на трите предучилишни установи за сите возрасни групи за месец мај 1996 година.

*Прв пример за месечно планирање:*

Прва мала група

ТЕМА: Ја откриваме природата и се радуваме

1. Пролетни инсекти
2. Штркот и жабата
3. Пролетни плодови
4. Пролетни игри

Втора мала група

ТЕМА: Ја откриваме природата и се радуваме

1. Пролетни инсекти
2. Ние и сообраќајот
3. Пролетни плодови
4. Што знаеме за водата

Средна група

ТЕМА: Ја откриваме природата и се радуваме

1. Пролетни инсекти

2. Сообраќајот во мојот град

3. Мали истражувачи - светлина и сенки

4.Пролетно овошје

Голема група

ТЕМА: Патуваме и растеме

1. Во светот на водата

2. Кога ќе пораснам ќе бидам…

3. Пораснавме и за училиште стасавме

4. Довидување градинке

*Втор пример за месечно планирање:*

Прва мала група

ТЕМА: Пролет

1. Набљудување продавници за играчки

2. Набљудување инсекти - пеперутки

3. Дидактичка игра - “игра на боите”

4. Запознавање со пролетното овошје - цреши

Втора мала група

ТЕМА: Пролет

1. Набљудување инсекти - пчелки

2. Набљудување инсекти - пеперутки

3. Дидактичка игра - “расте, расте”

4. Набљудување пролетно овошје - цреши

Средна група

ТЕМА: Пролет

1. Набљудување на зеленчукова градина

2. Набљудување инсекти во ливадата

3. Полски цвеќиња - камилица

4. Разговор со сообраќаен полицаец

5. Набљудување пролетно овошје

Голема група

ТЕМА: Излет во природа

1. Излет во природа

2. Во посета на училиште

3. Овошје во пролет

4. Инсекти

5. Патувам, патувам

*Трет пример за месечно планирање*

Мала група

ТЕМА: Ја сакаме природата, ја чуваме околината

1.Пролетните цвеќиња и инсекти украс во природата

2.Медот во исхраната

3.Лековитите билки чувари на нашето здравје

4.Првото овошје и зеленчук

Средна група

ТЕМА: Ја сакаме природата, ја чуваме околината

1. Пролетните цвеќиња и инсектите - украс во природата

2. Медот во исхраната

3. Лековити билки - чувари на нашето здравје

4. Првото овошје и зеленчук

Голема група

ТЕМА:Природата се буди

1.Пролетните цвеќиња и инсектите - украс во природата

2. Медот во исхраната

3. Лековити билки - чувари на нашето здравје

4. Првото овошје и зеленчук

Наведените теми се преточуваат во насочени активности од ЗПОС и се изведуваат со одредениот фонд на содржини. Програмските содржини се распоредени по возрасни групи, со тоа што од прва мала кон голема група има отфрлување, проширување и продлабочување на програмските содржини. Може да се забележи дека воспитно - образовните содржини се исти кај сите групи од иста возраст на децата само постои разлика во поставувањето на воспитно - образовните цели и задачи. Најчесто постои корелација меѓу насоченните активности од воспитно - образовното подрачје ЗПОС и слободните активности. За месечното планирање во една градинка се врши писмена анализа на воспитно - образовната работа според претходно подготвен потсетник.

Со анализата на месечните планови се добива впечаток дека месечните планови се потсетници на воспитувачите при секојдневната воспитно-образовна работа. Од месечното планирање по возрасни групи се добива впечаток дека се почитуваат психо - физичкиот раст и развој на децата, а временската определба на темите со цел восприемањето и перцепирањето од страна на децата да овозможи стекнатите претстави и поими дабидат трајна сопственост на децата со можност за изградување на критичко мислење и правилен поглед на светот. Ова оди во прилог на хипотезата дека планирањето се врши во согласност со барањата на програмските основи од постоечката Програма.

Хипотезата дека Програмата има ориентационен карактер и овозможува слободен избор на програмски содржини што доведуваат до иновирање, измени и дополнувања на Програмата за воспитно-образовната дејност во предучилишното воспитание и образование ја потврдуваат трите примери на месечното планирање за месец мај 1996 година. Истото месечно планирање за определена возрасна група укажува на непостоење голема можност за индивидуализација, акцелерација и развој на сите воспитно-образовни аспекти.

ДНЕВНИ ПЛАНОВИ - дневниот план е структуиран на следниот начин:

- Слободни активности,
- Воспитно-образовно подрачје,
- Насочена активност, ( подразбира програмска содржина )
- Воспитно-образовни цели и задачи,
- Форми на работа,
- Воспитно-образовни методи,
- Работно-игровни средства,
- Тек на активноста и
- Слободни игри и прошетки.

Скоро кај сите дневни подготовки постојат предходно наброените елементи со исклучок некаде се испуштени методите, некаде работно-игровните средства или формите. Најчесто воспитно-образовните цели и задачи воспитувачите ги усогласуваат според својата група и децата во неа. Описот на текот на насочените активности од ЗПОС најчесто е пократок, тоа е така бидејќи работното искуство го прави своето, во популацијата примерок најмногу воспитувачи се со над 20 години стаж, а второ текот на активноста е менлив и не зависи само од воспитувачот, па затоа ова е позитивна компонента во дневното планирање. Најчесто има корелација меѓу слободните активности и насочените активности од ЗПОС.

Од анализата на дневните планови може да се заклучи дека ја потврдуваат хипотезата дека планирањето се врши во согласност со барањата на програмските основи.

ЕВИДЕНЦИЈА НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Евиденција за воспитно - образовната работа секој воспитувач ја води во дневникот за воспитно - образовна работа и во детското досие. Дневникот за воспитно - образовна работа и детското досие нема да ги анализираме во целост туку парцијално во оние делови каде станува збор за воспитно - образовна работа од ЗПОС. Секој воспитувач во зависност од воспитната

група неделно има евиденција за програмски содржини од воспитно - образовното подрачје ЗПОС еднаш или двапати. Графата определена за заведување на насочените активности е пополнета со насловот на воспитно - образовното подрачје и реализираната содржина. Во една градинка по заведената содржина постои краток запис за реализацијата на насочената активност од ЗПОС. Доколку има промени на содржината, а тоа е многу ретко нема никакво објаснување зошто е извршена измената. Не менувањето на воспитно - образовното подрачје и програмските содржини зборува за тоа дека воспитувачите многу добро ги познаваат своите групи или пак детскиот интерес, потреби и желби не доаѓаат во предвид за измена на програмските содржини. Обично има корелација меѓу слободните активности и насочените активности од ЗПОС, во дневникот нема измени во однос на дневната подготовка, што зборува за преголемо познавање на детските интереси, потреби и желби или пак измените во текот на слободните активности што не се евидентираат. Во секој случај и кога би сакале нешто повеќе да евидентираат поделбата на дневникот тоа не го овозможува па затоа се чувствува потреба од поинаква концепција на дневникот за работа. Ако се сакаат податоци за следење и валоризација на воспитно - образовниот процес мора да постои простор и да се дадат насоки за тоа како да се изврши.

Детското досие е евиденција за индивидуалниот развој на детето. Вака како што е обликувано личи на медицинско досие, а моментално не му служи никому, едно зошто оценката што ја дава воспитувачот прашање е колку е објективна и валидна, а второ вреднувањето се врши без примена на определена техника или инструмент.

Од увидот на педагошката евиденција за воспитно - образовната работа на воспитувачите може да се констатира дека се води формално и не толку корисно и не дава можности за понатамошно унапредување на воспитно - образовната работа по ЗПОС.

# ЗАКЛУЧОК

Од досегашната анализа може да се заклучи дека програмските основи на Програмата за воспитно - образовната дејност со децата од предучилишна возраст не овозможува соодветен развој на предучилишното дете. Постоечката концепција веќе е застарена и не го почитува во доволна мерка развивањето на индивидуалноста кај децата и не дава можности за акцелерација. Дел од целите и задачите се дадени декларативно и воопштено. Од анализата може да се согледа дека сега е време за квалитетни промени на концепцијата на Програмата што е во тесна врска со промената  на воспитно - образовното подрачје ЗПОС, неговите програмски содржини, принципи и методи на работа. Програмските основи ќе треба во себе да содржат теми, поттеми и содржини со повеќе алтернативи кои ќе одговараат на детската љубопитност, интерес и фантазија, а тоа бара динамично планирање, планирање што нема потполно да се поклопува едно со друго, туку ќе има простор за измена и дополнување.Скромните чекори на измени и дополнувања во трите предучилишни установи ја потврдуваат хипотезата дека Програмата има ориентационен карактер и овозможува слободен избор на програмски  содржини кои доведуваат до иновирање, измени и дополнувања на Програмата за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование. Според анализата на педагошката документација - определениот фонд на активности и насоченио активности што се временски димензионирани ја потврдуваат хипотезата дека планирањето се врши во согласност со барањата на програмските основи од Програмата. Од анализата на Програмата може да се заклучи дека програмските основи од ЗПОС даваат големи можности за непосредно и изворно запознавање на природните и општествени појави и промени, развитокот на детскиот организам и примена на играта како основно работно - игровно средство при тоа третирајќи го детето како партнер - субјект кој стапува во интеракциски

односи со другите субјекти во воспитно - образовниот процес. Има потреба од поинаков начин на водење на евиденција за воспитно - образовната работа и изготвување на техники и инструменти со кои ќе можат воспитувачите да ја валоризираат воспитно - образовната работа.

Едноставно кажано од целата извршена анализа на документацијата се доаѓа до заклучок дека таа треба да претрпи измени и дополнувања во согласност со современите општествени и демократски промени и движења и во согласност со најновите стручно научни сознанија со можност да влијае за побрз и потполн развој на децата од предучилишна возраст.

# 7. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД СИСТЕМАТСКОТО НАБЉУДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ

Систематското набљудување на воспитно-образовниот процес во предучилишната установа ни овозможи директно запознавање со предучилишната реалност и можностите што ги даваат програмските основи од воспитно-образовното подрачје ЗПОС. Со специјално конструираните протоколи, протокол за слободни активности и протокол за насочени активности ( види Прилог бр. 2 и 3 ) е изведено систематско набљудување.

Со помош на квантитативна и квалитативна анализа на резултатите добиени со писмено снимање на слободните и насочените активности, треба да се добијат податоци за тоа чија е иницијативата и изборот на активности во групата, кој го прави изборот на работно-игровните средства, каков однос има воспитувачот при изборот на работно-игровните средства, кој е одговорен за времетраењето на активностите, каков е воспитувачот во однос на детските желби, интереси, потреби, барања и прашања, постои ли комуникација во групата, што предизвикуваат интеракциските односи во групата, каде се изведуваат активностите, колку време траат и каква корелација имаат меѓу себе, како се изведуваат и ако има измени по чија иницијатива и кои форми и методи на работа се применуваат.

Ранг листа 1 - Воспитувачот и децата иницијатори за слободните активности, избор на слободни активности и работно - игровни средства

| Ранг | | Иницијативата за започнување на слободните активности е од страна на: | | Изборот на слободните активности во воспитно - образовната група го врши: | | Изборот на работно - игровните средства за соодветната слободна активност го прават: | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *f* | % | *f* | % | *f* | % |
| 1 | Децата | 11 | 55 | 15 | 75 | 13 | 65 |
| 2 | Заедно | 5 | 25 | 3 | 15 | 5 | 25 |
| 3 | Воспитувач | 4 | 20 | 2 | 10 | 2 | 10 |

Табелата покажува дека децата со 11 случаи т.е. со 55% ги иницираат слободните активности, со 15 т.е. 75% ги избираат слободните активности и со 13 т.е. 65% ги избираат работно - игровните средства. Во 5 случаи или 25% заедно ги иницираат слободните активности, со 3 случаи или 15% заедно ги избираат слободните активности, со 5 случаи или 25% заедно ги избираат работно - игровните средства и на крај со 4 случаи или 20% воспитувачите ги иницираат слободните активности, со 2 случаи или 10% воспитувачите ги избираат слободните активности и со 2 случаи или 10% воспитувачите ги избираат работно - игровните средства, што значи дека децата се главни иницијатори и избирачи на слободните активности и работно - игровните средства.

Ранг листа 2 - Воспитувачот во текот на слободните активности при изборот на работно - игровни средства има пасивен или активен однос во текот на играта и го одредува времетраењето на слободните активности

| При изборот на работно-игровните средства дозволува | | | Има | | | Времетраење | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *f* | % | | *f* | % | | *f* | % |
| Самостоен избор | 13 | 65 | Активен однос и игра заедно со децата | 16 | 80 | Го ограничува и се придржува на распоредот според Програмата | 12 | 60 |
| Избор по негова директива | 1 | 5 | | | | | | |
| Дозволува измени и ги почитува детските желби | 1 | 5 | Пасивно седи и ги опсервира | 4 | 20 | Не го ограничува и ги задоволува детските потреби и интереси | 8 | 40 |
| Заеднички избор | 5 | 25 | | | | | | |

Табелата покажува дека воспитувачот при изборот на работно - игровните средства во 13 случаи или 65% дозволува децата да вршат самостоен избор на работно - игровните средства што е многу поволно, во 1 случај или 5% изборот на работно - игровните средства се врши по директива на воспитувачот, процент кој може да се занемари, во 1 случај или 5% изборот на работно - игровните средства го дозволува со измени и ги почитува детските желби, овој процент не е доволен, бидејќи станува

збор за слободни активности каде треба детските желби да се почитуваат во потполност. Заедничкиот избор има 5 случаи или 25%. Втората графа од табелата покажува интересни резултати, бидејќи 16 случаи или 80% од воспитувачите имаат активен однос и играат заедно со децата и 4 случаи или 20% пасивно седат и ги опсервираат. Овој соодност е многу поволен, бидејќи воспитувачот треба спонтано да поттикнува, насочува и балансира во текот на слободните активности.

Во однос на времетраењето на слободните активности во 12 случаи или 60% од воспитувачите го ограничуваат времето и се придржуваат на распоредот според Програмата, што оди во прилог на хипотезата дека планирањето се врши во согласност со барањата на програмските основи, додека 8 случаи или 40% од воспитувачите не го ограничуваат времето и ги поттикнуваат и насочуваат индивидуалните интереси кај децата, овие резултати одат во прилог на хипотезата дека воспитувачите ги поттикнуваат и насочуваат индивидуалните интереси на децата, но процентот не задоволува од оправдани причини, бидејќи се уште се работи по старата Програма.

Ранг листа 3 - Односот на воспитувачот кон детските желби, интереси, потреби, барања за време на слободните активности

| | ги исполнува | | | ги стимулира | | | ги игнорира | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *f* | % | ранг | *f* | % | ранг | *f* | % | ранг |
| Детските прашања | 16 | 26.2 | 1 | 6 | 24 | 2 | ∅ | ∅ | ∅ |
| Детските интереси | 14 | 23 | 2 | 8 | 32 | 1 | ∅ | ∅ | ∅ |
| Детските барања | 12 | 19.6 | 3 | 5 | 20 | 3 | ∅ | ∅ | ∅ |
| Детските потреби | 10 | 16.4 | 4 | 2 | 8 | 5 | ∅ | ∅ | ∅ |
| Детските желби | 9 | 14.7 | 5 | 4 | 16 | 4 | ∅ | ∅ | ∅ |

Од табелата се гледа дека 26.2% од воспитувачите ги исполнуваат детските прашања, 23% ги исполнуваат детските интереси, процент кој оди

во прилог на хипотезата дека воспитувачите ги поттикнуваат и насочуваат индивидуалните интереси кај децата, 19.6% од воспитувачите ги исполнуваат детските барања, 16.4% ги исполнуваат детските потреби и 14.7% ги исполнуваат детските желби. 8 случаи или 32% ги стимулираат детските интереси, процент кој оди во прилог на хипотезата дека воспитувачите ги поттикнуваат и насочуваат индивидуалните интереси кај децата. 6 случаи или 24% ги стимулираат детските прашања, 5 случаи или 20% ги стимулираат детските барања, 4 случаи или 16% ги стимулира детските потреби, а само 2 случаи или 8% ги стимулираат детските желби. Ниеден воспитувач не ги игнорира детските желби, интереси, потреби, барања и прашања, што е многу позитивно.

Ранг листа 4 - Каква комуникација има во групата во текот на слободните активности.

| | Постои | | | Повремено постои | | | Не постои | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *f* | % | ранг | *f* | % | ранг | *f* | % | ранг |
| Воспитувач - дете | 16 | 30 | 3 | 4 | 57.1 | 1 | ∅ | ∅ | ∅ |
| Дете - дете | 19 | 35.8 | 1 | 1 | 14.3 | 3 | ∅ | ∅ | ∅ |
| Дете - воспитувач | 18 | 34.2 | 2 | 2 | 28.6 | 2 | ∅ | ∅ | ∅ |

Од табелата се гледа дека 35.8% од комуникацијата што постои во групата е помеѓу дете - дете, 34.2% е од комуникацијата дете - воспитувач, а 30% од комуникацијата е воспитувач - дете. Процентите укажуваат на солидна комуникација во групата. Комуникацијата повремено постои во групата и тоа со 57.1% воспитувач - дете, со 28.6% дете - воспитувач и со 14.3% дете - дете. Во одделот на табелата не постои комуникација не е забележан ниту еден случај.

Ранг листа 5 - Пропратеноста на интеракциските односи во групата во текот на слободните активности.

| | f | ранг |
|---|---|---|
| Доверба | 22 | 1 |
| Спонтаност | 21 | 2 |
| Заштита | 20 | 3 |
| Разбирање | 18 | 4 |
| Партнерство | 17 | 5 |
| Љубов | 16 | 6 |
| Недоверба | 3 | 7 |
| Забрана | 2 | 8 |
| Закана | 1 | 9 |
| Дрскост | ∅ | 12 |
| Омраза | ∅ | 12 |
| Срам | ∅ | 12 |
| Страв | ∅ | 12 |
| Несигурност | ∅ | 12 |

Резултатите од оваа табела покажуваат дека интеракциските односи во групата за време на слободните активности се позитивни. Според рангирањето тука спаѓаат довербата, спонтаноста, љубовта, партнерството, разбирањето и заштитата. Постоењето на позитивни емоции укажува дека во групата постои пријатна клима за воспитно - образовна работа. За разлика од позитивните, негативните интеракциски односи се на крајот на табелата и нивната фреквенција може да се смета за нормална и природна, бидејќи не постојат интеракциски односи без негативни елементи. Регистрирањето на закана, несигурност, забрана и срам можат да се сметаат како појави предизвикани од специфичноста на психо - физичкиот развој на децата или пак за каков тип на воспитувач станува збор. Отсуството на

срам, дрскост и омраза укажува на непостоење на негативни емоции кои се причина за угушување на детската љубопитност, креативност и фантазија. Од резултатите се добива впечаток дека во групата постои позитивна интеракциска атмосфера што може да биде предизвикана од присуството на набљудувачот  или пак од однесувањето на воспитувачот кој може да го контролира своето однесување во текот на набљудувањето. За позитивната атмосфера придонесува и детското однесување, бидејќи тоа сигурно е поинакво со набљудувачот отколку кога се сами со воспитувачот во групата. Однесувањето на децата може да е такво ако се работи за авторитарен тип на воспитувач.

Ранг листа 6 - Местото каде се изведуваат слободните активности

| Ранг | Простор | Ранг | Катче | *f* | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Просторија за дневен престој | 1 | Конструктивно | 20 | 100 |
| | | 2 | Семејно | 18 | 90 |
| | | 3 | Куклено | 17 | 85 |
| | | 4 | Ликовно | 16 | 80 |
| | | 5 | Фризерско | 15 | 75 |
| | | 6 | Литерарно | 13 | 65 |
| | | 7 | Музичко | 12 | 60 |
| | | 8 | Сообраќајно | 10 | 50 |
| | | 9 | За драматизација | 9 | 45 |
| | | 10 | Истражувачко | 5 | 25 |
| | | 11 | Природно | / | / |
| 2 | Двор | | | 20 | 100 |
| 3 | Сала | | | 6 | 30 |
| 4 | Тераса | | | 3 | 15 |

Според табелата слободните активности најчесто се изведуваат во просторијата за дневен престој, во дворот, а потоа во сала и на тераса. Во просторијата за дневен престој постојат разни видови на катчиња, примат држи со 100% конструктивното катче во кое често се рефлектираат разни предмети и појави од природната и општествената средина, на второ место со 90% е семејното катче каде игрите се пренесуваат од семејната средина, а куклението катче е застапено со 85% и најчесто ги одразува интеракциските односи во семејството и во градинката како средина за развој на предучилишното дете. Ликовното катче е застапено со 80%, во него доаѓа до израз ликовната креативност на децата најчесто предизвикана од природната и општествената средина. Фризерското катче е застапено со 75%, литерарното со 65% и дава големи можности во зависност од опременоста за збогатување, проширување и воочување на природната и општествената средина. Музичкото катче е застапено со 60%. Од сите катчиња најубаво и најмногу се опремени конструктивното, семејното и куклението катче, другите катчиња имаат потреба од доопремување и збогатување. 25% од истражувачките катчиња е бројка загрижувачка особено кога знаеме дека активностите што се изведуваат во нив придонесуваат многу за осознавање на многу причинско-последични врски и односи во природата. Во табелата фигурира дека не постои природно катче во ниедна од трите градинки, во смисол нема вистинско природно катче подредено според нормите што се бараат, туку под природно катче се именува најразличното снаоѓање на воспитувачите ( неколку саксии со различни цвеќиња во просторијата за дневен престој или во дел од ходникот или салата ). Непостоењсто на природно катче ја осиромашува детската душа, детските перцепции и детската љубопитност.

Ранг листа 7 - Форми на работа во слободните активности и нивно поврзување со насочените активности

| Ранг | Карактер | *f* | % | Ранг | Корелација | *f* | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Групна | 18 | 35.3 | 1 | Имаат корелација со насочените активности | 18 | 90 |
| 2 | Фронтална | 17 | 33.3 | | | | |
| 3 | Индивидуална | 14 | 27.4 | 2 | Немаат корелација со насочените активности | 2 | 10 |
| 4 | Тандем | 2 | 4 | | | | |

Од горенаведената табела се гледа дека повеќе од воспитувачите или 35.3% ја користат групната форма на работа, додека 33.3% од воспитувачите ја применуваат фронталната форма на работа. Со 27.4% е застапена индивидуалната форма на работа, а тандем применувале 4% од воспитувачите. Од процентите може да се забележи дека индивидуалната форма на работа не го зазема потребното место во текот на слободните активности. Што се однесува пак до корелацијата меѓу насочените и слободните активности постои во 18 случаи или 90% , додека само во 2 случаи или 10% немало корелација меѓу насочените и слободните активности.

Ранг листа 1 - на насочените активности од ЗПОС според местото на изведување

| Ранг | Место каде се одвива активноста | *f* | % |
|---|---|---|---|
| 1 | Просторијата за дневен престој | 20 | 44.4 |
| 2 | Непосредната околина | 15 | 33.3 |
| 3 | Дворот | 10 | 22.3 |

Од резултатите во табелата може да се заклучи дека насочените активности од ЗПОС се изведуваат во просторијата за дневен престој со 44.4% и го завзема првото место од ранг листата, со 33.3% насочените активности се изведуваат во непосредната околина и со најмал процент, 22.3% во дворот. Местото на изведбата е условено од видот на насочената активност (набљудување, откривачка активност, истражувачка и сл.). Насочените активности може да започнат во просторијата за дневен престој, да завршат во напосредната околина, да започнат во непосредната околина, да завршат во просторијата за дневен престој, сé во зависност од видот на насочената активност, согледувањата на воспитувачот и од потребите, интересите, барањата и желбите на децата.

Ранг листа 2 - Зависноста на времетраењето на насочените активности од воспитно - образовното подрачје ЗПОС

| Ранг | Време | *f* | % |
|---|---|---|---|
| 1 | Неограничени | 17 | 85 |
| 2 | Ограничени | 3 | 15 |

Според резултатите од ранг листата времетраењето на насочените активности од воспитно - образовното подрачје ЗПОС 85% е со неограничено времетраење што е многу позитивно, а само 15% времетраењето е ограничено. Ова зборува дека се почитуваат детските интереси, потреби, барања и желби на децата.

Ранг листа 3 - Зависноста на времетраењето на насочените активности од ЗПОС од учесниците во воспитно - образовниот процес

| Ранг | Учесници во насочените активности | *f* | % |
|---|---|---|---|
| 1 | Воспитувачот | 20 | 36.3 |
| 2 | Децата | 18 | 32.7 |
| 3 | Заедно | 17 | 31 |

Од ранг листата се гледа дека времетраењето на насочените активности од ЗПОС во 20 случаи или 36.3% зависи од воспитувачот, додека во 18 случаи или 32.7% зависи од децата и 17 случаи или 31% зависи од заедничкото усогласување на децата и воспитувачите. Резултатите укажуваат дека воспитувачот е тој кој сеуште го одредува времетраењето на насочените активности од воспитно - образовната област ЗПОС.

Ранг листа 4 - Насочените активности по ЗПОС претрпуваат измени

| Ранг | | *f* | % |
|---|---|---|---|
| 1 | Повремено | 3 | 15 |
| 2.5 | Секогаш | / | / |
| 2.5 | Никогаш | / | / |

Од табелата се гледа дека насочените активности од воспитно - образовното подрачје ЗПОС се реализираат според предвидената дневна подготовка во 3 случаи или 15% повремено се врши измена што не задоволува .

Ранг листа 5 - Измената на насочените активности по ЗПОС се врши по иницијатива на учесниците во самата насочена активност

| Ранг | | *f* | % |
|---|---|---|---|
| 1 | Децата | 2 | 10 |
| 2 | Воспитувачот | 1 | 5 |
| 3 | Заедно | / | / |

Табелата покажува дека до измени доаѓа многу малку и тоа по иницијатива на децата во 2 случаи или 10% и по иницијатива на воспитувачите во 1 случај или 5% што укажува на мало почитување на животните ситуации и интересите на децата, потребите, барањата и желбите или пак станува збор за многу добро испланирани содржини за соодветното месечно планирање.

Ранг листа 6 - Форми на работа во текот на насочените активности од воспитно - образовното подрачје ЗПОС

| Ранг | Форма на работа | Воведен дел | | Главен дел | | Завршен дел | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *f* | % | *f* | % | *f* | % |
| 1 | Фронтална | 18 | 90 | 15 | 51.8 | 12 | 44.4 |
| 2 | Индивидуална | / | / | 8 | 27.5 | 10 | 37 |
| 3 | Групна | 2 | 10 | 6 | 20.7 | 3 | 11.1 |
| 4 | Тандем | / | / | / | / | 2 | 7.5 |

Ранг листата ја покажува застапеноста на формите на работа во трите дела при изведбата на насочените активности од ЗПОС. Примат држи фронталната работа со тоа што 18 случаи на воспитувачи или 90% ја применуваат во воведниот дел, 15 случаи на воспитувачи или 51.8% ја применуваат во главниот дел а 12 случаи или 44.4% во завршниот дел од насочените активности од ЗПОС. Резултатите укажуваат на неповолност,

но ако се земе во предвид дека примената на оваа форма на работа не е екс катедра туку со активно учество на сите деца во групата во текот на целата активност тогаш резултатите не се така неповолни. Специфичноста на ова воспитно подрачје дава можност индивидуалната форма на работа да биде застапена во главниот дел со 8 случаи или 27.5% , а во завршниот со 10 случаи или 37% што укажува дека постои тенденција за зголемување на примената на оваа форма на работа. Групната форма на работа во воведниот дел е застапена со 2 или случаи 10%, во главниот дел со 6 случаи или 20.7% а во завршниот со 3 случаи или 11.1%. На четврто место е тандем формата на работа односно работа во парови која е применета само во 2 случаи или 7.5% и тоа само во завршниот дел што укажува дека тандем формата многу малку се применува во процесот на воспитно - образовната работа со предучилишни деца што отвара друго прашање, тандемот е неприфатен како форма на работа од страна на воспитувачите или пак предучилишната возраст не ја дозволува примената на овој вид на форма на работа со предучилишните деца. Резултатите од табелата одат во прилог на поставената хипотеза дека воспитувачите ги применуваат сите форми на работа при реализацијата и конкретизацијата на воспитно - образовните содржини.

Ранг листа 7 - методи на работа на насочените активности од воспитно - образовното подрачје ЗПОС

| Методи | Воведен дел | | | Главен дел | | | Завршен дел | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *f* | % | ранг | *f* | % | ранг | *f* | % | ранг |
| Метод на разговор | 14 | 19 | 3 | 10 | 17 | 3 | 16 | 27 | 1 |
| Демонстрација | 18 | 25 | 1 | 14 | 24 | 1 | 3 | 5 | 6 |
| Усно излагање | 16 | 22 | 2 | 12 | 21 | 2 | 6 | 10 | 4 |
| Работа со текст | 10 | 14 | 4 | 8 | 14 | 4 | 5 | 9 | 5 |
| Игри | 8 | 11 | 5 | 7 | 12 | 5.5 | 15 | 26 | 2 |
| Практична работа | 6 | 9 | 6 | 7 | 12 | 5.5 | 13 | 23 | 3 |

Од прикажаното во табелата може да се заклучи дека во воведниот дел на насочените активности од ЗПОС методот на демонстрација со 18 случаи или 25% е применет од страна на воспитувачите, што е многу поволно. На второ место по застапеност доаѓа методот на усно излагање кој е застапен со 16 случаи или 22%, што е исто така поволно. Методот на разговор е застапен со 14 случаи или 19%, што е поволно. Методот на работа со текст е застапен со 10 случаи или со 14%, методот на игра е застапен со 8 случаи или 11% и методот на практична работа со 6 случаи или 9%. Методите применети во насочените активности од ЗПОС се со следниот редослед: демонстрација со 14 случаи или 24%, потоа усно излагање со 12 случаи или 21%, па методот на разговор со 10случаи или 17%, методот на работа со текст со 8 случаи или 14%, додека методите на игра и практична работа се застапени со по 7 случаи или со по 12%. Приматот во завршниот дел на насочените активности од ЗПОС го има методот на разговор со 16 случаи или 27%, методот на игра со 15 случаи или со 26% и методот на практична работа со 13 случаи или 23%. Најмал процент во завршниот дел има работата со текст со 5 случаи или со 2%. Податоците зборуваат дека воспитувачите правилно ги применуваат методите за работа во воспитно - образовниот процес.

Ранг листа 8 - Работно - игровни средства за воспитно - образовната работа од ЗПОС

| Ранг | Вид на работно - игровни средства | Воведен дел | | Главен дел | | Завршен дел | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *f* | % | *f* | % | *f* | % |
| 1 | Дидактички материјали и играчки | 20 | 47 | 16 | 44 | 14 | 41 |
| 2 | Визуелни средства | 16 | 37 | 15 | 42 | 13 | 38 |
| 3 | Аудитивни средства | 4 | 9 | 3 | 8 | 4 | 12 |
| 4 | Аудио - визуелни средства | 3 | 7 | 2 | 6 | 3 | 9 |

Според резултатите од табелата дидактичките материјали и играчки со застапеност од 47% во воведниот дел, 44% во главниот дел и со 41% во завршниот дел се најзастапени работно - игровни средства при изведбата на насочените активности од ЗПОС. На второ место доаѓаат визуелните средства со застапеност од 37% во воедниот дел, со 42% во главниот дел и со 38% во завршниот дел. Добиените проценти за аудитивните и аудио - визуелните средства укажуваат на потреба од нивна поголема примена, која е во зависност од материјалните услови на предучилишните установи.

Ранг листа 9 - Поттикнување на детските интереси во текот на реализирањето на насочените активности од воспитно - образовното подрачје ЗПОС

| Ранг | | *f* | % |
|---|---|---|---|
| 1 | На прашањата дава соодветни и навремени одговори | 18 | 22.5 |
| 2 | Ја поттикнува детската љубопитност | 17 | 21.2 |
| 3 | Го зголемува детскиот интерес | 16 | 20 |
| 4 | Ја стимулира детската иницијатива | 15 | 18.8 |
| 5 | Ја поддржува детската активност | 14 | 17.5 |

Во текот на насочените активности 18 случаи или 22.5% воспитувачите на поставените прашања давале соодветни и навремени одговори. 17 случаи или 21.2% ја поттикнувале детската љубопитност, додека зголемувањето на детскиот интерес е во 16 случаи или 20%. Детската иницијатива е стимулирана во 15 случаи или 18.8%, за на крајот на табелата со 14 случаи или 17.5% е поддржувана детската активност. Искажаните проценти укажуваат на тоа дека воспитувачите ги поттикнувале и насочувале детските интереси со тоа што на поставените детски прашања давале соодветни и навремени одговори што е многу битно за предучилишниот период кој обилува со најразновидни прашања. Интересите се задоволувани со тоа што голем процент од воспитувачите секогаш ја поттикнувале, ја зголемувале, ја поддржувале и ја стимулирале детската активност. Претходно искажаното оди во прилог на поставената хипотеза дека

воспитувачите ги поттикнуваат и ги насочуваат индивидуалните интереси кај децата.

# 7.1 ЗАКЛУЧОК

Добиените резултати од систематското набљудување на слободните и насочените активности одат во прилог на хипотезата дека воспитувачите ги поттикнуваат и насочуваат индивидуалните интереси на децата. Ова се потврдува со тоа што 55% случаи децата се иницијатори за започнување на слободните активности а исто така изборот на слободните активности и изборот на работно - игровни средства е извршен од страна на децата. Ова укажува дека децата ги задоволуваат своите индивидуални интереси. 60 % случаи од воспитувачите го почитуваат времетраењето на слободните активности според распоредот на Програмата што оди во прилог на хипотезата дека планирањето се врши во согласност со барањата на програмските основи. Кога станува збор за времетраењето на насочените активности од ЗПОС 85% од воспитувачите се изјасниле дека не го почитуваат. Во однос на детските прашања, интереси, барања, потреби и желби резултатите се поволни и одат во прилог на хипотезата дека воспитувачите ги поттикнуваат и насочуваат индивидуалните интереси кај децата. Што се однесува до комуникацијата во групата резултатите укажуваат дека преовладуваат позитивните интеракциски односи а со тоа постои и пријатна интеракциска атмосфера. Слободните и насочени активности најчесто се изведуваат во просторијата за дневен престој, а непостоењето на природно катче укажува на недоволна опременост и материјална немоќ на предучилишните установи за обезбедување на овој вид катче без разлика на ентузијазмот, досетливоста и креативноста на воспитувачите. Во секој случај скратена е една можност за откривање, експериментирање и задоволување на детската љубопитност, што не е поволно и укажува на потребата од доопремување на предучилишните

установи. Методите за работа и сите форми на работа се применуваат од страна на воспитувачите што оди во прилог на хипотезата дека воспитувачите ги применуваат сите форми на работа со предучилишните деца. Треба да се истакне дека воспитувачите многу умешно го прават преодот од слободните во насочените активности, а на тоа укажува 90% случаи на воспитувачи кои преферираат да постои корелација. Од примената на работно - игровните средства примат држат дидактичките материјали и играчките. Резултатите од поттикнувањата на детските интереси во текот на насочените активности од ЗПОС одат во прилог на хипотезата дека воспитувачите ги поттикнуваат и насочуваат детските интереси.

# 8. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТИРАЊЕТО НА ВОСПИТУВАЧИТЕ

Со помош на истражувачките техники анкетирање и скалирање го испитавме мислењето на примерокот воспитувачи од предучилишните установи, нивните оценки, ставови и согледувања во однос на некои аспекти од реализацијата и конкретизацијата на воспитно - образовната работа со децата од воспитно - образовната област ЗПОС.

Како фактори на влијание во мислењата и ставовите на воспитувачите кои беа испитувани беа земени во предвид стручната подготовка (образованието) и работниот стаж (искуството) на воспитувачите.

Анкетирањето е извршено во Скопје, во две општини, во три предучилишни установи и се опфатени 72 воспитувачи. Податоците се обработени рачно и компјутерски. При обработката на податоците за нивно подобро толкување се користени специфични статистички вредности како што се *f* (зачестеност на одговорите); % (процентуална вредност); $x^2$ (значајност на разликите) и P (ранг корелација).

Покрај општите табели ќе бидат прикажани и интерпретирани податоците за зависноста на мислењата, ставовите и согледувањата на воспитувачите од независните фактори (види прилог бр. 4 скалер).

Од одговорите на првото прашање од анкетниот лист добивме податоци за мислењето на воспитувачите за тоа каков интерес покажуваат децата за воспитно - образовните содржини од областа ЗПОС.

Табела бр. 1 - мислење на воспитувачите за тоа каков интерес покажуваат децата за воспитно - образовните содржини од областа ЗПОС.

| ДЕЦАТА ПОКАЖУВААТ | *f* | % | ранг |
|---|---|---|---|
| Континуиран интерес | 41 | 42.2 | 1 |
| Понагласен интерес | 26 | 26.8 | 2 |
| Интерес за соработка и натпреварување | 25 | 25.8 | 3 |
| Повремен интерес | 5 | 5.2 | 4 |
| Не покажуваат интерес | / | / | 5 |

Табелата покажува дека 41 случај или 42.2% од воспитувачите одговориле дека децата покажуваат континуиран интерес, понагласен интерес покажуваат 26 случаи или 26.8%, интерес за соработка и натпреварување 25 случаи или 25.8%, повремен интерес 5 случаи или 5.2%, а ниеден воспитувач не се изјаснил дека децата не покажуваат интерес за воспитно - образовните содржини од ЗПОС.

Добиените податоци се прикажани и графички.



Табела 1а

| Децата покажуваат | ССП | | ВШП | | ВСП | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *f* | % | *f* | % | *f* | % |
| Континуиран интерес | 7 | 36.85 | 23 | 39.66 | 11 | 55 |
| Понагласен интерес | 6 | 31.57 | 15 | 25.87 | 5 | 25 |
| Интерес за соработка и натпреварување | 5 | 26.32 | 16 | 27.58 | 4 | 20 |
| Повремен интерес | 1 | 5.26 | 4 | 6.89 | / | 0 |
| Не покажуваат интерес | / | / | / | / | / | / |

$\chi^2$= 1.91 P = 0.75 (n = 4)

Од добиените вредности за $\chi^2$ кои се поголеми од минималната дозволена вредност за $\chi^2$= 0.711 се гледа дека постои корелација помеѓу добиените вредности.

Добиените податоци графички се прикажани



Табела 1б

| Децата покажуваат | до 10 | | од 10 до 20 | | над 20 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *f* | % | *f* | % | *f* | % |
| Континуиран интерес | 5 | 45.5 | 18 | 64.3 | 23 | 41.8 |
| Понагласен интерес | 4 | 36.4 | 6 | 21.4 | 12 | 21.8 |
| Интерес за соработка и натпреварување | 1 | 9.05 | 4 | 14.3 | 16 | 29.1 |
| Повремен интерес | 1 | 9.05 | / | / | 4 | 7.3 |
| Не покажуваат интерес | / | / | / | / | / | / |

$\chi^2 = 1.76$  P = 0.05 (M = 4)

Од добиените вредности за $\chi^2$ кои се поголеми од минималната дозволена вредност за $\chi^2 = 0.711$ се гледа дека постои корелација помеѓу добиените вредности.

Резултатите од табела 1б се прикажани графички



Табела бр. 2 - Мислење на воспитувачите за начинот на мотивирање на децата како фактор за реализирање на насочените активности од областа ЗПОС.

| МОТИВИРАЊЕТО ЗА НАСОЧЕНИТЕ АКТИВНОСТИ | *f* | % | ранг |
|---|---|---|---|
| Спонтано | 62 | 64.6 | 1 |
| Сите деца заедно | 25 | 26 | 2 |
| Индивидуално | 9 | 9.4 | 3 |
| Со принуда | / | / | 4 |

$\chi^2 = 0.69$ P = 0.05 ( M = 4)

Од добиените вредности за $\chi^2$ кои се поголеми од минималната дозволена вредност за $\chi^2 = 0.711$ се гледа дека постои корелација помеѓу добиените вредности.

Добиените резултати покажуваат дека постои разлика во мислењата на воспитувачите во однос на мотивирањето на децата за насочените активности од областа на ЗПОС. Најголем број на воспитувачи 62 или 64.6% го користат спонтаното мотивирање на децата, потоа следува мотивирање на сите деца заедно и тоа 25 воспитувачи или 26%, додека индивидуално мотивирање применуваат 9 воспитувачи или 9.4%. Мотивирање со принуда не е забележан ниеден случајшто е многу позитивно.

Табела 3 - Мислење на воспитувачите за постигнатите ефекти при реализирањето на програмските основи од областа на ЗПОС.

| Ранг | *f* | % | Бод |
|---|---|---|---|
| 1 | 55 | 17.24 | 385 |
| 2 | 53 | 16.61 | 318 |
| 3 | 52 | 16.30 | 260 |
| 4 | 46 | 14.42 | 184 |
| 5 | 39 | 12.22 | 117 |
| 6 | 38 | 11.91 | 76 |
| 7 | 36 | 11.30 | 36 |

Според резултатите постои разлика во мислењето на воспитувачите за постигнатите ефекти при реализирањето на програмските основи од областа ЗПОС. 55 воспитувачи или 17.24% сметаат дека ефектите при реализирањето на програмските основи од областа ЗПОС се најголеми при богатењето на изразот, речникот и нивото на говорната развиеност кај децата. 53 воспитувачи или 16.61% сметаат дека со програмските основи доаѓа до поттикнување на љубопитноста и заинтересираноста. 52 воспитувачи или 16.30 % сметаат дека програмските основи придонесуваат за проширување и продлабочување на детските знаења. 46 воспитувачи или 14.42 % сметаат дека програмските основи допринесуваат за воочување определени карактеристики на предмети, појави, животни, растенија и природата воопшто. 39 воспитувачи или 12.22 % мислат дека програмските основи од областа на ЗПОС допринесуваат за развивање на способноста за истражување. 38 воспитувачи или 11.91 % сметаат дека програмските основи од ЗПОС ја развиваат способноста за создавање креативни творечки нови ситуации. На последното место е развивањето на способноста за согледување на некои причинско - последични врски за што се изјасниле 36 воспитувачи или 11.30 %.

Табела бр. 4 - Мислење на воспитувачите за придонесот на програмските основи од областа на ЗПОС за развитокот на креативноста кај децата.

| Ранг | | *f* | % | Бод |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Многу | 65 | 90.27 | 130 |
| 2.5 | Малку | 7 | 9.73 | 7 |
| 2.5 | Не придонесуваат | / | / | / |

Резлтатите од табела 4 графички се прикажани




Резултатите покажуваат што мислат воспитувачите за придонесот на програмските основи од областа на воспитно - образовното подрачје ЗПОС за развитокот на креативноста кај децата. 65 воспитувачи или 90.27% мислат дека програмските основи многу придонесуваат за развивање на креативноста кај децата, додека само 7 воспитувачи или 9.73% мислат дека програмските основи малку придонесуваат за развивањето на креативноста кај децата. Ниеден воспитувач не се изјаснил дека програмските основи воопшто не придонесуваат за развивање на креативноста кај децата, што значи воспитно - образовното подрачје ЗПОС со своите програмски основи многу е важно за развитокот на креативноста кај предучилишните деца.

Табела бр. 5 - Мислење на воспитувачите за изготвување на делот од воспитно - образовната област на ЗПОС во програмата

| ранг | | *f* | % | бод |
|---|---|---|---|---|
| 1 | воспитувач - педагог | 51 | 25.8 | |
| 2 | воспитувач - соработник - родител | 39 | 19.7 | |
| 3 | Педагошки завод на Р. Македонија | 28 | 14.14 | |
| 4 | педагог - психолог | 25 | 12.6 | |
| 5 | воспитувач - соработник - психолог | 24 | 12.12 | |
| 6 | одделни спонзори, донатори | 19 | 9.6 | |
| 7 | Наставничките факултети | 12 | 6 | |

Резултатите се прикажани графички




Според добиените резултати 51 воспитувач или 25.8% се на мислење дека за изготвување на делот од воспитно - образовното подрачје ЗПОС во програмата треба да учествуваат воспитувачот и педагогот. 39 воспитувачи или 19.7% сметаат дека тоа треба да го сторат воспитувачот, соработникот и родителот. 28 воспитувачи или 14.14% сметаат дека тоа треба да го стори педагошкиот завод на Р. Македонија. 25 воспитувачи или 12.6% сметаат дека за изготвување на Програмата треба да бидат задолжени педагогот и психологот. 24 воспитувачи или 12.12% мислат дека задолжени се за Програмата воспитувачот, соработникот и психологот. На дното на

табелата се одделни спонзори, донатори за кои се изјасниле 19 воспитувачи или 9.6%, а12 воспитувачи или 6% се изјасниле дека за изготвување на Програмата се одговорни Наставничките факултети. Добиените проценти укажуваат дека во изготвувањето на Програмата на делот од воспитно - образовното подрачје ЗПОС треба да учествуваат сите наброени чинители.

Табела бр. 6 - Мислење на воспитувачите за програмските содржини од воспитно - образовното подрачје ЗПОС како основа за првични еколошки сознанија и еколошка култура

| Ранг | | *f* | % |
|---|---|---|---|
| 1 | ДА | 65 | 94.2 |
| 2 | МОЖЕБИ | 4 | 5.8 |
| 3.5 | НЕ | / | / |
| 3.5 | НЕ ЗНАМ | / | / |

$\chi^2 = 0.435$   $P = 0.05$ ( $M = 4$)

Од добиените вредности за $\chi^2$ кои се поголеми од минималната дозволена вредност за $\chi^2 = 0.711$ се гледа дека постои корелација помеѓу добиените вредности.

Со одговорот “ДА” 65 воспитувачи или 94.2% го изразиле своето мислење дека програмските содржини од воспитно - образовното подрачје ЗПОС  се првични еколошки сознанија, а со “МОЖЕБИ” одговориле 4 воспитувачи или  5.8%. На одговорите “НЕ” и “НЕ ЗНАМ” не одговорил ниеден воспитувач.

Табела 6а

| ранг | | до 10 год. | | од 10 до 20 год. | | над 20 год. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *f* | % | *f* | % | *f* | % |
| 1 | Да | 7 | 87.5 | 21 | 95.5 | 37 | 94.9 |
| 2 | Не | 1 | 12.5 | 1 | 4.5 | 2 | 5.1 |
| 3 | Можеби | / | / | / | / | / | / |
| 4 | Не знам | / | / | / | / | / | / |

$\chi^2$= 1.35 P = 0.05 (M = 4)

Од добиените вредности за $\chi^2$ кои се поголеми од минималната дозволена вредност за $\chi^2$= 0.711 се гледа дека постои корелација помеѓу добиените вредности.

Табелата го покажува мислењето на воспитувачите за програмските содржини од областа на воспитно-образовното подрачје на ЗПОС како основа за првични еколошки сознанија и еколошка култура кај децата во однос на нивното работно искуство. Со “ДА” одговориле 21 воспитувачи или 95.5 % со работен стаж од 10 до 20 години. 37 воспитувачи или 94.9 % одговориле со ”ДА”, а имаат работен стаж над 20 години, додека само 7 воспитувачи или 87.5 % со работен стаж од 1 до 10 години одговориле со “ДА”. Со “НЕ” одговориле 2 воспитувачи или 5.1 % со над 20 години работен стаж, 1 воспитувач или 12.5 % одговориле со “НЕ” а имаат работен стаж од 1 до 10 години, за на крајот да одговори со “НЕ” 1 воспитувач или 4.5 % со работен стаж од 10 до 20 години.

Табела 6б

| ранг | | ССП | | ВШП | | ВСП | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *f* | % | *f* | % | *f* | % |
| 1 | Да | 8 | 88.9 | 40 | 93.02 | 17 | 100 |
| 2 | Не | / | / | / | / | / | / |
| 3 | Можеби | 1 | 11.1 | 3 | 6.98 | / | / |
| 4 | Не знам | / | / | / | / | / | / |

$\chi^2 = 1.22$ P = 0.05 ( M=4)

Од добиените вредности за $\chi^2$ кои се поголеми од минималната дозволена вредност за $\chi^2$=0.711 се гледа дека постои корелација помеѓу добиените вредности.

Табелата 6б го дава мислењето на воспитувачите за програмските содржини од областа на воспитно - образовното подрачје ЗПОС како основа за првични еколошки сознанија и еколошка култура кај децата во однос на нивното образование. Па така 17 воспитувачи или 100 % одговориле со “ДА” кои имаат висока стручна подготовка. 40 воспитувачи или 93.02 % одговориле со “ДА” а имаат виша стручна подготовка, 8 воспитувачи или 88.9 % одговориле со “ДА” а имаат средна стручна подготовка. Со “НЕ” одговорил 1 воспитувач или 11.1 % и има средна стручна подготовка и 3 воспитувачи или 6.98 % со виша стручна подготовка одговориле со “НЕ”.

Табела 7 - Мислење на воспитувачот за воспитно - образовното подрачје ЗПОС како основа за целокупната програма за предучилишното воспитание и образование

| ранг | | *f* | % |
|---|---|---|---|
| 1 | ДА | 60 | 91 |
| 2 | НЕ | 4 | 6 |
| 3 | МОЖЕБИ | 2 | 3 |
| 4 | НЕ ЗНАМ | / | / |

$\chi^2 = 0.8$   P = 0.05 (M = 4)

Од добиените вредности за $\chi^2$ кои се поголеми од минималната дозволена вредност за $\chi^2$= 0.711 се гледа дека постои корелација помеѓу добиените вредности.

Со "ДА" одговориле 60 воспитувачи или 91%, со што го изразиле своето позитивно мислење за воспитно - образовното подрачје ЗПОС како основа за целокупната Програма за предучилишното воспитание и образование. 4 воспитувачи или 6% одговориле со "НЕ" со што го изразиле своето негативно мислење. Со "МОЖЕБИ" одговориле 2 воспитувачи или 3%, а со "НЕЗНАМ" не одговорил ниеден воспитувач.

Табела 7а

| ранг | | до 10 | | од10 до 20 | | над 20 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *f* | % | *f* | % | *f* | % |
| 1 | ДА | 7 | 77.78 | 20 | 90.1 | 33 | 94.3 |
| 2 | НЕ | 2 | 22.22 | 1 | 4.95 | 1 | 2.9 |
| 3 | МОЖЕБИ | / | / | 1 | 4.95 | 1 | 2.9 |
| 4 | НЕ ЗНАМ | / | / | / | / | / | / |

$\chi^2 = 1.92$  P = 0.05 (M = 4)

Од добиените вредности за $\chi^2$ кои се поголеми од минималната дозволена вредност за $\chi^2= 0.711$ се гледа дека постои корелација помеѓу добиените вредности.

Оваа табела го покажува мислењето на воспитувачите за воспитно - образовното подрачје ЗПОС како основа за целокупната програма за предучилишното воспитание и образование во однос на нивниот работен стаж. Од воспитувачите со стаж до 10 години, со "ДА" одговориле 7 воспитувачи или 77.78 %, со "НЕ" одговориле 2воспитувачи или 22.22 %, додека со "МОЖЕБИ" и "НЕЗНАМ" не одговорил ниеден од воспитувачите. Од воспитувачите со стаж помеѓу 10 и 20 години со "ДА" одговориле 20 воспитувачи или 90.1 %, со "НЕ" одговорил 1 воспитувач или 4.95 % и со "МОЖЕБИ" одговорил, исто така, еден воспитувачили 4.95 %, додека со "НЕЗНАМ" не одговорил ниеден воспитувач. Од воспитувачите кои имаат над 20 години стаж со "ДА" одговориле 33 воспитувачи или 94.3 %, а со "НЕ" и со "МОЖЕБИ" одговорил по еден воспитувач или 2.9 %.

Табела 7б

| ранг | | ССП | | ВШП | | ВСП | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *f* | % | *f* | % | *f* | % |
| 1 | ДА | 8 | 100 | 35 | 89.8 | 15 | 88.2 |
| 2 | НЕ | / | / | 2 | 5.1 | 2 | 11.8 |
| 3 | МОЖЕБИ | / | / | 2 | 5.1 | / | / |
| 4 | НЕ ЗНАМ | / | / | / | / | / | / |

$\chi^2 = 1.5$ P = 0.05 (M = 4)

Од добиените вредности за $\chi^2$ кои се поголеми од минималната дозволена вредност за $\chi^2= 0.711$ се гледа дека постои корелација помеѓу добиените вредности.

Оваа табела го покажува мислењето на воспитувачите за воспитно - образовното подрачје ЗПОС како основа за целокупната програма за предучилишното воспитание и образование во однос на степенот на

нивното образование. Од воспитувачите со ССП, 8 воспитувачи или 100 % одговориле со “ДА”, а со”НЕ”, “МОЖЕБИ” и “НЕ ЗНАМ” не одговорил ниеден воспитувач. Од воспитувачите со ВШП, со “ДА” одговориле 35 воспитувачи или 89.8 %, со “НЕ” и со “МОЖЕБИ” одговориле по 2 воспитувачи или 5.1 %, додека со “НЕ ЗНАМ” не одговорил ниеден воспитувач. Од воспитувачите со ВСП, со “ДА” одговориле 15 воспитувачи или 88.2 %, со “НЕ” одговориле 2 воспитувачи или 11.8 %, додека со “МОЖЕБИ” и со “НЕ ЗНАМ” не одговорил ниеден воспитувач.

Табела 8 - Мислење на воспитувачите за влијанието на бројот на децата во групата при реализирањето на воспитно - образовната работа на атмосферата и на самата воспитно - образовна постапка

| ранг | | *f* | % |
|---|---|---|---|
| 1 | Многу | 49 | 72 |
| 2 | Малку | 12 | 17.6 |
| 3 | Не влијае | 7 | 10.4 |

$\chi^2 = 0.9$ P = 0.05 (M = 4)

Од добиените вредности за $\chi^2$ кои се поголеми од минималната дозволена вредност за $\chi^2$= 0.711 се гледа дека постои корелација помеѓу добиените вредности.

Оваа табела го покажува мислењето на воспитувачите за влијанието на бројот на децата во групата при реализирањето на воспитно - образовната работа на атмосферата и на самата воспитно - образовна постапка. Со “многу” одговориле 49 воспитувачи или 72 %, со “малку” одговориле 12 воспитувачи или 17.6 % и со ”не влијае” одговориле 7 воспитувачи или 10.4 %.

Табела 8а

| ранг | | до 10 | | од 10 до 20 | | над 20 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *f* | % | *f* | % | *f* | % |
| 1 | Многу | 6 | 66.7 | 16 | 69.6 | 27 | 75 |
| 2 | Малку | 2 | 22.2 | 5 | 21.73 | 5 | 13.9 |
| 3 | Не влијае | 1 | 11.1 | 2 | 8.7 | 4 | 11.1 |

$\chi^2 = 2.45$ P = 0.05 (M = 4)

Од добиените вредности за $\chi^2$ кои се поголеми од минималната дозволена вредност за $\chi^2$= 0.711 се гледа дека постои корелација помеѓу добиените вредности.

Оваа табела го покажува мислењето на воспитувачите за влијанието на бројот на децата во групата при реализирањето на воспитно - образовната работа на атмосферата и на самата воспитно - образовна постапка во однос на нивниот работен стаж. Од воспитувачите со 10 години стаж со "многу" одговориле 6 воспитувачи или 66.7 %, со "малку" одговориле 2 воспитувачи или 22.2 % и со "не влијае" одговорил 1 воспитувач или 11.1 %. Од воспитувачите со стаж од 10 до 20 години, со "многу" одговориле 16 воспитувачи или 69.6 %, со "малку" одговориле 5 воспитувачи или 21.73 %и со "не влијае" одговориле 2 воспитувачи или 8.7%. Од воспитувачите со стаж над 20 години со "многу" одговориле 27 воспитувачи или 75 %, со "малку" одговориле 5 воспитувачи или 13.9 %, додека со "не влијае" одговориле 4 воспитувачи или 11.1 %.

Табела 8б

| ранг | | ССП | | ВШП | | ВСП | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *f* | % | *f* | % | *f* | % |
| 1 | Многу | 6 | 75 | 32 | 74.5 | 11 | 64.7 |
| 2 | Малку | 1 | 12.5 | 7 | 16.3 | 4 | 23.5 |
| 3 | Не влијае | 1 | 12.5 | 4 | 9.2 | 2 | 11.8 |

$\chi^2 = 2$  P = 0.05 (M = 4)

Од добиените вредности за $\chi^2$ кои се поголеми од минималната дозволена вредност за $\chi^2$= 0.711 се гледа дека постои корелација помеѓу добиените вредности.

Оваа табела го покажува мислењето на воспитувачите за влијанието на бројот на децата во групата при реализирањето на воспитно - образовната работа на атмосферата и на самата воспитно - образовна постапка во однос на степенот на нивното обрзазование. Од воспитувачите со ССП со "многу" одговориле 6 воспитувачи или 75 %, со "малку" одговорил 1 воспитувач или 12.5 % и со "не влијае" одговорил 1 воспитувач или 12.5 %. Од воспитувачите со ВШП, со "многу" одговориле 32 воспитувачи или 74.5 %, со "малку" одговориле 7 воспитувачи или 16.3 % и со "не влијае" одговориле 4 воспитувачи или 9.2 %. Од воспитувачите со ВСП со "многу" одговориле 11 воспитувачи или 64.7 %, со "малку" одговориле 4 воспитувачи или 23.5 %, додека со "не влијае" одговориле 2 воспитувачи или 11.8 %.

Табела 9 - Мислење на воспитувачите за програмските основи од областа ЗПОС за придонесот на развитокот на иницијативноста и самостојноста

| ранг | | *f* | % |
|---|---|---|---|
| 1 | Иницијативност | 49 | 45.4 |
| 2 | Иницијативност со барање помош | 24 | 22.2 |
| 3 | Самостојност | 35 | 32.4 |

$\chi^2 = 0.75$  $P = 0.05$ $(M = 4)$

Од добиените вредности за $\chi^2$ кои се поголеми од минималната дозволена вредност за $\chi^2$= 0.711 се гледа дека постои корелација помеѓу добиените вредности.

На оваа табела е прикажано мислењето на воспитувачите за програмските основи од областа ЗПОС за придонесот на развитокот на иницијативноста и самостојноста, при што 49 воспитувачи или 45.4 % се изјасниле за "иницијативност", 24 воспитувачи или 22.2 % се изјасниле за "иницијатива со барање помош", додека за "самостојност"се изјасниле 35 воспитувачи или 32.4 %.

Табела 9а

| ранг | | до 10 | | од 10 до 20 | | над 20 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *f* | % | *f* | % | *f* | % |
| 1 | Иницијативност | 3 | 25 | 19 | 59.4 | 27 | 42.2 |
| 2 | Иницијативност со барање помош | 3 | 25 | 3 | 9.4 | 18 | 28.1 |
| 3 | Самостојност | 6 | 50 | 10 | 31.2 | 19 | 29.7 |

$\chi^2 = 1.92$  $P = 0.05$  $(M = 4)$

Од добиените вредности за $\chi^2$ кои се поголеми од минималната дозволена вредност за $\chi^2$= 0.711 се гледа дека постои корелација помеѓу добиените вредности.

На оваа табела е прикажано мислењето на воспитувачите за програмските основи од областа ЗПОС за придонесот на развитокот на иницијативноста и самостојноста во однос на нивниот работен стаж. Од воспитувачите со стаж до 10 години со "иницијатива" и "иницијатива со барање помош" одговориле по 3 воспитувачи или 25 %, додека со "самостојно" одговориле 6 воспитувачи или 50 %.Од воспитувачите со стаж од 10 до 20 години со "иницијатива" одговориле 19 воспитувачи или 59.4 %, со "иницијатива со барање помош" одговориле 3 воспитувачи или 9.4 % и со "самостојно" одговориле 10 воспитувачи или 31.2 %. Од воспитувачите со стаж над 20 години со "иницијатива" одговориле 27 воспитувачи или 42.2 %, со "иницијатива со барање помош" одговориле 18 воспитувачи или 28.1 % и со "самостојно" одговориле 19 воспитувачи или 29.7 %.

Табела 9б

| ранг | | ССП | | ВШП | | ВСП | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *f* | % | *f* | % | *f* | % |
| 1 | Иницијативност | 6 | 40 | 28 | 42.4 | 15 | 55.6 |
| 2 | Иницијативност со барање помош | 4 | 26.7 | 17 | 25.8 | 3 | 11.1 |
| 3 | Самостојност | 5 | 33.3 | 21 | 31.8 | 9 | 33.3 |

$\chi^2 = 2.05$  P = 0.05  (M = 4)

Од добиените вредности за $\chi^2$ кои се поголеми од минималната дозволена вредност за $\chi^2$= 0.711 се гледа дека постои корелација помеѓу добиените вредности.

На оваа табела е прикажано мислењето на воспитувачите за програмските основи од областа ЗПОС за придонесот на развитокот на иницијативноста и самостојноста во однос на степенот на нивното образование. Од воспитувачите со ССП со "иницијатива" одговориле 6 воспитувачи или 40 %, со "иницијатива со барање помош" одговориле 4 воспитувачи или 26.7 %, додека со "самостојно" одговориле 5 воспитувачи или 33.3 %.Од воспитувачите со ВШП со "иницијатива" одговориле 28

воспитувачи или 42.4 %, со “иницијатива со барање помош“ одговориле 17 воспитувачи или 25.8 % и со “самостојно” одговориле 21 воспитувач или 31.8%. Од воспитувачите со ВСП со “иницијатива” одговориле 15 воспитувачи или 55.6 %, со “иницијатива со барање помош“ одговориле 3 воспитувачи или 11.1 % и со “самостојно” одговориле 9 воспитувачи или 33.3%.

# 9. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ДОБИЕНИ ОД ИНТЕРВЈУИРАЊЕТО НА ВОСПИТУВАЧИТЕ

Со примената на истражувачката техника и интервјуирање, требаше да добиеме податоци за мислењето и ставовите на воспитувачите од предучилишните установи за реализацијата и конкретизацијата на програмските содржини од воспитно-образовното подрачје ЗПОС и тоа:

- со кои активности доаѓа до израз програмската реализација на воспитно-образовното подрачје ЗПОС,
- до кои согледувања дошле воспитувачите со програмската реализација на воспитно-образовното подрачје ЗПОС,
- кои форми на работа ги применуваат воспитувачите,
- се организираат ли активности за задоволување на љубопитноста и истражувачкиот дух кај децата,
- активностите се организираат во кругот на градинката или надвор од неа,
- програмската поставеност на задачите, темите и содржините од воспитно-образовното подрачје ЗПОС,
- какво е претставно-појмовното сознание на децата за природата и околината што ги опкружува,
- со кои програмски содржини децата доаѓаат до пртставно-појмовно сознавање на средината и околината на живеење,

- кои работно-игровни средства, играчки и помагала воспитувачите ги употребуваат при реализирањето на воспитно-образовните содржини од ЗПОС,
- кои постапки и методи на работа се применуваат во реализацијаата на насочените активности од воспитно-образовното подрачје ЗПОС,
- кои се ефектите од содржинската реализација на насочените активности од воспитно-образовното подрачје од ЗПОС,
- по чие барање се вршат измените на програмските содржини од воспитно-образовното подрачје ЗПОС,
- како директен учесник во планирањето што би измениле,
- што мислат воспитувачите за учеството на родителите во процесот на планирање на насочените активности од воспитно-образовното подрачје ЗПОС,
- воспитувачите дали вршат евалуација, како ја вршат и дали водат посебна евиденција,
- на кои тип воспитувач му припаѓаат.

Интервјуирањето е извршено во текот на месец мај 1996 година. Опфатени се три предучилишни установи и 72 воспитувачи. Податоците се обработувани рачно и машински. Со интервјуирањето на воспитувачите сакавме да дојдеме до нивните мислења, ставови и согледувања со цел да се помогне при концепирањето на новата Програма за воспитно-образовно дејствување со децата од предучилишна возраст, сметајќи дека тие се најмеродавни и непосредни согледувачи на проблемите, потребите и барањата за измена, дополнување и иновирање на постоечката Програма.

Според извршеното интервју ги добивме следните одговори:

1. Напоменете со кои активности доаѓа до израз програмската реализација од воспитно-образовното подрачје ЗПОС.

Според искажувањата 72 воспитувачи или 100 % се изјасниле дека со помош на игрите, игровните активности, прошетките, излетите, слободните

и насочените активности доаѓа до израз програмската реализација на воспитно-образовното подрачје ЗПОС.

2. До кои согледувања сте дошле со реализирање на програмските задачи и содржини од ЗПОС ?

Од испитаните 72 воспитувачи 69 случаи или 95.8 % се изјасниле дека има потреба од измени и дополнувања во програмските содржинии тоа од екологијата, научната фантастика, истражувачките активности, флората и фауната и животот на луѓето во различни делови од светот, вселената, поголем број на содржини за поимот за себе, опасните игри, хуманите односи кај децата, лековитите билки, медот во исхраната, како доаѓа лебот на маса, уметничките дела во светот на детето, светот на авантурите, светлина и сенка, ноќ и ден, облеката кај нас и во светот, модата во светот на детето и сл.

3. Кои форми на работа ги применувате за реализација и конкретизација на воспитно - образовната работа од ЗПОС ?

Сите воспитувачи се изјасниле дека ја применуваат фронталната форма на работа со деца, 70 или 97.2 % се изјасниле за групната рљабота со деца, 71 воспитувач или 98.6 % се изјасниле дека ја применуваат индивидуалната форма на работа, а само 10 воспитувачи или 13.9 % се изјасниле за примената на тандем. Резултатите од одговорите на воспитувачите одат во прилог на хипотезата дека воспитувачите ги применуваат сите форми на работа со децата во зависност од видот на насочената активност од воспитно - образовното подрачје ЗПОС.

4. Организирате ли активности за задоволување на љубопитноста и истражувачкиот дух кај децата ?

Од испитаните воспитувачи 68 случаи или 94.4 % одговориле со “да” и се изјасниле дека станува збор за истражувачките активности особено за активностите со вода и гледање под микроскоп, бидејќи за нив децата покажуваат голем интерес.

5. Дали насочените активности од воспитно - образовното подрачје од ЗПОС ги организирате и реализирате во кругот на градинката или надвор од неа ?

За организирањето и реализирањето на насочените активности од воспитно-образовното подрачје ЗПОС во кругот на градинката се изјаснија 60 воспитувачи или 83.3 %, додека 12 воспитувачи или 16.7 % организирањето и реализирањето на насочените активности го прават надвор од градинката, но тоа е условено најпрво од темата што се обработува, од временските услови, од материјалните можности на градинката и зависи од приемот на работната организација каде се оди да се изведе насочената активност од воспитно-образовното подрачје на ЗПОС.

6. Каква е програмската поставеност на задачите, темите и содржините од воспитно-образовното подрачје ЗПОС ?

60 воспитувачи или 83.3 % сметаат дека задачите, темите и содржините од воспитно-образовното подрачје ЗПОС си одговараат едни со други, 10 воспитувачи или 13.9 % сметаат дека се надополнуваат, додека 2 воспитувачи или 2.8 % сметаат дека има задачи, теми и содржини што постојат сами за себе.

7. Какво е претставно - појмовното сознание на децата за природата и околината што ги опкружува ?

Сите 72 воспитувачи или 100% се изјасниле дека претставно-појмовното сознание за природата и оклината на децата е повеќе од задоволително и децата знаат повеќе отколку што е предвидено со Програмата.

8. Преку кои програмски содржини децата се соживуваат и стекнуваат претставно-појмовно осознавање на средината и околината на живеење?

68 воспитувачи или 94.4 % се изјасниле дека станува збор за програмски содржини кои се сврзани со средината во која е сместена предучилишната установа и местото на живеење на децата, на пр. Реката Вардар, Водно и слично но тоа многу зависи од воспитувачот и неговиот

начин на комуникација со децата. 4 воспитувачи или 5.6 % се изјасниле дека тоа зависи од планирањето со стручниот актив на воспитувачи.

9. Кои работно - игровни средства, помагала и играчки ги користите за реализација на воспитно - образовните содржини од ЗПОС ?

Сите 72 воспитувачи или 100 % се изјасниле дека најмногу ја користат природата и непосредната околина, 60 воспитувачи или 83.3 % ги користат работно - игровните средства со кои располага предучилишната установа , 65 воспитувачи или 90.3 % ги користат работно - игровните средства што сами ги подготвуваат, 30 воспитувачи или 41.7 % се изјасниле дека ги користат и играчките, домашните изработки, стари часовници, чајници, облека и сл. што децата ги носат од дома.

10. Кои постапки и методи на работа ги применувате во реализацијата на насочените активности од ЗПОС ?

Сите 72 воспитувачи или 100 % се изјасниле дека ги применуваат сите методи на работа, бидејќи оваа област е основа за разбирање на природната и општествената средина.

11. Какви ефекти дава содржинската реализација на ЗПОС во претставно - појмовното богатење и осознавање на децата ?

65 воспитувачи или 90.3 % се изјасниле дека содржинската реализација на ЗПОС овозможува иницијативност кај предучилишното дете, 56 воспитувачи или 77.8 % се изјасниле дека овозможува самостојност кај децата а 69 воспитувачи или 95.8 % дека овозможува креативност кај децата, а само еден воспитувач или 1.39 % се изјаснил дека за поуспешна креативност треба да постојат повеќе материјали и средства за работа.

12. Вршите ли измена на содржините од воспитно - образовната област ЗПОС по Ваше или барање на децата ?

Само 10воспитувачи или 13.9 % се изјасниле дека вршат измена по свое видување, 30 воспитувачи или 41.7 % вршат измена по барање на децата.

13. Како директен учесник во планирањето што би измениле во начинот на планирање по ЗПОС ?

Скоро една третина или 21 воспитувач или 29.2 % се изјасниле дека би ги вклучиле и родителите во планирањето на програмските содржини по ЗПОС, 17 воспитувачи или 23.6 % се изјасниле дека чувствуваат потреба од поголем број на насочени активности од ЗПОС во текот на неделата, 12 воспитувачи или 16.7 % се изјасниле дека би ги отфрлиле темите со сувопарни содржини, а повеќе би вклучиле теми од животот и потребите на децата со што би ги задоволиле детската љубопитност, потреби, барања и желби. 50 воспитувачи или 69.4 % сметаат дека тимското работење преку активите на воапитувачи со месечното планирање се овозможува да се почитува сечие барање за измена и дополнување ако барањето е добро образложено и поткрепено со факти.

14. Сметате ли дека е неопходно и родителите да учствуваат во планирањето и реализирањето на програмските задачи, теми, содржини и насочени активности од ЗПОС ?

За тоа дека треба и родителите да бидат вклучени во планирањето се изјасниле 59 воспитувачи или 81.9 %, а 32 воспитувачи или 44.4 % сметаат дека родителите треба да бидат вклучени во планирањето доколку имаат познавање од оваа област, додека 41 воспитувач или 56.9 % се изјасниле дека родителите треба да учествуваат во реализирањето, а не во планирањето на насочените активности по ЗПОС.

15. Дали постои евалуација во Вашата воспитно - образовна работа ?

72 воспитувачи или 100 % се изјасниле дека се врши евалуација на воспитно - образовната работа на крајот од учебната година преку годишната анлиза за воспитно - образовната работа во групата. 23 воспитувачи или 31.9 % се изјаснилие дека вршат секојдневна евалуација на воспитно - образовната работа во дневникот, со тоа што даваат реализација на насочените активности. 24 воспитувачи или 33.3 % се изјасниле дека вршат евалуација во посебни тетратки и тоа секојдневно, неделно, месечно и годишно. 25 воспитувачи или 34.7 % се изјасниле дека вршат усмена валоризација.

16. Ако постои евалуација дали водите посебна евиденција ?

47 воспитувачи или 65.3 % се изјасниле дека водат евиденција во тетратки и во дневник, но тоа е евиденција без одредена техника и инструмент и служи за интерна употреба.

17. На кој начин најчесто ја реализирате евалуацијата во воспитно - образовната работа ?

72 воспитувачи или 100 % од воспитувачите се изјасниле дека вршењето евалуација со помош на техника и инструмент не се врши, 72 воспитувачи или 100 % се изјасниле дека евалуацијата не се врши со писмено снимање, 8 воспитувачи или 11.1 % се изјасниле дека евалуацијата се врши преку разни истражувања, но тоа е инцидентно. 36 воспитувачи или 50 % се изјасниле дека евалуацијата не се евидентира туку усмено се изнесува во текот на целата учебна година при сите видови планирања.

18. Во кој тип воспитувач спаѓате ?

Од испитаните воспитувачи 64 или 88.9 % сметаат дека спаѓаат во демократскиот тип на воспитувач, додека само 8 воспитувачи или 11.1 % се изјасниле во авторитарен тип на воспитувач.

## 9.1. ЗАКЛУЧОК

Вкупните резултати добиени од интервјуирањето на воспитувачите дава голем број на согледувања, ставови и мислења кои не се за занемарување и можат да бидат насоки при концепирањето на новата програма. Од добиените резултати се потврди хипотезата дека воспитувачите ги применуваат сите форми на работа при реализирањето на воспитно - образовните содржини од воспитно - образовното подрачје ЗПОС со тоа што сите воспитувачи се изјасниле за примената на фронталната форма на работа, 70 или 97.2 % ја применуваат групната форма на работа, 71 случај или 98.6 % ја применуваат индивидуалната форма на работа и 10 случаи или 13.9 % го применуваат тандемот.

Процентот на применетите форми на работа укажуваат на друг проблем, а тоа е дека сеуште индивидуалниот пристап кон децата во текот на насочените активности од воспитно - образовното подрачје на ЗПОС не е на прво место. Зошто е тоа така и како треба да биде се нови прашања за истражување и размислување.

Одговорите на 72 воспитувачи или 100 % за стекнување на претставно - појмовното сознание на децата оди во прилог на главната хипотеза дека организацијата, начинот на планирање и реализирање на воспитно - образовните активности има влијание врз раното насочување и запознавање на децата од предучжилишна возраст со појавите и со промените во природната и општествената средина.

Резултатите од интервјуирањето укажуваат на потребата од валоризација на воспотно - образовната работа со примена на техника и инструменти. Искажувањата на воспитувачите во однос на програмските задачи, теми и содржини можат да бидат интересни и корисни при концепирањето на новата Програма.

# ДЕЛ IV

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И СУГЕСТИИ

Вреднувањето на програмските содржини од воспитно - образовното подрачје по ЗПОС во предучилишните установи е актуелен и интересен проблем кој може да се истражува во повеќе наврати, од повеќе аспекти и во различни временски интервали. Карактеристиките на овој временски период, потребата од нова програма во предучилишното воспитание и образование и вклопувањето на новите сознанија од теоријата и практиката ѝ даваaат посебен акцент и тежина на оваа проблематика. Појдовна точка при ова истражување беше постоечката Програма за воспитно - образовна дејност во предучилишното воспитание и образование. Дојдовме до сознание дека таа е ориентациона и флексибилна, но не до таа мерка за да овозможи да се задоволат сите детски интереси, потреби, барања и желби. Програмата е карактеристична по својата концепција за надминат општествен период, па затоа во себе ја содржи структуираноста со идејно - обоени сегменти и колективистичко воспитание на децата, кои ја изгубија својата вредност. Програмата обврзува на определен фонд на активности што се и временски димензионирани, што укажува на една теснотија и вкалапеност, без многу можности за индивидуализација и акцелерација во воспитно - образовниот процес, но нашите испитувања укажуваат дека поголем дел од воспитувачите веќе времетраењето на активностите го надминале со тоа што во прв ред се детските интереси, потреби, барања и желби. Ваквата концепција на Програмата во доволна мерка не овозможува третман на детето како рамноправен субјект и партнер во процесот на воспитно - образовната работа.

Општите воспитно - образовни цели и задачи на Програмата овозможуваат солидна основа за смислено, насочено и организирано воспитание и образование и до одреден степен овозможуваат правилен раст и развој, креативност и творештво што се дадени декларативно, а можностите за создавање и формирање на слободна и креативна личност прилично се дискутабилни.

Поделеноста на воспитно - образовни подрачја го отежнува сфаќањето на детето за стварноста и сé што се случува околу него, па затоа според мислењата и согледувањата на воспитувачите Програмата треба да се

